# КНИГА НА ЗАВЕТОТ – ПОВТОРЕНИ ЗАКОНИ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2021

**КНИГА НА ЗАВЕТОТ – ПОВТОРЕНИ ЗАКОНИ**

Автор: Клифорд Голдштајн

Број 4/2021

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*

**АИК „Знаци на времето“**

Одделение за саботна школа

*Подготовка:*

**Мелита Томовска**

*Коригирал:*

**Томе Трајков**

*Одговара:*

**Томе Трајков**

*За издавачот:*

**Михајло Гурев**

# СОДРЖИНА:


1. Преамбула на Повторениот закон .......................................... 7

2. Мојсеевиот час по историја.................................................. 14

3. Вечниот завет ...................................................................... 21

4. „Љуби го Господа, својот Бог“................................................ 28

5. Придојденик на твоите врати................................................ 35

6. Кој друг народ е толку голем? ............................................... 42

7. Законот и благодатта............................................................ 49

8. Избери го животот................................................................ 56

9. Пресврт во срцето ................................................................ 63

10. Спомни си и не заборавај ..................................................... 70

11. Петтата книга Мојсеева во подоцнежните списи ................ 77

12. Петтата книга Мојсеева во Новиот завет ............................ 84

13. Воскреснувањето на Мојсеј .................................................. 91


**Додаток**


Утрински стихови - октомври ..................................................... 98

Утрински стихови - ноември ....................................................... 99

Утрински стихови - декември...................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата............................................. 102

Текстови за вечерно богослужение ............................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија................... 104-106

# КНИГА НА ЗАВЕТОТ – ПОВТОРЕНИ ЗАКОНИ



Приказната се одвива вака: во текот на владеењето на царот Јосиј во Ерусалим (640 – 609 пр. н. е), некој, веројатно работејќи во храмот, нашол примерок на една книга, која е прочитана пред царот Јосиј. „Кога царот ги чу зборовите од книгата на законот, ја раскина облеката своја" (2. Царевите 22,11). Зошто? Затоа што сфатил дека тој и неговиот народ не биле послушни според тоа што било напишано таму.

А тогаш, врз основа на таа книга, наречена „книга на заветот" (2. Царевите 23,2), Јосиј ја започнал големата реформа. За реформата можеме да читаме во текстот 2. Царевите 23.

Која е таа книга што имала такво влијание на царот и неговиот народ? Се верува дека тоа е Петтата книга Мојсеева или Повторени закони, книга која ќе ја проучуваме ова тримесечје.

Последна од петте Мојсееви книги, Повторени закони, (нејзиното име потекнува од латинскиот збор деутерономиум, што значи „други закони"), би можела да се резимира на следниов начин:

Бидејќи го напуштиле Египет и склучиле завет со Бога на Синај, синовите Израелови – наместо да одат директно во Ханан – лутале низ пустината 40 години. Кога се навршиле тие 40 години и кога Евреите конечно се подготвувале да влезат во Ветената земја, Мојсеј им одржал низа говори. А суштината на тие говори била: Наскоро ќе влезете во Ветената земја. Најпосле! Не заборавајте што чинеше Господ за вас, и не заборавајте што бара сега Тој од вас, а тоа е да Го сакате со сето срце и сета душа, и таа љубов да ја покажете со послушност спрема сите Негови заповеди, во согласност со заветот.

За да ја нагласи важноста на тој завет, Мојсеј пред народот ги повторил Десетте заповеди, правната основа на заветот кој Господ најпрвин го склучил со нивните татковци, а сега тоа повторно го правел, овојпат со нив – на самите граници на Ханан.

Затоа се прашуваме: дали можеби постојат паралели меѓу она со што се соочувале децата Израелови на границите на Ветената земја, и она со што ние се соочуваме денес, исто така на границите на Ветената земја (само многу подобро)?

Така дојдовме до темата за ова тримесечје, со наслов „Сегашната вистина во 5. Книга Мојсеева“. И тоа е она со што ќе се занимаваме – со елементите на сегашната вистина, кои можеме да ги преземеме од Божјите зборови упатени кон Неговиот заветен народ.

Во ова тримесечје, 5. книга Мојсеева ќе ја разгледуваме тематски – обработувајќи ги темите како што се вечниот завет, законот и благодатта, што значи да се сака Бог и ближните и, што е најважно од сè, како 5. книга Мојсеева ни ја открива Божјата љубов, која најсилно се изразила во Исусовата смрт на крстот и Неговото воскресение.

Бездруго, огромен временски и културолошки јаз ги одвојува нашата денешна црква од црквата во пустината. Меѓутоа, она што ни е заедничко со нив можеби дури и го надминува она што нè раздвојува. На пример, зар следниве зборови не би можеле да ни се упатат и нам денес?

„Ете, Јас ве поучив за законите и уредбите, како што Господ, мојот Бог, ми нареди да ги вршите во земјата во која одите, за да ја наследите. Пазете ги и вршете ги: тоа ќе биде, во очите на народите, ваша мудрост и ваша разумност. Кога тие ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: ’Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ.‘“ (5. Мојсеева 4,5.6).

Забележете дека самите закони не биле нивната „мудрост и разум“ пред народите, туку нивната послушност кон тие законите. Тоа е секако пораката и за нас. Само една од многубројните, како што ќе видиме, во книгата Повторени закони.

*Клифорд Р. Голдштајн е уредник на нашите библиски поуки за возрасни и автор на книгата Крштевање на ѓаволот: Еволуцијата и заведувањето на христијанството (Baptizing the Devil: Evolution and the Seduction of Christianity).*

**Поука 1**
**Од 25 септември до 1 октомври 2021**

# ПРЕАМБУЛА НА ПОВТОРЕНИОТ ЗАКОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 14,12-14; Езекил 28,12-17; 1. Мојсеева 3,1-7; 1. Мојсеева 12,1-3; Дела 7,20-36; 2. Мојсеева 19,4-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој не љуби, тој не Го познал Бога, зашто Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8).**

Петтата книга Мојсеева, се разбира, не настанала во вакуум. Како и сè друго во животот, таа има свој контекст, и баш како и кога станува збор за сè друго во животот, тој контекст има важна улога во разбирањето на значењето и целта на оваа книга.

Ѝ претходи долга историја – историја која ги објаснува околностите, не само на книгата, туку и на светот и на средината што го обликувале нејзиниот контекст. Како што целта и функцијата на бришачите на ветробранското стакло би било тешко да се разберат надвор од контекстот на автомобилот, исто така тешко би било да се разбере 5. книга Мојсеева, особено во светлината на нашата тема (5. Мојсеева и сегашната вистина), надвор од контекстот во кој настанала.

Некој успеал романот „Војна и мир“ од рускиот писател Лав Толстој – околу 1.500 страници – да ги прочита само за три дена. На прашањето за што се зборува во книгата, читателот одговорил: „Станува збор за Русија“.

Да се опфатат во поуката за една седмица неколку илјади години историја пред да дојдеме до 5. книга Мојсеева, тоа би значело да се направи нешто слично. Но, ако се фокусираме на највражните подробности, можеме да го согледаме неопходниот контекст за да можеме книгата, толку богата „со сегашната вистина“, да ја разбереме на најдобар начин.

## ЉУБОВ, ДА СЕ БИДЕ САКАН

Текстот од 1. Јованово 4,8 гласи: „Бог е љубов". Колку и да се едноставни тие три збора (четири на грчки), идејата која стои зад нив е толку длабока, толку силна, што едвај можеме да ги согледаме нејзините импликации. Не се вели дека Бог сака, или дека Бог ја открива љубовта, или дека Бог е манифестација на љубовта, туку дека Бог е љубов. Тој е љубов – бидејќи љубовта е суштината на самиот Божји идентитет. Како паднати човечки суштества, со само пар килограми ткиво и малку хемикалии в глава со чија помош ја спознаваме реалноста, ние едноставно не сме способни да го сфатиме целосното значење на изразот „Бог е љубов".

Но она што можеме сосем извесно да го разбереме, доволно е да знаеме дека тоа е многу добра вест. Ако наместо „Бог е љубов", би пишувало „Бог е омраза" или „Бог е одмаздољубив" или „Бог е рамнодушен", таквото откровение за Него би можело да биде загрижувачко.

Меѓутоа, вистината за тоа дека „Бог е љубов" ни помага подобро да ја разбереме идејата дека Божјото владеење, начинот на кој Тој управува со создадениот свет, ја одразува таа љубов. Љубовта ја опфаќа вселената, можеби дури и повеќе отколку гравитацијата. Бог нѐ сака, а и ние треба за возврат да Го сакаме Бога (види 5. Мојсеева 6,5; Марко 12,30).

Љубовта, меѓутоа, за да биде љубов, мора слободно да се дава. Бог не може да изнуди љубов. Оној момент кога тоа би го направил, тоа веќе не би била љубов. Со други зборови, откако Бог на небото и земјата создал интелигентни и рационални суштества со способност да сакаат, постоел и ризик тие да не Му возвратат љубов. А некои и не Му возвратиле – и така зачнало она што ние го знаеме како големата борба.

**Зошто следните текстови имаат смисла само во контекст на слободата и ризикот кои се поврзани со љубовта? (Исаија 14,12-14; Езекил 28,12-17; Откровение 12,7).**

Особено голем увид ни пружа текстот Езекиел 28,15, кој покажува дека на тој ангел, Луцифер, иако бил совршено суштество создадено од совршениот Бог, се нашло беззаконие. Причината за тоа не е дека тој од почеток е создаден со некаква грешка. Туку, бидејќи е создаден со способноста да сака, Луцифер ја имал вистинската морална слобода, но и покрај сѐ што му е дадено („твоите облеки беа украсени со секакви скапоцени камења"), овој ангел сакал уште. Едно водело кон друго, сѐ додека, ете, не настанала „војна на небото".

**Некаде може да се купи куче-робот, кое секогаш ги извршува вашите наредби и никогаш не го валка тепихот, ниту го гризе мебелот. Меѓутоа, дали воопшто би можеле да имате некаков смислен однос со тоа „куче"? Како вашиот одговор ви помага да разберете зошто Бог сакал суштества кои навистина можат да Му ја возвратат љубовта?**

# ПАДОТ И ПОТОПОТ

Речиси секое дете што оди во училиште ја знае приказната за тоа дека на Исак Њутн му паднало јаболко врз глава. И бидна – Њутн ја открил гравитацијата! Дали навистина му паднало јаболко врз глава или не, не е толку битно. Она што е битно е што тој голем увид му овозможил на Њутн (тој всушност не ја ни открил гравитацијата – секој кој паднал, веќе знаел за неа) да сфати дека истата сила, која го предизвикала паѓањето на јаболкото (гравитацијата), исто така ја држи Месечината во орбитата околу Земјата, Земјата во орбитата околу Сонцето, и така натаму.

Тоа било важно зашто илјадници години многу луѓе верувале дека законите кои управуваат со небесата се разликуваат од оние кои управуваат со Земјата. Њутн докажал дека тоа верување е погрешно.

Иако Њутновиот придонес се однесува на област од природните закони, истиот принцип важи и за моралниот закон. Истата слобода – слободата својствена на љубовта – која довела до Луциферовиот пад на небото, довела и до падот на човекот на земјата.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 2,16.17 и 1. Мојсеева 3,1-7. Како тие стихови за совршените луѓе во совршено опкружување, кои ги создал совршениот Бог, исто така ја откриваат моќната вистина за слободата што ѝ е својствена на љубовта?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

По падот работите се движеле од лоши кон полоши, дури до таа мера што Господ рекол за човекот „дека секоја мисла во неговата памет секогаш е само зло“ (1. Мојсеева 6,5). А ако мислите на луѓето им биле лоши, сигурно такви биле и нивните дела, сè додека злото не станало толку големо што Господ го уништил сиот свет со Потопот – нудејќи му на човештвото, во извесна смисла, можност да почне од почеток, како некој вид второ создавање. Меѓутоа, како што укажува извештајот за Вавилонската кула (1. Мојсеева 11,1-9), човечкиот род изгледа сè уште имал намера да му пркоси на Бога. „Кога кулата била делумно изградена, еден нејзин дел бил предвиден за живеење на градителите; другите, сјајно уредени и украсени простории биле посветени на нивните лажни богови. Луѓето им се радувале на своите успеси и ги славеле боговите од сребро и злато, противставувајќи му се на Стопанот на небото и земјата“ (Е. Г. Вајт, Патријарси и пророци, стр. 119 оригинал). Така, освен што им ги измешал јазиците, Бог го раштркал паднатиот род ширум земјата.

**Обрнете внимание на своите мисли во текот на еден ден. Што можете да заклучите за состојбата на вашето сопствено срце?**

## ПОВИКУВАЊЕТО НА АВРАМ

Аврам (подоцна наречен Авраам) за првпат се појавува во родословот од 11. глава на 1. Мојсеева, кој следува веднаш по споменатото расејување од Вавилон.

**Прочитајте го текстот од 1. Мојсеева 12,1-3 – повикот што му го упатува Бог на Аврам. Како ние денес разбираме, гледајќи наназад по крстот, по Исусовата смрт и ширењето на евангелието, што ветил Бог дека ќе направи преку Аврам?**

---

Многу векови подоцна, апостол Павле, во настојувањето да се избори со ересите меѓу Галатјаните, укажал на повикот што му бил упатен на Аврам, напоменувајќи дека тоа бил ран израз на она што отсекогаш била Божја намера – евангелие на светот. „Знајте, пак, дека оние што се потпираат на верата, се синови Авраамови. И Писмото, предвидувајќи дека Бог преку вера ги оправдува незнабошците, однапред му благовести на Авраам: 'Во тебе ќе бидат благословени сите народи. И така, оние што веруваат, се благословени заедно со верниот Авраам'" (Галат. 3,7-9).

Повикувањето на Аврам прв пат се споменува во текстот 1. Мојсеева 12. Поголем дел од остатокот на 1. книга Мојсеева е сторија за неговите потомци по крв – за еден нефункционален потомок по друг – кои создавале едно хаотично семејство по друго, а сепак, на крајот преку нив требало да се исполни ветувањето, достигнувајќи го пресвртниот момент со повикувањето на Мојсеј.

**Прочитајте го текстот Дела 7,20-36 – зборовите со кои маченикот Стефан го опишува Мојсеј и Излегувањето од Египет. Како се вклопува тоа во ветувањето што Бог првобитно му го дал на Аврам?**

---

Во свет потонат во незнаење, грев и општо непознавање на вистината (работите не се промениле многу за нешто повеќе од три илјади години, зар не?), Господ повикал еден народ, својот народ, Аврамовото семе, од Египет. Преку нив настојувал не само да го зачува спознавањето на вистината, односно знаењето за Него, Јахве, и планот на спасението, туку и да го прошири тоа знаење на остатокот од светот.

**Како ние денес, како адвентисти на седмиот ден, се гледаме себеси во однос на остатокот на светот? Односно, кои паралели постојат меѓу нас и древниот Израел? Што е уште поважно, каква одговорност полага таа паралела на секој од нас поединечно?**

## ЗАВЕТОТ НА СИНАЈ

Излегувањето од Египет и сѐ во врска со него, од крвта на довратнику до драмата на Црвеното Море – какво искуство е тоа! Несомнено е дека сето тоа оставило силен впечаток на оние кои тоа го преживеале. (А на оние кои умреле, од првородените деца во Египет до војниците на дното од морето, Бог ќе им суди чесно.) Како што рекол Господ: „Вие видовте што им направив на Египетците; како ве носев на орелски крилја и ве доведов при Себе“ (2. Мојсеева 19,4).

Зошто Господ го презел тоа вџашувачко и драматично спасување, изведувајќи еден народ од друг народ? „Или“, како што самиот Мојсеј вели: „Или, дали се обиде некој бог да отиде и да си земе за себе еден народ, од средина на друг народ, со искушенија, со знакови, со чудеса и со војна, со цврста рака и со испружена мишка, покрај силни страволтии, како што сѐ тоа го направи за вас, пред вашите очи, Господ, вашиот Бог, во Египет?“ (5. Мојсеева 4,34)

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 19,4-8. Зошто Господ го повикал народот да излезе од Египет?**

---

Тоа било толку едноставно. Бог ги повикал да излезат – го повикал „семето“, потомците на отците – Аврам, Исак и Јаков. Со тие потомци Господ го воспоставил својот завет, и тие навистина ќе бидат „посебна сопственост, покрај сите народи – па Мој е целиот свет“ (2. Мојсеева 19,5). Тој однос бил од суштинско значење за заветот.

Меѓутоа, таа идеја за „посебно богатство“ (segullah), можела да биде (а и била) погрешно сфатена. Нивната посебност не произлегувала од некаква светост и праведност која на ним самите им била својствена. Таа всушност се состоела во Божјата благодат која им е дадена и во чудесните вистини кои им се доверени – вистини кои требало да ги следат и, како „царско свештенство“, во крајна линија да ги рашират по целиот свет.

Тогаш Бог им дал и некои одредби на заветот (таканаречен нивен дел од спогодбата) – Десетте заповеди (2. Мојсеева 20), а потоа заветот е ратификуван. Откако новоизградениот олтар бил испрскан со крвта на жртвата, Мојсеј „ја зеде Книгата на Заветот, па му ја прочита гласно на народот“ (2. Мојсеева 24,7). Притоа народот повторно изјавил дека ќе биде послушен.

**„Зашто Мојсеј, откако ги прочита сите заповеди од Законот пред сиот народ, зеде крв телешка и јарешка со вода, и со црвена волна и со исоп ја пороси како самата книга, така и сиот народ, велејќи: ’Ова е крвта на заветот што ви го одреди Бог‘“ (Евреите 9,19.20). Што означува крвта, и зошто таа е толку важна дури и за нас денес?**

## ОТПАДНИШТВО И КАЗНА

„Ќе правиме сѐ што нареди Господ“ (2. Мојсеева 19, 8; исто така, видете и 2. Мојсеева 24,3; 2. Мојсеева 24,7). Иако луѓето, несомнено, секогаш кога ги изговарале тие зборови, навистина тоа и го мислеле, светата историја, за жал, покажува дека нивните постапки секогаш одново им противречеле на она што го зборувале. Иако биле изабран народ, иако слободно стапиле во завет со Господа, не го одржале својот дел од договорот, кој всушност се сведувал на едно.

**Која компонента во врска со заветот била од пресудна важност за Израел? (2. Мојсеева 19,4.5).**

_______________________________________________________________

Повикот да Му се покоруваме на Бога, да го почитуваме Неговиот закон, ни тогаш не бил легализам ништо повеќе отколку што е денес тоа (видете Матеј 7,24-27; Јован 14,15; Јаков 2:20; Римјаните 6,11.12), а сепак, децата на Израел секогаш одново пропуштале да го испочитуваат својот дел од спогодбата.

Навистина многу рано, додека Синајската Гора сѐ уште им била во видокруг, тие паднале во тешко отпадништво (видете 2. Мојсеева 32,1-6). За несреќа, неверството изгледа им било повеќе правило отколку исклучок, па, наместо веднаш да влезат во Ветената земја, 40 година талкале низ пустината.

**Прочитајте го текстот 4. Мојсеева 14,28-35. Каква казна му е изречена на народот поради одбивањето да Му верува на Господа во врска со она што им го рекол да го сторат?**

_______________________________________________________________

Во тоа време, како и денес, до непослушност често доаѓало не само од непосреден бунт (иако се случувало и тоа), туку и од неподготвеноста да поверуваме во она што ни го говори Бог. Она што тој грев на Израел го прави уште поразорен е фактот дека сите тие луѓе, како што вели самиот Бог, „ги видоа Мојата слава и знаците што ги направив во Египет и во пустината, па сепак ме искушуваа десетпати не сакајќи да го послушаат Мојот глас“ (4. Мојсеева 14,22). И покрај сето она што го виделе и искусиле, и понатаму одбивале да се покорат на Господа и да ја заземат, и покрај Божјите ветувања дека ќе успеат во тоа (4. Мојсеева 13–14).

**Размислете за ова што е речено – колку често непокорноста произлегува од недостаток на доверба во Божјата реч што ни е упатена? Зошто е тоа така и како можеме навистина да научиме како да имаме доверба во Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

За подлабоко и добро осмислено проучавање на темата за Големата борба, засновано на идејата за Бога кој е љубов, а напишано од страна на еден адвентист на седмиот ден, обрнете внимание на делото на Џон Пекам „Теодицеја на љубовта: Космичкиот судир и проблемот на злото“. Фактот дека тоа дело го објавила една неадвентистичка издавачка куќа покажува како добрата библиска наука може да ја открие стварноста на Големата борба каква што е прикажана во Светото писмо.

„Накратко, тврдам дека Божјата љубов (сфатена правилно) се наоѓа во средиштето на космичкиот спор и дека Божјата посветеност на љубовта пружа морално доволна причина за тоа што Тој допушта зло, со значајни последици за разбирањето на божествената промисла која дејствува во рамките на она што јас го нарекувам заветни правила на обврзаноста“ (John C. Peckham, *Theodicy of Love: Cosmic Conflict and the Problem of Evil*; Grand Rapids, MI: Baker Academic, 2018, p. 4).

„Одлуката Израелците четириесет години да не влезат во Ханан претставувала горко разочарување и за Мојсеја и Арона, за Халева и Исуса Навина; сепак, тие Божјата одлука ја примиле без мрморење. Но оние што се жалеле против Божјето постапување со нив и кои велеле дека ќе се вратат во Египет, многу плачеле и се јадосувале кога им биле скусени благословите што до тогаш ги презирале. Порано се жалеле за безначајни работи, а сега Бог им дал причина за плачење. Да плачеле заради својот грев кој верно им бил предочен, не би била изречена ваква осуда. Меѓутоа, тие плачеле само поради казната. Нивната болка не одразувала каење, па и не можела да ја избегне пресудата“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 392, оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за прашањето за слободната волја и љубовта. Зошто љубовта, за да биде љубов, мора слободно да се дава? Земајќи ги предвид толкубројните патила на овој свет, некои би рекле дека љубовта не е вредна за сето тоа. Како вие би одговориле на таа дилема?**
2. **Бидејќи послушноста зазема толку значајно место во целата Библија, што би бил тогаш легализмот? Што е тоа што трудот да се биде верен на Бога и на Неговата реч може да се претвори во стапица на легализмот?**
3. **Разговарајте за прашањето што е поставено пред крајот на проучувањето предвидено за вторник, во врска со паралелите меѓу древниот Израел и Адвентистичката црква на седмиот ден. Кои се тие паралели и зошто треба да бидеме загрижени поради нив?**

**Поука 2**
**Од 2 – 8 октомври 2021**

# МОЈСЕЕВИОТ ЧАС ПО ИСТОРИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 1-3; 2. Мојсеева 32, 29-32; 4. Мојсеева 14; Ефесјаните 3,10; 1. Мојсеева 15, 1-16; Јован 14,9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И сите јадеа иста духовна храна; и сите пиеја исто духовно пиење; зашто пиеја од духовната карпа, што ги придружуваше; а таа карпа беше Христос“ (1. Коринќаните 10,3.4).**

„Ова се зборовите што Мојсеј му ги упати на сиот Израел...“ (5. Мојсеева 1,1). Така почнува 5. Книга Мојсеева. Иако, навистина, Мојсеј и неговата присутност доминираат во книгата, од тие воведни зборови па сè до неговата смрт во земјата Моав (5. Мојсеева 34,5), 5. Мојсеева (како и целата Библија) всушност говори за Господа Исуса. Зашто, Тој е Оној кој нè создал (1. Мојсеева 1,2; Јован 1,1-3), кој нè одржува (Колошаните 1,15-17; Евреите 1,3) и избавува (Исаија 41,14; Тит 2,14). А во поширока смисла на зборот, 5. Книга Мојсеева открива како Господ продолжува да го создава, одржува и избавува својот народ во овие пресудни мигови од историјата на спасението.

Во основа, непосредно пред децата Израелови конечно да влезат во Ханан, Мојсеј им одржал час по историја, а тоа е мотив кој се повторува низ целата Библија – сеќавајте се што правел Господ за вас во минатото.

Тоа би требало да биде значајна опомена и за нас кои се наоѓаме на границите на една подобра Ветена земја: „Кога ќе се осврнам на нашето минато, минувајќи со мислите низ секој чекор од нашиот напредок, до местото на коешто се наоѓаме денеска... јас сум полна со восхит и со доверба во Христа како водач. Немаме од што да се плашиме во иднина, освен ако не заборавиме како Господ нè водел и учел во минатото“ (Ellen G. White, Life Sketches, p. 196).

## МОЈСЕЕВАТА СЛУЖБА

Мојсеевото присуство се чувствува во целата Библија. Иако неговото име воопшто не се споменува сѐ до текстот 2. Мојсеева 2,2, тој го напишал и Битие или Постанок (1. Мојсеева), Божјата меродавна и темелна приказна за тоа кои сме ние, како сме стасале овде, зошто работите се толку лоши како што се, а сепак, зошто и покрај тоа можеме да имаме надеж. Создавање, Падот, ветувањето за откупување, Потопот, Аврам, евангелието – сето тоа има свои корени во Постанок, а автор на таа книга е пророкот Мојсеј. Тешко е соодветно да се измери влијанието кое тој човек, не баш беспрекорен, сепак успеал да го изврши за Бога, затоа што Го сакал и сакал да Му служи.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 32,29-32, во кој е забележан разговорот меѓу Господа и Мојсеја по страшниот грев со златното теле. Каков увид ни нуди таа приказна во врска со Мојсеевиот карактер, и зошто, и покрај неговите мани, Господ сепак можел да го употреби на толку моќен начин?**

Иако самиот немал никаква врска со тој грев, Мојсеј се зазел за грешниот народ до таа мера што дури бил подготвен да ја изгуби и сопствената душа поради нив. Што е особено фасцинантно, во текстот 2. Мојсеева 32,32, кога Мојсеј бара од Бога да им го „прости гревот“, тој всушност го користи глаголот „носи“. Така Мојсеј – сфаќајќи ја тежината на гревот и на она што било потребно за да се искупи – всушност барал Бог да го „понесе“ нивниот грев. Зашто тоа, на крајот на краиштата, е единствениот начин на кој нивниот грев, и воопшто на кој било грев, би можел да биде простен.

Значи тука имаме, многу рано во Библијата, моќна најава за замена, со која самиот Бог, во личноста на Исуса Христа, ќе ги понесе целосниот товар и казната за нашиот грев – тоа е Божјиот однапред одреден начин да го спаси човештвото, а истовремено да остане верен на начелата на своето владеење и законот.

И навистина, многу векови подоцна Петар пишува за Исус дека „Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: ’Преку Неговата рана се исцеливте‘“ (1. Петрово 2,24).

Во меѓувреме, она што го гледаме во таа приказна за Мојсеј и неговата реакција на гревот на народот е – Мојсеј во улога на посредник во корист на паднатите, грешни луѓе – претслика на она што Исус ќе го стори за сите нас (видете Евреите 7,25).

**Подготвен да ја изгуби сопствената душа во полза на својот народ? Размислете повнимателно за импликациите на тие зборови. Што можеме ние сами да научиме од нив кога станува збор за тоа што значи навистина да се сакаат другите?**

# ИСПОЛНЕТО ПРОРОШТВО

И покрај некои заблуди кои мнозина се обидуваат да ги прогласат за вистина (како што е онаа дека нашиот универзум настанал самиот од себе „од ништо“, или дека сиот живот на Земјата настанал случајно од прости хемиски соединенија), современата наука сепак ни пружила некои вчудовидувачки увиди во Божјата создателска сила. Усогласеноста, рамнотежата и прецизноста на многубројните аспекти на природниот свет, дури и во неговата падната состојба, и понатаму предизвикува восхит кај оние што ги проучуваат.

А ако Бог е толку прецизен кога станува збор за физичките појави, сигурно е исто толку прецизен и во врска со она што е духовно. Па така, во воведните стихови на 5. Мојсеева, можеме да видиме уште некои примери на Божјата неверојатна прецизност.

**Прочитајте 5. Мојсеева 1,1-6. Какво пророчко значење има фактот што текстот 5. Мојсеева 1,3 зборува за „четириесеттата година“?**

По фијаското, кога Мојсеј ги пратил согледувачите од Кадис-Варниј да ја истражат земјата, а народот го одбил повикот таа земја да ја освои – што се случило? Речено им е дека нема да влезат во Ветената земја како што се надевале. И колку долго требало да чекаат за да влезат? „Според бројот на деновите во кои ја согледувавте земјата – четириесет денови; за секој ден една година – четириесет години ќе ги носите вашите беззаконија, за да знаете што значи да се биде оттуѓен од Мене“ (4. Мојс. 14,34).

Оттаму, 5. Мојсеева поаѓа од четириесеттата година, точно онолку како што им рекол Бог. Со други зборови, Божјата пророчка реч е сигурна како и самиот Бог, а она што го гледаме овде, во воведните стихови на 5. Мојсеева е уште еден доказ на таа доверливост, сигурност – то ест, Бог ќе го стори она што ќе кажува да ќе го стори, и тоа во она време во кое вели дека ќе го стори.

Секако, тоа не е единствениот пророчки временски период кој се исполнил токму онака како што рекол Бог. Ако се осврнеме station наназад од нашата денешна позиција, можеме, на пример, во текстот Даниел 9,24-27 да го најдеме временскиот период кој се однесува на Исусовата служба, а кој се исполнил токму онака како што рекол Господ. Можеме да видиме дека „едно време и за две времиња и за половина време“ (Даниел 7,25; видете и Откровение 12,6.14; Откровение 13,5) се исполнило во текот на историјата, како и периодот од 2.300 дена од текстот Даниел 8,14.

Освен прецизните временски елементи, пророштвата од 2, 7 и 8. глава на Книгата на пророкот Даниел, кои толку точно и прецизно ги предвиделе настаните од светската историја, ни пружаат и непобитни докази за Божјото предзнаење, Неговата власт и сигурност.

**Можеме да видиме дека Господ верно ги исполнил сите пророштва од минатото, точно онака како што и предвидел. Зошто тоа би требало да нè увери дека можеме да бидеме сигурни во Него и во врска со она што рекол дека ќе се случи, а што сè уште е некаде во иднината?**

# ИЛЈАДАПАТИ ПОБРОЈНИ

По долгото и макотрпно патување низ пустината, Мојсеј, зборувајќи во Господово име (бил пророк, иако, всушност и повеќе од пророк), изјавува: „Ете, пред вас ја ставам оваа земја. И така, отидете и заземете ја земјата за која Господ им се заколна на вашите татковци, на Авраама, на Исака и на Јакова, дека ќе им ја даде ним и на нивното потомство по нив“ (5. Мојсеева 1,8).

Меѓутоа, воочете што се случува понатаму.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 1,9-11. Какво значење имаат тие зборови, особено во светлината на фактот дека тие, во една многу реална смисла, биле казнети од Бога поради бунтот во Кадис-Варниј?**

________________________________________

________________________________________

Овде гледаме уште еден пример на Божјата милост. Дури и во текот на лутањата низ пустината, тие биле благословени: „Четириесет години ги хранеше во пустината; но ништо не им недостасуваше, облеката не им оветвуваше, нозете не им потекуваа“ (Немија 9,21).

А Мојсеј, повторно покажувајќи ја љубовта спрема својот народ, Го моли Бога да ги умножи илјадапати повеќе отколку што тоа веќе го сторил!

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 1,12-17. Што се случувало како директна последица од Божјиот благослов врз нив, и какви чекори презел Мојсеј за да излезе на крај со таа ситуација?**

Затоа, дури и тогаш кога Господ бил толку моќно присутен меѓу нив, имало потреба од организација, од структура, од систем на одговорност. Израел бил qahal, организиран собир (видете 5. Мојсеева 31,30), зачеток на новозаветна еклесија, што е грчки израз за „црква“ (видете Матеј 16,18). А апостол Павле, иако дејствувал во поинаков контекст, никогаш не бил далеку од своите еврејски корени, па така во 1. Коринќаните 12 гледаме како јасно ја опишува потребата од луѓе кои ќе бидат оспособени да преземат различни улоги со цел правилно функционирање на телата, исто како што гледаме овде во 5. Мојсеева, и како што постоел qahal во пустината. Црквата денес, како qahal во она време, треба да биде единствено тело во кое луѓето ќе преземаат различни улоги во согласност со своите дарови.

**Иако понекогаш слушаме како луѓето ја критикуваат „организираната“ религија (што би сакале тие повеќе – „неорганизирана“ религија?), Божјата реч, особено Новиот завет, не признава ниеден друг вид религија освен организираната.**

## КАДИС-ВАРНИЈ

Сенка се надвила над почетните делови од 5. книга Мојсеева, сенка над Кадис-Барнеа. Таа несреќна приказна, како што видовме, ја претставува непосредната заднина на 5. Мојсеева и вреди да се погледне одблизу.

**Прочитајте го текстот 4. Мојсеева 14. Како реагирал народот на извештајот на согледувачите и какви биле последиците од нивната реакција? (Исто така, да се види 5. Мојсеева 1,20-46.)**

---

Од оваа приказна можеме да извлечеме многу важни поуки, но една од нив која повторно ќе се појави во таа книга, може да се најде во текстот 4. Мојсеева 14.

**Прочитајте 4. Мојсеева 14,11-20. Иако тука повторно го гледаме Мојсеј во улога на посредник, што е посебно значајно во неговото образложување пред Господа зошто Тој не би требало да го уништи народот?**

---

Размислете за тоа што всушност Мојсеј Му зборува на Бога. „Ако го сториш тоа, види како ќе изгледаш во очите на Египќаните и на останатите народи во тоа подрачје.“ Тоа е важно зашто, на крајот на краиштата, сѐ што Бог сакал да направи со Израел, не било толку важно поради нив самите, колку што било важно поради човештвото како целина. Израелскиот народ требало да биде светлината на светот, сведок на припадниците на древните народи за љубовта, силата и спасението кои се наоѓаат во вистинскиот Бог, а не во идолите кои тие народи ги обожавале.

Меѓутоа, како што забележал Мојсеј, ако Бог го уништел својот народ, што би се случило тогаш? Другите народи би рекле: „Господ беше немоќен да го доведе овој народ во земјата што му ја вети под заклетва, и затоа го погуби во пустината“ (4. Мојсеева 14,16).

Со други зборови, тоа што го гледаме тука е тема која се провлекува низ целата Библија – мислата дека Бог треба да се прослави во својот народ – дека Божјата слава, добрината, љубовта и силата се откриваат во Неговата црква преку она што Тој го прави за својот народ. Се разбира, Неговиот народ не му ја олеснува секогаш таа работа, но Бог на крајот сепак ќе се прослави преку своите дела на земјата.

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 3,10. Што кажува тука Павле и како се остварува тоа? Како „многуразличната премудрост“ Божја се открива во целата вселена? Каква улога имаме ние како поединци, ако воопшто имаме, во сето тоа?**

## ГРЕВОТ НА АМОРЕЈЦИТЕ

Во 2. и 3. глава од 5. Книга Мојсеева, Мојсеј продолжува да ја прераскажува израелската историја и да го потсетува народот како, со Божји благослов, ги разбивале своите непријатели. Кога биле верни, Бог им давал победа, дури и над „џинови“ (5. Мојсеева 2, 11.20; 3,13).

Секако, тоа отвора една тешка тема, која мораме макар и да ја допреме, во врска со уништувањето на тие народи. Иако децата Израелови често прво му нуделе мир на некој определен народ (5. Мојсеева 20,10.11), ако тој народ не ја прифател понудата, Израелците понекогаш влегувале и ги убивале сите, вклучувајќи ги и жените и децата. „Тој се нафрли и сиот негов народ. Но Господ, нашиот Бог, ни го предаде, така што ги поразивме него, неговите синови и сиот негов народ. Тогаш ги освоивме сите негови градови и ги предадовме на проклетство сите негови градови со мажите, жените и децата, не штедејќи ништо“ (5. Мојсеева 2,33.34).

Некои се обидуваат тоа да го заобиколат, едноставно тврдејќи дека тие приказни не се вистинити. Но, бидејќи ние веруваме дека „Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност“ (2. Тимотеј 3,16), тоа е неприфатлива опција за адвентистите на седмиот ден. Затоа ни останува тешкото прашање во врска со тие немили настани.

**Прочитајте 1. Мојсеева 15,1-16. Што му рекол Бог на Аврам во текстот 1. Мојсеева 15,16, и како тоа фрла мала светлина на таа мачна тема?**

---

Несомнено е дека многу од тие пагански народ биле исклучително брутални и сурови, и дека можеле оправдано да се соочат со Божјиот гнев и казна и многу порано. Тоа е вистина, но дури и ако Бог трпливо чекал да се променат, а тие тоа не го сториле – тоа сè уште не ја менува непријатната реалност за погубувањето на сите, вклучувајќи и деца. (Секако, веројатно се убиени многу повеќе деца во Потопот отколку што ги убиле Израелците.)

Факт е дека засега, со оглед на ограничените податоци што ги имаме за целосниот контекст на настаните, едноставно треба да ја прифатиме таа мачна реалност и да веруваме во Божјата добрина, која се открила на толку многу други начини. Верата не значи само да се сака Бог на убав ден, во прекрасна шума полна со волшебни глетки и звукови. Таа исто така значи да се верува во Него и покрај сето она што не го разбираме во целост.

**Прочитајте ги текстовите 1. Коринќаните 10,1-4 и Јован 14,9. Како тие стихови, и многу други како нив, ни помагаат да научиме да веруваме во Божјата љубов, правда и добрина, дури и кога гледаме нешто што ни е тешко да го вклопиме со таквото сфаќање на Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Еве како еден научник се обидел да одговори на тешките прашања во врска со постапките на Израелците спрема некои од тие народи:

„Како Создател на сè што постои и на сите човечки суштества, како суверен Владетел над сите, Бог може да прави што и да посака со кого било, и тоа со полно право...

Божјите патишта се таинствени. Бидејќи никогаш нема во целост да Го разбереме, можеби не треба премногу да се мачиме со тие прашања. Текстот Исаија 55,8-9 ни пружа извесна утеха во таа смисла.

Според сликата што ја наоѓаме во Библијата, хананејските народи биле исклучително зли, а нивното уништување претставувало Божји суд над нивните гревови. Тоа не било ни прв ни последен пат Бог така нешто да направи. Разлика помеѓу судбината на Хананејците и судбината на целото човештво (освен Ноевото семејство), како што е опишана во текстот 1. Мојсеева 6-9, се состои само во размерот на настаните и средствата за извршување...

Бог никогаш немал намера политиката на „херем“ (тотално уништување) да стане вообичаена политика на Израелците спрема другите народи. Текстот 5. Мојсеева 7,1 изрично ги именува и со тоа ги ограничува целните народи. На Израелците не им било дозволено да ја применуваат истата политика спрема Арамејците, Едомците, Египќаните, ниту спрема кој било друг (споредете 5. Мојсеева 20,10-18)...

Хананејците ја доживеале судбината со која на крајот ќе се соочат сите грешници – Божјиот суд...

Божјата елиминација на Хананејците била неопходен чекор во историјата на спасението...

Иако хананејските народи како целина биле предмет на Божјата осуда, тие на тоа биле предупредени најмалку четириесет години однапред (видете ја Равината исповед во текстот Исус Навин 2,8-11).“ (Daniel I. Block, The NIV Application Commentary: Deuteronomy; Grand Rapids, Mich.: Zondervan, 2012, pp. 98, 99).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете за нашето сфаќање на милениумот, според кој ќе имаме илјада години за да ги добиеме одговорите на сите наши прашања? Како тоа сфаќање ни помага да научиме да Му веруваме на Бога и покрај сите тешки прашања што ги имаме сега?**
2. **На кои начини Бог ве водел во минатото, што ви помага да научите да Му верувате во иднина? Зошто е важно да не се заборавиме како дејствувал Бог порано во нашиот живот?**
3. **Осврнете се на прашањето поставено на крајот на проучувањето предвидено за недела – за Мојсеевата подготвеност да ја изгуби сопствената душа во полза на својот народ. Дали тоа е исправен став? Што е доволно вредно, ако такво нешто постои, поради што би ја изгубиле својата душа, особено ако земеме предвид колку чинело нејзиното искупување?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 3**
**Од 9 – 15 октомври 2021**

# ВЕЧНИОТ ЗАВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 12,1-3; Римјаните 4,1-5; 2. Мојсеева 2,24; 5. Мојсеева 5,1-21; 5. Мојсеева 26,16-19; 5. Мојсеева 8,5; Матеј 28,10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Го склучив Својот Завет меѓу Мене и тебе и твоето потомство, после тебе – Свој вечен Завет за векови: Јас ќе ви бидам Бог тебе и на твоето потомство, после тебе“ (1. Мојсеева 17,7).**

„И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6). Воочете, тоа е „вечно евангелие“ – вечно во смисла секогаш постојно, во смисла дека отсекогаш било тука, во смисла дека ни е ветено во Исуса Христа „пред вечни времиња“ (Тит 1,2).

Оттаму, не чуди што Библијата на други места зборува за „вечниот завет“ (1. Мојсеева 17,7; Исаија 24,5; Езекиел 16,60; Евреите 13,20), зашто суштината на евангелието е заветот, а суштината на заветот е евангелието – Бог во својата спасоносна благодат и љубов ви го нуди она што не го заслужувате и што никако не можете да го заработите, а вие одговарате така што Му возвраќате со љубов „со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила“ (Марко 12,30) – љубов која се изразува преку послушност спрема Неговиот закон: „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованова 5,3).

Оваа седмица ќе ја разгледуваме идејата за заветот, како е изразена во 5. книга Мојсеева, во која заветот и сето она што го подразбира заветот јасно се покажува.

## ЗАВЕТОТ И ЕВАНГЕЛИЕТО

Во целата Библија законот и евангелието се јавуваат заедно. Иако идејата за заветот постоела и пред израелскиот народ (на пример, заветот со Ное), и иако заветното ветување е дадено уште пред воопшто да постоел израелскиот народ, тоа е посебно нагласено преку Божјиот однос со Неговиот народ, почнувајќи од нивните татковци, патријарсите.

А веќе од самиот почеток, средишната вистина на заветот била евангелието – спасение само со вера.

**Прочитајте ги текстовите: 1. Мојсеева 12,1-3; 1. Мојсеева 15,5-18 и Римјаните 4,1-5. Кое заветно ветување му е дадено на Аврам (подоцна Авраам) и како во тоа заветно ветување се открива евангелието?**

___

Аврам Му верувал на Бога, верувал во Божјите ветувања кои му биле дадени и со тоа бил оправдан пред Бога. Таа изјава, меѓутоа, не подразбира евтина благодат. Аврам настојувал да го одржи својот дел од заветот со послушност, како што се гледа во текстот 1. Мојсеева 22, на горат Морија – и покрај тоа што „ верата му се смета за праведност“ (Римјаните 4,5). Затоа апостол Павле со векови подоцна го наведува Аврам како пример за тоа што значи да се живее според заветните ветувања што Бог му ги дал на својот народ.

Таа тема се повторува повеќепати во Библијата. Павле ја воведува по вторпат во Галатјаните 3,6, каде повторно го цитира текстот 1. Мојсеева 15,6, според кој верата на Аврам „му се смета за праведност“, и потсетува на ветувањето кое за првпат му било дадено на Аврам, за тоа дека сите народи ќе бидат благословени преку него (Галатјаните 3,9). Заветните ветувања им се даваат на сите, на Евреите и на незнабошците, кои се „од верата“ (Галатјаните 3,7), и кои на тој начин се оправдани со верата без делата на законот – колку и да се обврзани, врз основа на заветот, да го почитуваат законот.

Дури и пророкот Еремија, кога зборува за Новиот завет, го прави тоа во контекст на законот: „Но еве го заветот, што ќе го склучам со домот Израелов по оние дни, вели Господ: ќе го вложам Мојот закон внатре во нив, и ќе го напишам во срцата нивни, па Јас ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ“ (Еремија 31,33), подражавајќи го јазикот кој досега до 3. Мојсеева: „Ќе одам меѓу вас и ќе ви бидам Бог, а вие ќе бидете Мој народ“ (3. Мојсеева 26,12).

**Како заветната идеја за законот и евангелието се вклопува толку совршено со пораките на трите ангели од Откровение 14 – Божјата последна опомена на светот?**

## ЗАВЕТОТ И ИЗРАЕЛ

**„Ти не одиш да ја земеш во сопственост нивната земја заради својата праведност и заради чесноста на своето срце, туку затоа што Господ, твојот Бог, заради опакоста на оние народи ги изгонува нив пред тебе, за да го одржи зборот со кој им се заколна на твоите татковци: Аврам, Исак и Јаков“ (5. Мојсеева 9,5; исто така, да се види 5. Мојсеева 9,27). Како се огледува реалноста на заветните ветувања во тој стих?**

И овде се појавува заветот на благодатта – Бог работел за нив во прилог – и покрај нивните постојани грешки. (Може да се каже дека евангелието и денес функционира на ист начин.) И токму поради ветувањето дадено на нивните татковци, Божјата благодат е подарена на нивните идни генерации.

Во своите обраќања на народот на кој му се дадени заветните ветувања како целина, Мојсеј често се осврнувал на заветните ветувања што им биле дадени на патријарсите.

**Прочитајте ги следниве текстови: 2. Мојсеева 2,24; 2. Мојсеева 6,8 из3. Мојсеева 26,42. Што е речено во нив а ни помага да откриеме како функционираат заветните ветувања?**

---

---

Излегувањето од Египет, големиот симбол на Божјата спасоносна благодат, исто така се засновало на заветот што Господ го склопил со нивните татковци. Односно, дури и пред да се родат носителите на заветот, ветувањата се дадени во нивна корист. Така тие, без никакви сопствени заслуги (во најмала рака), го примиле ветеното избавување, што Бог го издејствувал за нив преку чудата и настаните во текот на излегувањето од Египет.

Тука работите, секако, не завршиле. Отишле од Египет – каде? Да, под Синај, каде „официјално“ е воспоставен заветот со нив (видете 2. Мојсеева 20). А во средиштето на тој завет биле евангелието и законот, Десетте заповеди, со кои се повикани да се потчинат, како израз на нивниот спасоносен однос со Господа, кој веќе ги избавил (евангелие). Затоа тие секогаш одново биле повикувани на послушност на тој закон, како удел во заветот кој е потврден на Синај.

**Каква улога Божјиот закон би требало да има во нашиот живот денес – за нас кои сме спасени со благодатта – и зошто тој е толку пресуден за нашето искуство со Бога?**

## КНИГАТА НА ЗАВЕТОТ

Иако идејата за заветот (берит на хебрејски), со кој се опишува односот на Бога со Неговиот народ, се провлекува низ целата Библија, тој збор во 5. Мојсеева се појавува толку често што таа книга е прогласена за „Книга на заветот“.

**Разгледајте го текстот 5. Мојсеева 5,1-21. Што се случува тука што открива колку е битна идејата за заветот (берит) во 5. Мојсеева?**

---

Не по долго време откако децата Израелови се избавени од Египет, Бог со нив го воспоставил заветот на Синај, непосредно пред да влезат во Ветената земја. Потоа, по четириесетте години лутање, повторно пред влегувањето во Ветената земја, што било клучен дел од заветното ветување (да се види 1. Мојсеева 12,7; 2. Мојсеева 12,25), Господ повторно, преку Мојсеј, им ги дава Десетте заповеди – како начин повторно да нагласи колку е важно за нив да ги обноват и своите заветни обврски.

Да, Господ токму тогаш требало да ги исполни заветните ветувања што им ги дал. Меѓутоа, тие сега биле должни да го исполнат својот дел од заветот: „Ви го објави Својот завет и ви наложи да ги вршите – Десетте заповеди, што ги напиша на две камени плочи“ (5. Мојсеева 4,13). Го направил тоа на Синај, а сега тоа го повтори во Моав, непосредно пред да ја заземат земјата која им била завештана со ветувањата што им биле дадени на нивните татковци векови порано, како израз на „вечниот завет“ кој претходел дури и пред постоењето на светот.

„Пред да бидат поставени темелите на Земјата, Отецот и Синот се соединиле во завет да го откупат човекот ако сатаната го победи. Ги стегнале рацете и си дале свечен завет дека Христос ќе стане гаранција за човечкиот род. Христос го исполнил ова свечено ветување“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 834, оригинал).

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 5,3. Како го разбираме овој стих?**

---

Всушност, што им зборувал Мојсеј? Најверојатно сакал да го истакне фактот дека повеќе ги нема нивните татковци, па дека прекрасните заветни ветувања, некогаш дадени на нивните татковци, сега им се даваат ним. Веројатно тоа бил Мојсеов начин да им стави на знаење дека не би требало да ги повторат грешките на претходните генерации. Ветувањата (но и обврските) сега им припаѓаат ним.

## НЕГОВИОТ ПОСЕБЕН НАРОД

Нам денес ние е доста тешко да сфатиме како изгледал древниот свет во времето кога Израел лутал низ пустината. Со оглед дека настанувале и исчезнувале цели царства, од кои останувале само урнатини (ако воопшто и останувале), што воопшто можеме да знаеме за многу помалите пагански народи кои живееле на истото подрачје како и Израел?

Не знаеме баш многу, но во едно сме сигурни: тие народи биле длабоко навлезени во паганизам, политеизам и некои крајно недостојни обичаи, вклучувајќи жртвување деца. Обидете се да замислите колку изопачена и зла била таа култура и религија, за да прави нешто такво на сопствените деца, и тоа во име на некој бог!

Не е никакво чудо што Господ секогаш одново, низ сета историја на древниот Израел, го предупредувал својот народ да не ги следи обичаите на народите кои ги опкружувале. „Кога ќе влезеш во земјата што ти ја дава Господ, твојот Бог, не приучувај се на одвратните гнасности на оние народи“ (5. Мојсеева 18,9).

А причината за тоа е што Бог го повикал својот народ со посебна цел. Стапувајќи во завет со Бога, тие требало да станат посебен народ, сведок пред светот за Бога, кој ги создал небото и земјата – единствениот Бог.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 26,16-19. Како е збиено претставен односот меѓу Бога и Израел во тие стихови? Како нивната верност спрема заветот требало да се изрази преку тоа каков вид луѓе ќе станат? Каква поука за себе треба да извлечеме и ние од тоа?**

---

Колку е фасцинантно тоа што Мојсеј ги започнува тие четири стихови со зборот „денес“, како Бог во тој момент, повторно, да им заповедал тоа да го прават (тој ја повторува истата идеја во 17. стих). Тој, всушност, цело време им заповедал едно исто. Како да им велел дека токму во тој момент треба повторно да се обврзат дека ќе бидат верни, свети и посебни луѓе, што е всушност суштинската причина за нивното постоење како заветен народ. Тие биле единствен народ кој го познавал вистинскиот Бог и ја знаел вистината за тој Бог и за тоа како Тој сака да живеат луѓето. Во реална смисла, тие не само што ја имале „сегашната вистина“ туку требало, на својствен начин, да ја отелотворуваат таа вистина сè додека не дојде Исус, кој самиот по себе е „Вистина“ (Јован 14,6).
**Зошто идејата за тоа дека „денес“ треба да се посветиме на Бога и на Неговите заветни барања е релевантна дури и за нас „денес“?**

## ДРУГИ СЛИКИ

Библиската наука одамна ги препознава сличностите меѓу израелскиот завет со Бога и другите заветни спогодби меѓу царствата. Таа паралела не би требало да нè чуди. Бог со својот народ едноставно работел во опкружување кое тие можеле да го разберат.

Во исто време, идејата за заветот, правната спогодба на двете страни, со правилата, одредбите и прописите, може да изгледа прилично ладно и формално. Иако тој елемент навистина мора да постои (Бог е Законодавец), тој не е доволно широк за да ја опфати сета онаа длабочина и широчина на односот што Бог сака да го има со својот народ. Затоа во 5. Мојсеева се користат и други слики за да ја доловат истата замисла за заветот меѓу Бога и Израел, така што ѝ додава нови димензии.

**Прочитајте ги следниве текстови: 5. Мојсеева 8,5; 5. Мојсеева 14,1 и 5. Мојсеева 32,6.18-20. Каков вид слики се користат овде за да се покаже каков однос сака да има Бог со својот народ?**

---

**Прочитајте ги стиховите 5. Мојсеева 4,20 и 5. Мојсеева 32,9. Кои слики се користат во нив и како тие, од своја страна, придонесуваат за да се покаже каков вид однос сака да има Бог со својот народ?**

---

Главно, постои идејата за семејство која, во идеален случај, би требало да биде најблиска, најтесна врска во која има најмногу љубов. Бог отсекогаш сакал токму таква врска со својот народ. Дури и по нивното срамотно отфрлање на Исус додека висел на крстот, Тој по своето воскреснување им рекол на Марија и на другите жени: „Не плашете се; одете и соопштете им на браќата Мои, да отидат во Галилеја, и таму ќе Ме видат“ (Матеј 28,10). Дури и како воскреснат Христос, Тој учениците ги нарекува „свои браќа“. Каков пример на љубов и благодат спрема оние кои тоа воопшто не го заслужиле! Тоа е она што, во основа, отсекогаш го карактеризира односот меѓу Бог и човештвото – благодат и љубов што им се дава на незаслужните.

**Каков однос имате вие со Бога? Како можете да го продлабочите тој однос и да научите да Го сакате Бога, додека во исто време ја сфаќате својата заветна обврска да се потчинувате на Неговиот закон? Зошто тие две замисли не си противречат една на друга, туку заемно се надополнуваат?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Духот на ропството се појавува кога се стремиме да живееме во согласност со законската религија, обидувајќи се да ги задоволиме барањата на законот со сопствена сила. Меѓутоа, постои надеж за нас само ако се потчиниме на аврамскиот завет, кој е завет на благодатта, базирана на верата во Христа Исуса. Евангелието што му било проповедано на Аврам и му давало надеж, било истото што ни се проповеда и нам денес, преку кое и ние имаме надеж. Аврам гледал на Исуса, кој исто така е Основач и Довршител на нашата вера“ (Ellen G. White Comments, The SDA Bible Commentary, vol. 6, p. 1077).

„Пред да бидат поставени темелите на Земјата, Отецот и Синот се соединиле во завет да го откупат човекот ако сатаната го победи. Ги стегнале рацете и си дале свечен завет дека Христос ќе стане гаранција за човечкиот род. Христос го исполнил ова свечено ветување. Кога на крстот извикнал: ’Се сврши’, му се обратил на Отецот. Спогодбата во целост е исполнета. Сега изјавил: Оче, свршено е. Ја исполнив твојата волја, Боже мој. Го извршив делото на откупувањето. Ако е твојата правда задоволена, ’сакам оние што ми ги даде да бидат со мене каде што сум јас’ (Јован 19,30; 17,24)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 329 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Задржете се на мислата дека Отецот и Синот, уште пред создавањето на светот, „се соединиле во заветот“ да нè искупат ако падне човечкиот род. Зошто тоа би требало да нè охрабри? На што би можело да нè научи кога станува збор за тоа колку Бог навистина сака да бидеме спасени за Неговото царство?**
2. **На кој начин ние, како Црква на адвентистите на седмиот ден, би можеле да ја одиграме улогата која требало да ја одигра древниот Израел во свое време? Како можеме да ги избегнеме грешките што ги правеле тие?**
3. **Зошто евангелието и евангелските ветувања се толку важни за севкупната идеја на Новиот завет? Кои текстови можете да ги пронајдете во Новиот завет кои покажуваат дека законот и послушноста кон законот не се укинати под Новиот завет, како што често учат други христијани? Што мислите, зошто толку многу христијани тврдат дека евангелието ја укинува потребата да се држат Десетте заповеди?**

**Поука 4**
**Од 16 – 22 октомври 2021**

# „ЉУБИ ГО ГОСПОДА, СВОЈОТ БОГ“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 6,4.5; 5. Мојсеева 10,12; Ефесјаните 2,1-10; Откровение 14,6.7; 5. Мојсеева 4,37; 5. Мојсеева 11,1; Марко 12,28-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа љуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила!“ (5. Мојсеева 6,5).**

Една од најважните молитви во религијата на Евреите е земена од текстот 5. Мојсеева 6 глава. Позната е како „Шема“, врз основа на првиот еврејски збор на таа молитва, од коренот shama‘, што значи „да се слуша“ или дури „да се послуша“ – збор кој секогаш одново се користи, не само во 5. Мојсеева туку и низ целиот Стар завет.

Првиот стих на „Шема“ гласи вака:

Шема Исраел Адонаи Елохену Адонаи ехад.

Тоа значи: „Чуј, Израелу! Господ е наш Бог, Господ е Еден!“ (5. Мојсеева 6,4). Кога ја изговараат таа молитва, Евреите обично ги затвораат очите за не може ништо да им го оттргне вниманието од размислувањата за Бога. Тој прв стих на „Шема“ се смета за потврда на монотеистичката природа на Адонаи Елохен, „Господ Бог наш“, и верноста на Израел единствено Нему и на ниеден друг „бог“. Тоа всушност може да се разбере и како: „Господ е наш Бог“.

Тој стих е дел од првиот говор што им го одржал Мојсеј на децата Израелови кога се подготвувале да влезат во Ветената земја. Она што следува по тој воведен стих е моќен израз на вистината која е исто така пресудна денес како што била и тогаш.

## ДА СЕ САКА БОГ

Откако Мојсеј на децата Израелови им ја прераскажал нивната историја, почнал да им дава упатства што да прават за да ја заземат земјата и да напредуваат во неа. Навистина може да се рече дека 5. Мојсеева главно се состои во тоа дека: Господ му рече на народот што треба да прави за да го исполни својот дел од заветот, кој Тој милосливо го склопил со нив, исполнувајќи го ветувањето дадено на нивните татковци.

Шестата глава од 5. книга Мојсеева започнува вака: „Ова се заповедите, законите и одредбите за кои Господ, вашиот Бог, ми заповеда да ве поучам во нив, за да ги вршите во земјата во којашто одите да ја земете во сопственост за да се боиш, во текот на целиот свој живот, од Господа, од својот Бог, ти, твојот син и синот на твојот син, вршејќи ги сите Негови закони и сите Негови заповеди што ти ги повелам, па да имаш долг живот“ (5. Мојсеева 6,1.2).

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 6,4.5. Која заповед им ја дава Господ Бог на децата Израелови во 5. стих? Што значи тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сакај го својот Господ Бог со сето срце...? Интересно е дека тука, сред законот, сред сите тие предупредувања, правила и одредби, луѓето се повикани да го сакаат Бога. И не само да Го сакаат, туку тоа да го прават „од сето срце свое и од сета душа своја и од сета сила своја“, што упатува на апсолутната природа на таа љубов.

Да се сака Бог со сето срце, душа и сила значи дека нашата љубов спрема Него треба да ја надмине љубовта спрема што било друго и кој било друг, затоа што Тој е темелот и основата на сето наше битие, на нашето постоење и сѐ останото. Љубовта спрема Него треба да стави во соодветна перспектива на сите други наши љубови.

На хебрејски, зборот „ваш“ во изразите за вашиот Бог, вашето срце и вашата моќ се наоѓа во еднина. Да, Бог му се обраќал на народот како целина, но целината е силна само онолку колку што се силни нејзините делови. Господ сака секој од нас, иако е дел од поголемо тело, да Му биде верен како поединец, а темелот на таа верност треба да биде нашата љубов спрема Него, заснована на она што е Тој и што направил за нас.

**Што значи за вас да се сака Бог со сето срце, душа и сила?**

## ДА СЕ БОИМЕ ОД БОГА

Мојсеј барал од децата Израелови да го сакаат Бога со сите сили што ги поседуваат. Тоа било заповед. Меѓутоа, неколку стихови претходно, им дал друга заповед: „За да се боиш, во текот на целиот свој живот, од Господа, од својот Бог“ (5. Мојсеева 6,2).

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 10,12. Што се говори во тој текст за љубовта и стравот, и како да го разбереме тоа?**

---

Во еден стих им е речено да се бојат од Бога, во друг да го сакаат, а овде им се вели дека треба истовремено да го сакаат и да се плашат од Него. Ако тргнеме од вообичаеното сфаќање на зборот „страв“, тоа може да изгледа како противречност – но не е така. Имено, стравот од Бога – во смисла на стравопочитување и уважување на она кој е Тој, на Неговата власт, моќ и правичност, особено во светлината на нашата грешност, слабост и целосна зависност од Него – би требало да биде наша природна реакција. Ние сме паднати битија, битија кои го прекршиле Божјиот закон и кои, да не е Неговата благодат, би можеле да очекуваат само осуда и вечна смрт.

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 2,1-10. На кој начин тие стихови ни помагаат да сфатиме како можеме да се боиме од Бога и да го сакаме во исто време?**

---

И покрај фактот дека сме „деца на гневот“ (што е причина да се боиме од Него), Христос умрел за нас и со тоа ни овозможил да имаме нов живот во Него, кој опфаќа слобода од гревот и отфрлување на минатото (поради што би требало да Го сакаме).

И баш како што важи за нас денес, истиот принцип се однесува и на древниот Израел: тие биле заточеници во Египет, осудени на ропство и угнетување, и само Божјата љубов и милост спрема нив довеле до нивното големо избавување. „Спомни си дека и ти беше роб во Египетската Земја и дека оттаму те избави Господ, твојот Бог“ (5. Мојсеева 5,15). Според тоа, не е никакво чудо што тие Го сакаат и се бојат од Него во исто време. А ако тоа важело за нив, колку повеќе важи за нас, што ја имаме големата вистина за Исусовата смрт на крстот во наша полза?

**Прочитајте Откровение 14,6.7. Како да го разбереме тоа што заповедта: „Бојте се од Бога“ треба да биде прва заповед во Господовата порака на светот во последното време? Со оглед дека знаеме што доаѓа на овој свет, зошто таа заповед има толку голема смисла?**

## ТОЈ ПРВ НÈ ЗАСАКАЛ НАС

И покрај сите правила и прописи од 5. книга Мојсеева и сите опомени што го предупредуваат еврејскиот народ дека мора да се покорува на „Неговите заповеди, Неговите закони и Неговите уредби“, прво и најважно било да го сакаат Бога со сето срце, душа и сила. Секако, имале и добри причини за тоа.

**Прочитајте ги библиските текстови: 5. Мојсеева 4,37; 5. Мојсеева 7,7.8.13; 5. Мојсеева 10,15; 5. Мојсеева 23,5 и 5. Мојсеева 33,3. Што можеме да научиме од овие стихови кога станува збор за Божјата љубов спрема Неговиот народ?**

________________________________________________________

Секогаш одново во 5. Мојсеева, Мојсеј му зборува на народот за Божјата љубов спрема нив и нивните татковци. Но повеќе од самите зборови, Господ таа љубов ја открил преку своите дела. И покрај нивните неуспеси, недостатоци и гревови, Божјата љубов спрема нив била постојана – љубов која силно се покажала во Неговото однесување спрема нив.

**„Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нè возљуби“ (1. Јованово 4,19). Како тој стих ни помага да разбереме зошто би требало да го сакаме Бога?** __________________________________________

Божјата љубов спрема нас претходела и пред самото наше постоење, зашто планот за спасението е донесен „уште пред светот да биде создаден“ (Ефесјаните 1,4).

Како што вели Елена Г. Вајт: „Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање. Тој бил откровение на ’тајната скриена од вечноста’ (Римјаните 16,25). Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста“ (*Копнежот на вековите*, стр. 22 (оригинал).

Колкава среќа имаме сите ние затоа што Бог навистина е Бог на љубовта – толку голема љубов што поради нас отишол на крстот – самопожртвувана љубов поради која „сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст“ (Филипјаните 2,8). Така ние денес имаме откривање на Божјата љубов какво што децата Израелови веројатно не ни можеле да замислат.

**А што ако, наместо да биде љубов, Бог би бил омраза, или ако едноставно би бил рамнодушен? Каков свет би бил тоа? Зошто откривањето на Божјата љубов кон нас е нешто поради кое, навистина, би требало да се радуваме?**

## АКО МЕ ЉУБИТЕ, ДРЖЕТЕ ГИ МОИТЕ ЗАПОВЕДИ

Израел – народ како целина – бил повикан да го сака Бога. Но на тој повик можеле да одговорат само еден по еден. Како поединец кому му е дадена слободна волја, секој Израелец морал да одлучи да го сака Бога – и таа љубов да ја покаже преку послушност.

**Што им е заедничко на следниве текстови? Односно, која тема им е заедничка?**

**5. Мојсеева 5,10**________________________________________
**5. Мојсеева 7,9**_________________________________________
**5. Мојсеева 10,12**_______________________________________
**5. Мојсеева 11,1**________________________________________
**5. Мојсеева 19,9**________________________________________

Колку воопшто појасна би можела да биде Божјата реч? Како што Бог не рекол само дека нè сака, туку дека таа љубов ја открил преку она што го направил и сè уште го прави за нас, така и Божјиот народ треба да ја покаже љубовта спрема Него преку своите постапки. А во овие текстови гледаме дека љубовта спрема Бога е нераскинливо поврзана со послушноста спрема Него.

Затоа, кога Јован вели нешто како ова: „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованова 5,3), или кога вели Исус: „Ако Ме љубите, држете ги Моите заповеди“ (Јован 14,15), тие стихови само го изразуваат тоа основно учење. Љубовта кон Бога сè уште се изразува преку послушноста кон Бога. Така било отсекогаш и така секогаш ќе биде. А таа послушност кон Бога подразбира послушност кон Неговиот закон, Десетте заповеди, што ја вклучува и четвртата заповед, саботата. Држењето на четвртата заповед не е ништо поголем легализам отколку држењето на која било од останатите девет заповеди.

Иако послушноста кон која било заповед може да биде легализам, тоа е всушност вид на послушност која не произлегува од љубовта кон Бога. Кога вистински Го сакаме Бога, особено поради она што го сторил за нас во личноста на Исуса Христа, тогаш сакаме да Му се покориме, зашто Тој тоа го бара од нас.

Кога Мојсеј, секогаш одново, им зборувал на Израелците дека треба да го сакаат Бога и да Му бидат послушни, тоа било откако се спасени од Египет. Со други зборови, нивната љубов и послушност биле одговор на спасението што им го обезбедил Бог. Господ ги искупил. А сега требало тие да одговорат така што верно ќе се придржуваат до Неговите заповеди. Дали денес е нешто поинаку?

**Какво е вашето искуство во настојувањето да бидете послушни кон Бога? Односно, кои се вашите мотиви да Му бидете послушни? Зошто тоа би требало да се прави од љубов спрема Него? Ако стравот има некаква улога во тоа – според библиското сфаќање на стравот – каква улога би било тоа?**

## ПРВА ЗАПОВЕД

Колку и да настојувале некои христијани, од разни побуди, да го одвојат Стариот завет од Новиот, тоа не може да се направи зашто Новиот завет ќе биде лишен од своето вистинско значење. Новиот завет, со своето откривање на Исуса и со теолошките објаснувања за Неговиот живот, смрт, воскресение и првосвештеничка служба, упатува на исполнување на многубројните старозаветни пророштва и типови. По многу работи, Стариот завет претставува заднина, контекст и темел на Новиот завет. А двата завета ја откриваат Божјата добрина и љубов.

Тоа е една од причините зошто Новиот завет, како и самиот Исус, секогаш одново го цитира Стариот завет.

**Прочитајте го текстот Марко 12,28-30. Кое прашање е поставено во врска со првата „од сите заповеди“? Што одговара Исус и од каде му е тој одговор?**

---

Интересно е дека еден книжник, некој кој сиот свој живот го посветил на разбирање на законот и неговата примена, го поставува тоа прашање. Меѓутоа, со оглед на многубројните закони кои Евреите сметале дека треба да ги почитуваат (подоцна еврејската традиција зборувала дека постојат 613 закони), не изненадува што сакале сето тоа да се збие во едно прашање.

А што прави Исус?

Тој оди право во 6. глава на 5. книга Мојсеева, почнувајќи од текстот „Чуј, Израелу: Господ е наш Бог, Господ е Еден“ (5. Мојсеева 6,4), а потоа го цитира и следниот стих за тоа дека треба да се љуби Господ со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила. Тој укажува на клучното тврдење дека Господ е нивни Бог, нивни единствен Бог – а врз основа на таа голема вистина тие се повикани да Го љубат над сѐ.

Што би можело повеќе да одговара на „сегашната вистина“ од таа заповед? Во последните денови, кога ќе се одвиваат завршните настани, и кога сите ќе бидат, на многу драматичен начин, повикани да ја одберат едната или другата страна, Божјите заповеди (Откровение 14,12) ќе ја одиграат клучната улога.

Најпосле, која страна ќе ја одбереме, дури и соочени со прогонство, ќе зависи од тоа дали навистина го љубиме Бога или не. Тоа е решавачко прашање, а ние можеме да го љубиме Господа со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила само ако лично Го запознаеме и ја искусиме Неговата добрина, љубов и благодат. А тоа е нешто за што, ако биде потребно, вреди и да се умре.

**Ако некој ве праша: Како луѓето можат да го засакаат Бога кога никогаш лично не го виделе, што би им одговориле? Разговарајте за својот одговор.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христовиот крст ќе биде главен предмет на проучување и песна на откупените низ сета вечност. Во прославениот Христос го гледаат распнатиот Христос. Никогаш нема да заборават дека Оној, чијашто моќ ги создала и ги одржува безбројните светови во вселената, Божјиот мил Син, небесното Величество, Оној пред кого се клањале херувимите и светите серафими – се понизил себеси за да го подигне паднатиот човек; дека ја зел на себе кривицата и срамот на гревот и доживеал лицето на Отецот да се скрие од него и болката за еден загубен свет да го скрши неговото срце на крстот на Голгота. Сознанието дека Оној што ги создал сите светови и кој е Судија на сите луѓе, ја напуштил својата слава и се понизил од љубов кон човекот, секогаш ќе буди чудење и восхит во вселената. Кога спасените ќе го видат својот Избавител и кога ќе ја забележат на неговото лице вечната слава на Отецот; кога ќе го видат неговиот престол што е поставен од вечноста и кога ќе помислат дека неговото царство нема крај, одушевено ќе ја запеат песната: “Достојно, достојно е Јагнето што е заклано и нè помири со Бога со својата драгоцена крв!“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 651, 652; оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте ја погоренаведената изјава на Елена Вајт. Дали реченото би можело да ни помогне да сфатиме зошто љубовта кон Бога треба да биде нашата најголема љубов? Размислете што значи тоа што е Бог, „чијашто моќ ги создала и ги одржува безбројните светови во вселената“, токму Оној кој заради нас отишол на крстот. Зошто таа вистина треба да биде темел на нашата заедница со Бога?**
2. **Задржете се повеќе на идејата дека треба истовремено и да го љубиме Бога и да се боиме од Него. Како можеме да чувствуваме и едно и друго, и зошто треба да чувствуваме и едно и друго?**
3. **Лесно е да се љуби Бог кога сè ни врви добро во животот. Но што кога не е сè толку добро, кога ќе ни се случи некаква трагедија? Зошто во таквите мигови е уште поважна љубовта спрема Бога отколку кога работите ни се одвиваат добро?**
4. **Вратете се на последното прашање од проучувањето предвидено за четврток. Кои различни пристапи можете да ги употребите за да објасните некому кој не е верник што значи да се љуби Бог? Како ние луѓето можеме да љубиме некого кого никогаш не сме го виделе физички? Впрочем, зошто не е важно тоа што никогаш не сме Го виделе, или барем не лично?**

**Поука 5**
**Од 23 – 29 октомври 2021**

# ПРИДОЈДЕНИК НА ТВОИТЕ ВРАТИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 12,29-31; 5. Мојсеј 10,1-19; Псалми 146,5-10; Матеј 7,12; 5. Мојсеева 27,19; Јаков 1,27-2,11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Љубете го и вие придојденикот, зашто и самите бевте придојденци во Египетската Земја“ (5. Мојсеева 10,19).**

Како што читавме минатата седмица, кога книжникот Го прашал која е „првата од сите заповеди“ (Марко 12,28), Исус одговорил потврдувајќи дека Бог е Еден, а потоа рекол: „И затоа возљуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила!‘ Ова е најважната заповед“ (Марко 12,30).

Меѓутоа, Исус продолжил, велејќи дека постои и друга заповед која е „слична на неа“ (Марко 12,31), нешто за што не Го прашал книжникот. Сепак, Исус, знаејќи колку е тоа важно, рекол: „А втората е слична на неа: ‚Возљуби го својот ближен како себеси!‘ Друга заповед, поголема од овие, нема“ (Марко 12,31).

Нема поголема заповед од оваа? Исус ги поврзал љубовта кон Бога и љубовта кон нашите ближни, а таа заповед е прогласена за најголема од сите.

И повторно, Исус не изнесува ништо ново, ништо што Евреите не го слушнале и порано. Повикот да Го љубиме Него над сѐ и идејата за љубовта спрема нашите ближни, љубовта кон другите луѓе како начин да се изрази љубовта кон Бога е – да, навистина – преземена од 5. книга Мојсеева.

# ОБРЕЖЕТЕ ГО СВОЕТО СРЦЕ

Десеттата глава 5. книга Мојсеева, продолжението на 9. глава, во основа е Божјата потврда на заветот кој Тој го склопил со Израел. Поголемиот дел од таа книга е, всушност, некој вид обнова на заветот. Што значи дека, дури и по нивниот страшен грев кај Хорив, кога, наскоро откако Мојсеј накратко ги оставил, паднале во идолопоклонство, Господ сè уште не завршил со нив.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 10,1-11. Што се случува тука што ни помага да сфатиме како Бог му го простил гревот на својот народ, и одново го потврдил заветното ветување што им го дал и ним и на нивните татковци?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Мојсеј ги скршил плочите со Десетте заповеди (5. Мојсеева 9,17) – симбол на прекршениот завет (5. Мојсеева 32,19). „За да го покаже своето гнасење кон нивното злосторство, ги фрлил камените плочи и тие се парчосале пред очите на сиот народ; тоа значело дека, како тие што го раскинале својот сојуз со Бога, и Бог го раскинува сојузот со нив“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 320, оригинал).

Според тоа, фактот дека Бог му рекол на Мојсеј да изделка нови плочи од камен „како што беа првите“, и повторно на нив да ги напише зборовите што биле на првите плочи, покажува дека Бог му простил на народот и дека не завршил со нив, дури ни тогаш.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 10,14-16. Всушност, што им вели Бог? Какво е значењето на сликите што ги употребил Господ тука?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Овде постои една мешавина од слики: препуциум, срце, врат. Сепак, работата е јасна. Обрежувањето било знак за заветот, но тоа е само надворешен знак. Бог ги сакал нивните срца, односно нивниот ум, нивната наклоност, нивната љубов. Сликата на тврдиот врат едноставно укажувала на тоа колку тие биле упорни во својата неподготвеност да Му се покорат на Господа. Во основа, и овде како и на други места, Господ им велел да престанат со својата поделена верност и да Му служат со сето срце и со сета душа.

**Сетете се на миговите кога Господ вам ви ги простил вашите гревови. Што ви кажува тоа за Неговата благодат?**

# САКАЈТЕ ГИ ТУЃИНЦИТЕ

Сред сите тие опомени, Мојсеј изјавува: „Еве, на Господа, твојот Бог, Му припаѓаат небото, и небото над небесата, земјата, и сè што е на неа“ (5. Мојсеева 10,14). Каков моќен израз за Господовиот суверенитет – идеја која се наоѓа и на други места во Библијата: „Господова е земјата и сè што ја исполнува, вселената и оние што живеат во неа“ (Псалм 24,1).

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 10,17-19. Која друга изјава ја дава Мојсеј за Господа? Што е уште поважно, што му заповеда Господ на својот народ во согласност со таа изјава?**

Јахве не е само суверен владетел на небото и земјата, туку е исто така е и „Бог над боговите и Господар над господарите“ (5. Мојсеева 10,17). Тоа не значи дека има други, помали богови, како лажните богови што паганските народи околу нив ги обожавале. Тоа е всушност начин да се изрази не само фактот дека Тој е единствен Бог („Сега гледате дека единствено Јас Сум, и дека нема друг Бог покрај мене“ [5. Мојсеева 32,39]), туку и дека поседува целосна надмоќ над сите други сили, стварни или измислени, било на небото било на земјата.

Исто така, текстот вели дека Тој „Бог е голем, силен и страшен, Кој не е пристрасен и не се поткупува“. Сето тоа е дел од една поголема порака: Јахве е вашиот Бог, и вие, Неговиот народ, треба да Му бидете послушни.

Колку моќен контраст е прикажан тука. Да, Јахве е Бог над боговите и Господар над господарите, Суверен владетел на сè што е создадено (Колошаните 1,16.17), но се грижи и за сиромашните, вдовиците и туѓинците, и ја покажува таа грижа служејќи им на нивните непосредни физички потреби. „Не се продаваат ли две врапчиња за еден денар? И ни едно од нив нема да падне на земја без волјата на вашиот Отец“ (Матеј 10,29), запознаен е со неволите на оние што се на маргините на општеството. Со други зборови, Господ му вели на народот: Во ред, вие сте избрани, вие сте посебни и Јас ве сакам, но сакам и други луѓе, вклучувајќи ги сиромашните и беспомошните меѓу вас. А како што ги сакам Јас, и вие треба да ги сакате. Тоа е една од вашите заветни обврски, и тоа многу важна.

**Прочитајте го текстот Псалм 146,5-10. Која е пораката на тој псалм, која ги одразува овие Божји зборови, и што би требало да значи тоа денес за нас како христијани?**

## ЗАТОА ШТО БЕВТЕ ПРИДОЈДЕНЦИ ВО ЕГИПЕТ

**„Љубете го и вие придојденикот, зашто и самите бевте придојденци во Египетската земја“ (5. Мојсеева 10,19). Која порака тука му е упатена на древниот Израел? Што треба да претставува таа порака за нас денес?**

---

Векови порано Господ му рекол на Аврама: „Знај дека потомците твои ќе бидат придојдени во туѓа земја, ќе робуваат и ќе ги мачат четиристотини години“ (1. Мојсеева 15,13; видете исто така и 1. Мојсеева 17,8; Дела 13,17). Тоа, бездруго, и се случило, а во почетните глави на 2. Мојсеева, драматичната приказна за нивното искупување (2. Мојсеева 15,13) и спасение (2. Мојсеева 14,13) од Египет е забележена за потомството, како симбол, тип на искупување и спасение кое ни е дадено во Исуса Христа. Во тој стих, Господ сака тие да паметат каде биле и што биле – придојденци во туѓа земја.

Со други зборови, сетете се на времињата кога и самите сте биле на маргините на општеството, прогоненици, дури и робови, па со самото тоа, препуштени на милост и немилост на оние кои биле посилни од вас и кои можеле да ве злоупотребуваат, што често и го чинеа. Иако Израел бил избран народ, од Бога повикан, „царството свештеничко“ (2. Мојсеева 19,6), и иако меѓу нив и придојденците кои престојувале меѓу нив постоеле значајни разлики – особено во поглед на верските служби – кога станува збор за „човековите права“, спрема придојденците, вдовиците, сирачињата требало да постапуваат со истата правичност и почитување какво што очекувале и спрема себе.

**Прочитајте го текстот Матеј 7,12. Како тој стих го резимира она што Господ му го говорел на древниот Израел за тоа како треба да се однесуваат спрема нејаките во својата средина?**

---

Опомената упатена на Израел за тоа како треба да се однесуваат спрема луѓето на маргините на општеството, воопшто не била нешто вообичаено во древниот свет, каде спрема таквите поединци, во некои случаи, се постапувало како кон животни, ако не и полошо.

Наспроти тоа, Израел требало да биде поинаков – светлина на народите. И да – таа разлика требало да упатува на Бога кому Му се клањале, на начинот на кој Го обожавале, и на целиот верски систем на вистината кој им го дал Бог. Нивното љубезно однесување кон загрозените требало да биде впечатливо сведоштво за надмоќноста на нивниот Бог и нивната вера, што, во извесна смисла, и била смислата на нивното постоење – да му посведочат на светот за тоа каков е нивниот Бог.

## СУДЕТЕ ПРАВЕДНО

Како верници, повикани сме да го одразуваме Божјиот карактер. Павле пишува: „Чеда мои, за кои сум пак во родилни маки, додека не се обликува во вас Исус Христос...“ (Галатјаните 4,19). Впрочем, ние сме првобитно создадени „И го создаде Бог човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде“ (1. Мојсеева 1,27) – образ кој подоцна е нагрден со гревот. И како што видовме, говорејќи за Божјата моќ и величество, Мојсеј исто така напоменува дека Бог е непоткуплив и дека се грижи за слабите и отфрлените. Бог постапува така, па, според тоа, и ние мора така да постапуваме.

**Прочитајте ги следниве текстови во 5. книга Мојсеева. Која тема им е заедничка на сите?**

**5. Мојсеева 1,16**________________________________________

**5. Мојсеева 16,19**_______________________________________

**5. Мојсеева 24,17**_______________________________________

**5. Мојсеева 27,19**_______________________________________

Стана речиси општопознато дека слабите, сиромашните и изопштените на поголем дел од човечките судови не го добиваат истиот вид „правда“ како оние кои поседуваат пари, моќ и врски. Без оглед на земјата, времето, културата, на возвишените принципи на правда и почитување содржани во уставите и законите, или што било друго – стварноста останува иста: сиромашните, слабите и отфрлените речиси никаде не успеваат да ги остварат своите права на ист начин како другите.

Затоа е толку извонредно она што самиот Господ овде го говори. Таа неправда, која е присутна насекаде, не треба да постои во Израел, меѓу Божјиот народ – меѓу оние кои треба да Го претставуваат на светот. Во извесна смисла, да употребиме современ израз, Господ сакал во древниот Израел да постои „еднаквост пред законот“ за сите луѓе.

Меѓутоа, тоа подразбирало нешто уште подлабоко од востановената судска практика. „Бидете свети, затоа што сум свет, Јас Господ, вашиот Бог“ (3. Мојсеева 19,2). Да, тие знаеле кој е вистинскиот Бог, изведувале исправни верски обреди и принесувале соодветни жртви. Сè било во ред. Меѓутоа, што би вредело сето тоа ако и понатаму би ги злоупотребувале слабите и сиромашните меѓу себе? Во пророчките книги Господ во повеќе наврати ги укорува оние кои вршеле насилство над сиромашните и загрозените во Израел. Како можете истовремено да бидете „свети“ и да ги малтретирате другите? Не можете, колку строго и да се придржувате кон исправните верски ритуали.

**Прочитајте ги следниве текстови: Амос 2,6; Амос 4,1; Амос 5,11; Исаија 3,14.15; Исаија 10,1.2 и Еремија 2,34. Што говореле пророците а го одразува истото она на што Господ го предупредувал древниот Израел? Што ни говорат денес тие зборови?**

## ЧИСТА РЕЛИГИЈА ПРЕД БОГА

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 24,10-15. Кои важни принципи се изнесени тука кога станува збор за тоа како треба да се однесуваме спрема оние кои се наоѓаат под наша контрола?**

---

Повторно ја гледаме Господовата грижа за зачувување на основното човечко достоинство. Да, некој нешто ви должи и време е да ви врати – но покажете малку почит спрема човекот, дозволете му да зачува малку од своето достоинство – сакате ли? Не упаѓајте на неговиот посед и не барајте го грубо тоа што ви припаѓа. Наместо тоа, почекајте надвор и дозволете му тој сам да дојде и да ви го предаде. Текстот на 5. Мојсеева 24,12.13 изгледа вели дека доколку некоја сирота душа ви ја даде својата облека како „залог", треба да ѝ дозволите барем да спие во неа во текот на ноќта. Други текстови говорат за тоа како треба да се однесувате спрема сиромашните кои работат за вас, а кои толку лесно се угнетуваат. Немојте да ги понижувате, зашто тоа е грев во Божјите очи, и тоа голем. И повторно, за да биде сведок Израел – свет народ кој оди во вистината сред светот паднат во заблуда, идолопоклонство, грев и зло, тој, неспорно, би морал да се однесува љубезно и внимателно кон најслабите и најзагрозените во својата средина. Во спротивно, нивното сведоштво ништо не би вредело.

**Прочитајте го текстот Јаков 1,27-2,11. Што кажува Јаков тука а претставува одраз на Господовите зборови упатени до Неговиот народ во 5. Мојсеева? Какво значење има фактот што Јаков во тие стихови угнетувањето на сиромашните го поврзува со Десетте заповеди?**

---

Иако ништо во Десетте заповеди не се однесува директно на покажување пристрасност кон богатите во однос на сиромашните, сепак строгото држење на словото на законот, додека истовремено се злоставуваат сиромашните и загрозени луѓе, станува за подбив нечие исповедање на верата и секое тврдење за почитување на заповедите. Да се љуби својот ближен како себеси е најголемиот израз на Божјиот закон – и тоа е денешната вистина денес, колку и во времето на апостолот Јаков, и како во времето кога Мојсеј им се обраќал на Израел на границите на Светата Земја.

**Зошто ние, како адвентисти на седмиот ден, кои сериозно го сфаќаме законот, мораме да се потрудиме сериозно да ги сфатиме и зборовите на апостол Јаков и 5. Мојсеева? Земајќи го предвид она што го читаме во Јакововото послание, зошто верата во почитувањето на законот може само да ја засили нашата решеност да им помагаме на сиромашните и на сите други во нашата средина кои имаат потреба од помош?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Тешко е да се замисли дека дури и во најдобрите времиња, како што било времето на Давид и Соломон, израелскиот народ можел да биде толку благословен од Бога, а сепак да ги угнетува сиромашните, беспомошните и изопштените луѓе во својата средина.

„Затоа, бидејќи го угнетувате сиромашниот, истргнувајќи од него данок во жита, во куќите што ги создадовте од делкан камен никогаш не ќе живеете; од пријатните лозја што ги посадивте никогаш не ќе пиете вино. Зашто знам многу ваши злостори, и вашите преголеми гревови. Го угнетувате праведникот и примавте поткуп, одбивајќи го сиромашниот при градската врата“ (Амос 5,11.12).

„Господ доаѓа на суд со старешините и главатарите на Својот народ: „Го опустивте Моето лозје, во вашите куќи е што му одзедовте на сиромавиот“ (Исаија 3,14).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Израел требало да се сеќава дека во Египет биле „придојденци“, што била една од причините поради кои требало да се однесуваат спрема дојденците и запоставените во својата земја онака како што би сакале да се однесуваат спрема нив тогаш кога и самите биле изопштени. Како таа вистина е поврзана со евангелието, со идејата дека со крвта Исусова сме ослободени од робувањето на гревот? Зошто, и на кои паралелни начини, она што Исус го сторил за нас би требало да влијае на тоа како ние се однесуваме спрема другите, особено спрема беспомошните меѓу нас?**
2. **Размислете за следново. Можеме да имаме богослужба во вистински ден, да ја разбереме вистината за смртта, пеколот, жигот на ѕверот и така натаму. И тоа е во ред. Но каква е смислата на сето тоа ако лошо се однесуваме спрема другите, злоставувајќи ги слабите околу себе, или ако чесно не ја спроведуваме правдата тогаш кога треба да решиме некоја ситуација? Зошто ние, особено поради вистината што ја поседуваме, мора посебно да водиме сметка да не помислиме дека, во некоја рака, познавањето на таа вистина само по себе е сè што Бог бара од нас? Зошто тоа би можело да претставува опасна стапица за нас?**
3. **Каква улога би требало да одигра нашата вера за да ни помогне да го сфатиме она што главно се подразбира под „човекови права“?**

**Поука 6**
**Од 30 октомври до 5 ноември 2021**

# КОЈ ДРУГ НАРОД Е ТОЛКУ ГОЛЕМ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 4,1-9; Матеј 15,1-9; 4. Мојсеева 25,1-15; 1. Коринќаните 10,13; 5. Мојсеева 4,32-35; Матеј 5,13-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој е тој народ толку голем да би имал закони и уредби праведни како што е сиот овој Закон што јас ви го изнесувам денес?“ (5. Мојсеева 4,8)**

Првите три глави на 5. Мојсеева во основа биле лекции од историјата, која требало да го потсети народот низ што сè поминале дотогаш. Во моментот кога доаѓаме до 4. глава, историската лекција сè повеќе добива тон на проповед. Тоа прераскажување на настаните не било наменето само за љубителите на историјата, туку послужило и за повисока цел, покажувајќи им ги силата и благодатта Божја што делуваат меѓу луѓето, и Неговата намера, дека, и покрај тоа што погрешиле, Тој и понатаму го почитува својот завет со нив.

Четвртото поглавје започнува со хебрејскиот збор (сврзник и прилог), ve’attah, кој може да се преведе со изразот „а сега“ или „така сега“. Токму кога се осврнале на својата понова историја, потсетувајќи се на тоа што направил Бог доведувајќи ги до таа точка – така што тие „сега“, или „така сега“, како одговор на тоа, би требало да го прават она што Бог им го заповеда (исто така, да се види 5. Мојсеева 10,12).

Поради тоа првиот глагол што се појавува по „А сада“ – shama ', е истиот глагол (и во ист облик) кој се користи на почетокот на молитвата shema, а значи „чуе“ , „слуша“ или „послуша“ – глагол кој се повторува низ целата 5. книга Мојсеева.

Така, оваа глава практично почнува со зборовите: А сега, Израеле, поради она што го направив за тебе, мора да се придржуваш кон следново...

# НИТУ ДОДАВАЈТЕ НИТУ ОДЗЕМАЈТЕ

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 4,1.2. Која посебна опомена им ја упатил Господ во поглед на Неговите „уредби и закони“, и зошто тоа било нешто на што веднаш биле предупредени? (Да се види, исто така, и 5. Мојсеева 12,32.)**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Господ им вели да ги почитуваат „уредбите и законите“ и ништо да не додаваат и да не одземаат. Зошто им го вели тоа? Зошто некој, впрочем, би сакал да го менува Божјиот закон?

Ние, секако, го знаеме одговорот.

„Сатаната бил упорен и неуморен во своите напори да го продолжи делото што го започнал на небото – да го промени Божјиот закон. Тој успеал да го наведе светот да поверува во теоријата што ја изнел на небото пред неговиот пад – дека Божјиот закон е погрешен и дека треба да се преиспита. Голем дел од таканаречената христијанска црква, со својот став, ако не и со зборови, покажува дека ја прифаќа истата заблуда“ (Ellen G. White, Selected Messages, Book 2, p. 107).

Кога размислувате за историјата на древниот Израел, сфаќате дека тие запаѓале во неволи на многу начини, зашто не само што занемарувале одредени законски одредби, со што практично одземале нешто од законот, туку нешто и му додавале, во смисла на воведување работи во практика кои не се прецизирани со законот и кои, всушност, на крајот доведувале до престап на истиот.

**Прочитајте го текстот Матеј 15,1-9. Како тука ги гледаме како пример начелата со кои, навистина во друг контекст, Мојсеј ги предупредувал децата Израелови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога конечно ја добиле земјата која им била ветена, Евреите често ги занемарувале директните предупредувања – на пример, во врска со идолопоклонството. Како резултат на тоа, следеле многу пагански обичаи, понекогаш дури и како дел од својата наводна Јахвеова служба. До Исусовото време додале на Законот толку различни човечки обичаи што, според зборовите на самиот Христос, ја направиле „Божјата заповед ништовна“.

Во секој случај, било со додавање било со одземање, Законот е променет, а народот ги трпел последиците.

**На кои начини и ние мораме да водиме сметка за да не додаваме или одземаме нешто од она што Бог ни вели да го правиме?**

## ВЕЛФЕГОР

Во текстот 5. Мојсеева 4,3.4, децата Израелови добиваат уште една лекција од историја, како потсетник на минатото и на сите духовни и практични вистини кои врз нејзина основа, во идеален случај, би требало да ги научат.

**Прочитајте 4. Мојсеева 25,1-15. Што се случило тука и кои духовни и практични вистини требало да ги извлече народот од тоа фијаско?**

---

Колку и да ни се непријатни приказните за тоа како Израел истребил некои пагански народи од своето опкружување, овој извештај сигурно помага при објаснувањето на логиката што стоела зад таа заповед. Израел пред незнабожечките народи од своето опкружување требало да сведочи за вистинитиот Бог – единствениот Бог. Тие требало да бидат пример, да покажат како изгледа служба на вистинскиот Бог. Меѓутоа, врзувајќи се за „боговите“ на незнабожечките народи околу себе, тие често влегувале во отворен бунт против самиот Бог кого требало да му Го претставаат на светот.

Иако изразот „правење прељуба“ во Библијата често има духовно значење, зашто Израел ги следел незнабожечките богови и обичаи (видете Осија 4,12-14), во овој случај тој израз (и остатокот од приказната) сугерира дека навистина имало сексуални престапи, барем на почетокот. И тука сатана повторно ја злоупотребил паднатата човекова природа, користејќи ги паганските жени за да ги заведе мажите, кои очигледно си дозволиле себеси да бидат заведени.

Нема сомнеж дека чинот на телесниот блуд довел и до духовна прељуба. Луѓето кои биле вклучени во тоа на крајот ги прифатиле паганските верски обичаи, така што Израел „го следеше Велфегор (Ваал-Фегор)“. Односно, на некој начин се врзале за тој лажен бог, па дури и му принесувале жртви. И покрај сѐ што научиле и што им е речено, подготвено го отфрлиле во жар на силна желба и страст.

Како можело тоа да се случи? Лесно. Бидејќи својата совест ја отапеле со првиот грев, со физичкиот, биле зрели за пад во оној другиот, духовниот грев, што сигурно и бил сатанината крајна цел. Станале толку бесрамни што, според текстот, еден човек ја довел својата Мадијанка во самиот логор, право пред Мојсеј и народот кој плачел пред Шаторот.

**Нашиот ум и нашето тело се тесно поврзани. Она што влијае на едното, влијае и на другото. Што можеме да научиме од оваа приказна, за тоа колку удоволувањето на телесните желби може да биде опасно за нас во духовна смисла?**

## ДРЖЕТЕ СЕ ЦВРСТО ЗА ГОСПОДА

Иљадници луѓе загинале поради тој грев со Велфегор. Сите мажи „кои се држеле за Велфегор“ биле убиени. Сепак, многумина не паднале во таквото отпадништво.

Кои биле тие?

**„А сите вие кои се држите цврсто за Господа, живи сте и денес“ (5. Мојсеева 4,4). На кој начин тој текст ја објаснува разликата меѓу оние кои паднале во грев и оние кои не паднале? Која важна порака се наоѓа тука за нас, во врска со гревот, искушенијата и Божјата сила во нашиот живот?**

---

Воочете ја спротивноста на зборот „сите“ во овој стих и во претходниот. „Сите“ кои го следеле Велфегор биле уништени, додека „сите“ кои се држеле до Господа останале живи. Немало среден пат ни тогаш, а го нема ни денес. Ние сме или за Исуса или против Него (Матеј 12,30).

Еврејскиот збор за „се државте“, dbk, често укажува на верно приврзување кон нешто што е надвор од себе. Збор со ист корен на еврејски се користи во текстот 1. Мојсеева 2,24, каде се вели дека маж ќе го напушти семејството и ќе се „прилепи“ за својата жена (исто така, видете Рута 1,14). Истиот збор, во тој контекст, се јавува уште четирипати во 5. Мојсеева (5. Мојсеева 10,20; 11,22; 13,4; 30,20), и во секој од тие случаи основната мисла била иста: тие, луѓето, требало да се врзат за својот Бог. Односно, требало да Му се предадат и да црпат сила и снага од Него.

Она што е важно да се запамети е дека самиот народ е објект на тој глагол – тие мораат да го спроведат тоа „држење“. Мораат да одлучат да се „прилепат“ за Бога, па, во Неговата сила и снага, да го избегнат паѓањето во грев.

**Прочитајте Јуда 1,24 и 1. Коринќаните 10,13. Што е речено тука, во Новиот завет, што се наоѓа и во текстот на 5. Мојсеева 13,4?**

---

Бог е верен. Бог е во состојба да нѐ сочува да не паднеме. Но ние мора свесно да одлучиме, како што сториле верните во Велфегор, дека ќе се држиме до Бога. Во тој случај, можеме да бидеме сигурни дека, без оглед на искушението, ќе успееме да останеме верни.

**На кои начини активностите како што се молитвата, проучувањето на Библијата, богослужбите и заедништвата ни помагаат да се приврземе за Господа?**

## КОЈ НАРОД Е ТОЛКУ ГОЛЕМ?

Она што следува во наредните неколку стихови по текстот 5. Мојсеева 4,4, претставува еден од најдлабоките и најубавите текстови во целото Писмо (еврејскиот текст е величествен!). Би можело да се каже дека поракста на 5. Мојсеева, во суштина, се наоѓа токму овде, а дека сè друго е коментар. Додека ги читате тие стихови, размислете на кои сè начини принципот кој е изнесен тука би можел да се примени и на нас денес.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 4,5-9. Зошто Господ, преку Мојсеј, би рекол такво нешто на Израел?**

___

___

Господ сакал тие да сфатат дека се повикани, дека се избрани од посебна причина. Тие се „голем народ“, баш како што му рекол Бог на Аврам уште првиот пат кога го повикал да излезе од земјата Халдејска: „Ќе направам голем народ од тебе“ (1. Мојсеева 12,2; исто така, видете 1. Мојсеева 18,18).

Но целта на тоа што ги направил големи била дека тие ќе бидат „благослов“ (1. Мојсеева 12,2) за „сите племиња на земјата“ 1. Мојсеева 12,3). Иако врвниот благослов ќе биде тој што Исус, Месија, ќе дојде преку нивна крвна линија, дотогаш требало тие да бидат светлината на светот. „...Туку Јас ќе Те направам светило за народите, за да се рашири спасението од Господ до краиштата на земјата“ (Исаија 49,6). Тоа не значи дека спасението се наоѓало во нив самите, туку дека преку нив требало да се открие вистинскиот Бог, кој единствен може да спаси.

Израел му се поклонувал и му служел на Бога, кој ја создал вселената, на Господарот на небото и земјата, додека паганските народи се клањале пред камења, карпи, дрво и демони (5. Мојсеева 32,17; Псалм 106,37).

Каква остра разлика!

Во овие стихови Мојсеј укажува на две поединости кои Израел го направиле посебен. Прво, тоа што Господ им бил близу, на единствен начин, преку Светилиштето, а второ било тоа што имале „уредби и закони праведни како што е целиот овој закон“.

**Прочитајте 5. Мојсеева 4,32-35. Што уште им рекол Господ, што требало да им овозможи да увидат каков посебен повик им е упатен?**

___

___

**Без сомнеж, на Израел му било дадено многу. Е сега, како одговориле тие на тоа?**

## ВАШАТА МУДРОСТ И ВАШИОТ РАЗУМ

Текстот 5. Мојсеева 4,1-9, како што видовме, бил моќен израз не само на посебниот статус што го имале како народ туку и на нивниот мисионерски повик. Низ сите тие стихови е проткаена идејата дека тие треба да бидат послушни, да следат и да го прават сето она што Господ им го заповедал.

**Повторно прочитајте 5. Мојсеева 4,6. За што Господ конкретно вели дека е нивна „мудрост“ и „разум“ во очите на другите народи?**

На прв поглед би можело да се помисли дека мудрост и разум содржеле самите закони и одредби. Но, текстот не го вели тоа. Господ ги научил на одредбите и законите, тоа е точно, но нивната мудрост и разум потекнуваат од тоа што тие ги почитувале и ги извршувале. Нивната послушност – тоа била нивната мудрост и нивниот разум.

Израел можел да го има највеличествениот систем на закони, правила и прописи што светот воопшто го видел (како што всушност и го имал), но каква корист би било од сето тоа да не ги следел? Нивната мудрост и нивниот разум произлегувале од примената на Божјите закони во реалниот живот и реалното времен. Требало да живеат во согласност со вистините што им ги дал Господ, а тоа било можно само ако се потчинат. Ни сета светлина ни сета вистина не би им донеле ништо добро ниту ним ниту на незнабошците од нивното опкружување, доколку Израел не би живеел во согласност со таа вистина. Затоа тие секогаш одново се повикувани да се покорат, зашто нивното почитување на законите и одредбите, а не законите и одредбите сами по себе, било пресудно за нивниот статус како сведоци на светот.

„Послушноста кон Божјиот закон на Израелците би им обезбедила благосостојба на која би ѝ се восхитувале сите народи на светот. Истиот Оној, кој можел да им даде мудрост и вештина во секоја работа, и понатаму би останал нивни учител и преку послушноста на неговиот закон би ги облагородувал и издигнувал. Под услов да бидат послушни, би биле сочувани од болестите што ги мачеле другите народи и надарени со посебна умна способност. Божјата слава, неговото величество и моќ би се покажувале преку нивната благосостојба. Тие требало да бидат царство на свештеници и кнезови. Бог им ги подарил сите средства за да станат најзначаен народ на земјата.“ (Е. Г. В. *Христовите параболи,* стр. 288 ориг.).

**Прочитајте го текстот Матеј 5,13-16. Што ни кажува Исус во тие стихови а го одразува истото она што го рекол и на древниот Израел? Во која смисла би требало да се примени тоа, особено на нас како адвентисти на седмиот ден?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Уште од самиот почеток на големата борба на небото, постојана намера на сатаната била да го урне Божјиот закон. За да го постигне тоа, се побунил против Творецот и, иако бил исфрлен од небото, истата борба ја продолжил на земјата. Луѓето да ги измами и со тоа да ги наведе на престап на Божјиот закон, е цел кон која постојано се стремел. Било ова да го постигне со отфрлање на целиот Закон или со отстранување на одделни негови прописи, последиците на крај ќе бидат исти. Оној што "ќе згреши во едно", покажува презир кон целиот Закон; неговото влијание и пример се на страна на престапот; тој 'е виновен за сè' (Јаков 2,10)" (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 582, оригинал).

Што се однесува на Велфегор, Елена Вајт напишала: „Се осмелиле да стапат на забранета почва и се сплеткале во мрежите на сатаната. Восхитени од музиката и играта и намамени од убавината на незнабожечките калуѓерки, ја запоставиле својата верност кон Бога. Се придружиле кон веселбата и славјето, виното им го поматило разумот и ги урнало сите огради на самосовладувањето. Сетилноста потполно загосподарила и бидејќи својата совест ја извалкале со разврат, дозволиле да бидат наговорени да се поклонат пред идолите. Принесувале жртви на незнабожечките олтари и учествувале во понижувачките обреди" – Елена Г. Вајт, *Создавање, патријарси и пророци,* стр. 454, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете за тоа во која смисла ние, адвентистите на седмиот ден, се наоѓаме на местото на древниот Израел. Сетете се на сè што ни е дадено, а што светот околу нас, па дури ни другите цркви го немаат. Прашањето за нас е следно: Како одговараме на она што сме го добиле? Колку добро ги проектираме „мудроста и разумот" пред светот?**
2. **„А сите вие кои се држите цврсто за Господа, живи сте и денес" (5. Мојсеева 4,4). И повторно, објект на глаголот „држите" е народот. Господ нема да се приврзе за нас, во смисла дека нема да нè присили да бидеме покрај Него. Наместо тоа, користејќи го светиот дар на слободна волја, ние мора да избереме да се држиме за Него. А кога ќе го направиме тој избор, како да Го следиме до крајот и да се приклониме кон Него?**
3. **Задржете се на прашањето на крајот на проучувањето што е предвидено за недела. Што значи да се додава или да се одзема нешто од Божјите заповеди? Освен она очигледното, како што е обидот за замена на саботата, на кој начин може да се случи нешто толку суптилно што воопшто да не сфатиме што се случува?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 7**
**Од 6 – 12 ноември 2021**

# ЗАКОНОТ И БЛАГОДАТТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Езекиел 28,15.16; 5. Мојсеева 4,44; Римјаните 3,20; 5. Мојсеева 10,1-15; 5. Мојсеева 5,6-22; 5. Мојсеева 9,1-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не ја отфрлам благодатта Божја; зашто ако праведноста се придобива преку Законот, тогаш Христос залудо умрел“ (Галатјаните 2,21).**

Припадниците на поголем дел со христијанска вероисповед говорат за законот и благодатта и го разбираат односот меѓу нив. Законот е Божјо мерило на светоста и праведноста, а кршењето на тој закон е грев. „Секој што прави грев, прави и беззаконие; и гревот е беззаконие“ (1. Јованова 3,4). А бидејќи сите сме го прекршиле тој закон – „Но Писмото сите ги затвори под грев, па преку верата во Исус Христос да им се даде ветеното на оние кои веруваат“ (Галатјаните 3,22) – само Божјата благодат може да нѐ спаси. „Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас – туку дар Божји!“ (Ефесјаните 2,8).

(Секако, тука е и „благото навестување“ на седмиот ден, саботата, која е дел од законот. Сепак, од многу причини, мнозина христијани, барем засега, се решени да го отфрлат седмиот ден, саботата, изнаоѓајќи секакви слаби изговори за тоа. Но тоа е веќе сосем друга тема.)

Иако се изразува на разни начини, по пат на бројни сценарија, темата за законот и за благодатта несомнено се провлекува низ Библијата, вклучувајќи ја и 5. книга Мојсеева. Да, 5. книга Мојсеева, исто така го прикажува односот на законот и благодатта, но во единствен контекст.

## ЗАКОНОТ НА НЕБОТО

Бог е Бог на љубовта, а љубовта е сеопфатно начело на Неговиот карактер и темел на Неговото владеење. А бидејќи сакал да Му ја возвратиме љубовта, Бог нè создал како морални суштества со слобода на совеста, со слобода својствена на љубовта.

А она што е најважно за идејата на моралната слобода е моралниот закон. Субатомските честички, океанските бранови, кенгурите, иако во извесна смисла го следат природниот закон, не го следат, ниту им е потребен моралниот закон. Тој им е потребен само на моралните суштества, поради што Бог дури и на небото го вовел моралниот закон за ангелите.

**Прочитајте го текстот Езекиел 28,15.16, кој говори за падот на Луцифер на небото. На него се нашло „беззаконие“, а исто така се вели и дека „грешел“. Што ни открива употребата на тие зборови овде, во контекст на небото, за постоење на моралниот закон на небото?**

---

И „беззаконие“ и „грев“ се зборови што се користат меѓу нас луѓето. Но Писмото ги користи истите изрази за она што се случило на небото, во сосем друг дел на создадениот свет. Тоа би требало да ни каже нешто за она што постои на небото, како и на земјата.

**„Што да речеме пак? Зар Законот е грев? Никако! Но јас го разбрав гревот преку Законот, зашто и похотата не би ја познал, ако Законот не велеше: ’Не биди похотлив!‘“ (Римјаните 7,7). Како таа иста идеја, макар во начело, можела да постои и на небото, каде исто така постојат морални суштества – ангелите?**

---

Како што објаснува Елена Г. Вајт: „Божјата волја е изразена во прописите на Неговиот свет закон, а начелата на овој Закон се небесните начела. Небесните ангели не постигнуваат никакво повисозвишено знаење од познавањето за Божјата волја, а исполнувањето на Неговата волја е највозвишената служба на која можат да ги посветат своите способности“ (*Мисли од Горатa на блаженствата*, стр. 109 оригинал).

Небо или земја – не е ни важно – ако постојат морални суштества, постои и морален закон кој управува со нив, а кршењето на законот, на небото или на земјата, е грев.

**Зошто идејата за моралниот закон е неодвоива од идејата за моралните битија? Да го нема тој закона, како би одредиле што е морално, а што не е?**

# ЗАКОНОТ ВО ПЕТТАТА КНИГА МОЈСЕЕВА

Еврејскиот народ на границите на Ханан, Божјиот избран народ, конечно се подготвувал да ја наследи земјата која им ја ветил Бог. И, како што видовме, 5. книга Мојсеева ги содржи последните Мојсееви упатства дадени на Евреите пред да ја заземат земјата. А меѓу тие упатства биле и заповедите кои требало да се почитуваат.

**Прочитајте ги следниве библиски текстови. Која мисла секогаш одново се повторува и зошто е толку битна за народот? (5. Мојсеева 4,44; 5. Мојсеева 17,19; 5. Мојсеева 28,58; 5. Мојсеева 30,10; 5. Мојсеева 31,12; 5. Мојсеева 32,46; 5. Мојсеева 33,2).**

---

Дури и најповршното читање на 5. книга Мојсеева открива колку е битно почитувањето на законот за израелскиот народ. Во една многу реална смисла, тоа биле нивните заветни обврски. Бог сторил толку многу за нив и би сторил уште повеќе – она што не можеле да го сторат сами за себе и пред сѐ што не го ни заслужувале (зашто таква е благодатта – Бог ни го дава она што не го заслужуваме). А она што го барал за возврат била – послушност спрема Неговиот закон.

Ни сега не е поинаку. Божјата благодат нѐ спасува без делата на законот – „Така ние заклучуваме дека човекот се оправдува со верата, без делата на Законот“ (Римјаните 3,28) – а нашиот одговор е послушност на законот. Ние го држиме законот, иако не во залуден обид со тоа да се спасиме – „зашто преку делата на Законот пред Него нема да биде оправдан никој; бидејќи преку Законот се познава гревот (Римјаните 3,20) – туку како плод на спасението кое толку милостиво ни е дадено. „Ако Ме љубите, пазете ги Моите заповеди“ (Јован 14,15).

На 5. книга Мојсеева може да се гледа како на една очигледна поука за благодатта и за законот. Со посредство на благодатта Бог нѐ искупува, правејќи го за нас она што не би можеле да го сториме сами за себе (како што Израел не можел сам да се избави од Египет), а како одговор, ние со вера живееме во послушност спрема Него и Неговиот закон. Од падот на Адам па понатаму, сѐ до оние кои ќе живеат во времето на големи неволји и жигот на ѕверот, народ кој е прикажан како народ што ги пази „заповедите Божји и верата во Исус“ (Откровение 14,12) – Божјиот однос со Неговиот заветен народ е однос на законот и благодатта. Божјата благодат ни го простува тоа што сме го прекршиле Неговиот закон, а истовремено нѐ оспособува и да се потчинуваме на тој закон. Тоа е послушноста која произлегува од нашиот заветен однос со Него.

**Како можеме да ја избегнеме стапицата да не станеме легалисти почитувајќи го законот?**

## „ЛЕТОВ ЛАК“ – ЗА ДА ТИ БИДЕ ДОБРО

Скептиците, оние кои бараат причини за отфрлување на Библијата, често укажуваат на некои силни Божји зборови што се појавуваат во Стариот завет. Идејата е дека Бог во Стариот завет бил остар, одмаздољубив и со подомолен дух, особено во споредба со Исуса. Тоа не е некое ново тврдење, но и сега е исто толку погрешна како и пред многу векови, кога за првпат е проширена.

Стариот завет секогаш одново Го претставува Господа како Оној кој го сака својот народ – древниот Израел – и го сака само она што е најдобро за нив. Таа љубов е силно отсликана и во 5. книга Мојсеева.

**Прочитајте 5. Мојсеева 10,1-15. Кој е непосредниот контекст на овие стихови и што ни говорат за Божјите чувства спрема Неговиот народ, дури и по нивниот грев? На што нè учи тоа, всушност, за благодатта?**

---

Тие текстови се преполни со Божјата милост и љубов кон Израел. Обрнете посебно внимание на 12. и 13. стих. Тие всушност се една долга реченица, едно прашање, а тоа прашање е едноставно: „И така, Израеле, што бара Господ, твојот Бог, од тебе? Само тоа да се боиш од Господа, својот Бог, да одиш по сите Негови патишта; да Го љубиш и да Му служиш на Господа, својот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа; да ги пазиш Господовите заповеди и Неговите закони што ти ги давам денес за твое добро?“

Сите заменки во еврејскиот текст во 12. и 13. стих (како и во македонскиот превод) се наоѓаат во еднина. Иако Бог несомнено му се обраќа на народот во целина, каква полза од Неговите зборови би имале ако луѓето, секој од нив одделно, не би послушале? Целината е добра само онолку колку и збирот на нејзините делови. Господ, всушност, му се обраќа на секој поединец, еден на еден, додека му зборувал на Израел како народ.

Не можеме а да не го спомeнеме и крајот на 13. стих: Да ги пазиш Господовите заповеди и Неговите закони *letov lak*, што значи „за да ти биде добро“. Со други зборови, Бог им заповеда на припадниците на својот народ да бидат послушни зашто тоа е во нивен најдобар интерес. Бог ги создал, Бог ги одржува, Бог знае што е најдобро за нив и им го посакува она што најдобро за нив. Почитувањето на Неговиот закон, Неговите Десет заповеди може да им биде само од полза.

Законот често се споредува со жива ограда, со заштитен ѕид, а со останувањето внатре во тој ѕид, Неговите следбеници се заштитени од навлегувањето на злото кое, во спротивно, би ги преплавило и би ги уништило. Накусо, Бог го дал законот од љубов спрема својот народ, а послушноста спрема Неговиот закон е „за ваше добро“.

**На кои сè начини можеме сами себеси да се увериме дека послушноста спрема Божјиот закон е навистина за „наше добро“?**

# РОБ ВО ЕГИПЕТ

Во 5. книга Мојсеева насекаде се појавува една тема: Господ го искупил својот народ Израел од египетската земја. А народот секогаш одново се потсетува на тоа што Бог го сторил за нив: „Господ нѐ изведе од Египет со силна рака и со испружена мишка, со голем страв со знаци и со чудеса“ (5. Мојсеева 26,8; видете и 5. Мојсеева 16,1-6).

Всушност, низ целиот Стар завет, приказната за излегувањето од Египет се спомнува како пример на моќното Божје избавување од ропството и угнетувачката положба, благодарение на Неговата благодат: „Јас те изведов од египетската земја, те ослободив од куќата на ропството и ги водев пред тебе Мојсеј, Арон и Миријам“ (Михеј 6,4).

Дури и во Новиот завет се појавува таа идеја, при што излегувањето од Египет преку дејствувањето на големата Божје сила, се споменува како симбол на спасение со вера во Христа: „Со вера поминаа преку Црвеното Море како по суво, коешто се обидоа и Египќаните да го преминат, но се издавија“ (Евреите 11,29; исто така да се види и 1. Коринќаните 10,1-4).

**Прочитајте 5. Мојсеева 5,6-22. Тука Мојсеј го повторува законот, Десетте заповеди, основата на нивниот завет со Јахве. Обрнете внимание на четвртата заповед и на причината која е дадена за нејзиното држење. Што се зборува, што ја открива реалноста на законот и благодатта?**

____________________________________________________________

Мојсеј ја повторува основната заповед дека треба да се одмора седмиот дена, во Сабота, но ѝ дополнително ја нагласува. Иако таа е запишана на камен, како што гледаме во 2. Мојсеева, Мојсеј овде го проширува тоа што веќе им било дадено. Чувајте ја Саботата, не само како спомен на создавањето туку и како спомен на избавувањето од Египет. Божјата благодат ги спасила од Египет и им понудила одмор од нивните дела (Евреите 4,1-5). Сега, како одговор на благодатта која им ја дал Бог, требало да ја прошират таа благодат на другите.

Во тој случај, значи седмиот ден, Саботата, не станува само моќен симбол на создавањето туку и моќен симбол на искупувањето и благодатта. Сите во домаќинството, не само децата, туку и слугите, животните, па дури и придојденците меѓу нив, можеле да се одморат. Саботата ја проширува благодатта дадена на Евреите и на други, дури и на оние што се вон самиот заветен народ. А тој се наоѓа во срцето на Божјиот закон. Според тоа, истото она што Бог милостиво го сторил за нив, и тие треба да го прават за други. Тоа е навистина толку едноставно.

**Прочитајте го текстот Матеј 18,21-35. На кој начин начелото изнесено во параболата се открива во заповедта за Саботата, особено во смислата која е нагласена во 5. Мојсеева?**

## НЕ ЗА СВОЈАТА ПРАВДА

Средишната тема на христијанската религија, всушност, целокупната библиска религија е оправдување единствено со вера. „Му поверува Авраам на Бога, и тоа му се сметаше за праведност“ (Римјаните 4,3).

Познатиот цитат на Елена Г. Вајт на таа тема гласи: „Што е оправдување со вера? Тоа е Божје дело кое се состои во тоа да ја положи човековата слава во прав, и потоа да го направи она што човекот сам не е во состојбата да го направи за себе. Кога луѓето ќе ја согледаат сопствената ништожност, тие се подготвени да бидат наметнати со Христовата праведност“ (Елена Вајт, *The Faith I Live By,* стр. 109 оригинал).

Надвор од секаков сомнеж – кога ќе земеме предвид кој е Бог и колку е свет Тој, за разлика од тоа кои сме ние и колку сме несвети во споредба со Него – бил потребен неверојатен чин на благодат за да се спасиме ние. И тоа навистина се случило! Тој чин на благодат се одиграл на крстот, додека Христос, невин, умирал за гревовите на виновниците.

**Имајќи го тој контекст на ум, прочитајте 5. Мојсеева 9,1-6. Што му порачува Мојсеј на народот, кој на драматичен начин ја откривал стварноста на Божјата благодат спрема недостојните? На кој начин тоа што се случило тука го одразува начелото на оправдување со вера?**

---

Ако се обидеме да го резимираме Павловото учење за евангелието, веројатно најсоодветен израз би било она што го читаме во текстот 5. Мојсеева 9,5: „Не заради твојата праведност и заради правината на твоето срце“ Бог одлучил да те спаси. Тој тоа ќе го направи поради ветувањето на „вечно Евангелие“ (Откровение 14,6), ветување кое ни е дадено „не поради нашите дела, туку по Својата добра волја и благодатта, што ни е дадена во Христос Исус пред вечни времиња“ (2. Тимотеј 1,9; исто така, да се види Тит 1,2). Ако тоа ветување ни е дадено „пред вечни времиња“, тогаш сигурно не можело да биде врз основа на нашите дела, зашто ние не сме ни постоеле „пред вечни времиња“, па не сме ни имале некакви дела.

Накусо, и покрај вашите грешки, мани и тврди вратови, Господ ќе го направи тоа прекрасно дело за вас и во вас. А како резултат на тоа, Тој ќе ви заповеда да се потчините Нему и на Неговите закони. Ветувањето е веќе дадено и исполнето, а вашите дела, вашата послушност, дури и ако биле доволно добри (што не се), не се средство на вашето спасение, туку негов резултат.

**Господ те спасил со благодатта. А сега, со Неговиот закон запишан во срцето и со Неговиот Дух кој те зајакнува, оди и покорувај се на Неговиот закон.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христовиот непријател, кој се побунил против Божјиот закон на небото, како вешт, обучен војсководец, работел со сета своја сила, смислувајќи планови еден по друг, полн со измама, за да го направи неделотворен Божјиот закон – единствениот вистински детектор на гревот, мерило на праведноста“ (Ellen G. White, Review and Herald, 18 ноември 1890.

Две милијарди галаксии блескотат во вселената. Сто милијарди ѕвезди образуваат една галаксија – број кој изгледа вака: 100.000.000.000. Две милијарди галаксии, од која секоја има 100 милијарди ѕвезди – тоа е вкупно 200.000.000.000.000.000.000.000 ѕвезди.

А принципот на егзистенција гласи: Кој-годе нешто замислил и создал, мора да биде поголемо и да го надминува тоа што го замислил и создал. На пример, Пикасо е поголем од Пикасовото уметничко дела и го надминува. Бог кој ја осмислил и создал нашата вселена исто така мора да биде поголем од вселената и да ја надминува.

Имајќи го тоа на ум, размислете за следниов текст: „Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Словото беше Бог. Тоа во почетокот беше во Бога. Сè стана преку Него и без Него ништо не стана, од она што постана“ (Јован 1,1-3). Односно, Бог кој создал сè што е создадено, 200.000.000.000.000.000.000.000 ѕвезди и сè друго – што направил Тој всушност? „Се понижил“, станал човечко бебе, живеел безгрешен живот, а потоа умрел на крстот, носејќи ја во себе казната за нашите гревови и зло, за да можеме ние да го примиме ветувањето за вечниот живот.

Пред нас е таа голема вистина – благодатта која ни е дарувана во Исуса Христа на крстот. А што бара Бог од нас за возврат? „А суштината на сè е: бој се од Бога и пази ги неговите заповеди, зашто сето тоа е за човекот“ (Проповедник 12,13).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Одговорете на прашањето што е поставено на крајот од проучувањето предвидено за понеделник, за тоа како луѓето кои веруваат во држењето на Божјиот закон, Десетте заповеди (вклучувајќи ја и четвртата), можат да ги избегнат суптилните замки на легализмот. Во што послушноста, дури и кога е строга и непоколеблива, се разликува од легализмот, и како можеме да ја воочиме разликата меѓу тие две работи?**
2. **Какви приказни сте чуле (или сте дознале од прва рака) за страшните последици што ги трпат оние кои ги прекршиле Десетте заповеди? На што нè учи тоа за законот? Како законот ја одразува стварноста на Божјата љубов спрема нас?**
3. **Зошто крстот би требало да ни укаже на бескорисноста на обидите да го заработиме својот пат до небото?**

**Поука 8**
**Од 13 – 19 ноември 2021**

# ИЗБЕРИ ГО ЖИВОТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,8.9; Римјаните 6,23; 1. Јованова 5,12; 5. Мојсеева 30,1-20; Римјаните 10,6-10; 5. Мојсеева 4,19; Откровение 14,6-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ги земам денес за сведоци против вас небото и земјата дека пред вас ставам: живот и смрт, благослов и проклетство. И така, избери го животот " (5. Мојсеева 30,19).**

Тоа секогаш е тажна приказна. Во овој случај станува збор за млада личност, дваесет и двегодишна жена со дијагноза на смртоносна болест. Тумор на мозокот. И покрај сите чуда на современата медицина, не можело ништо да се стори, освен да ѝ се продолжи агонијата до неизбежното. Но оваа млада жена, „Сенди", не сакала да умре.

Затоа сковала план. По смртта, главата требало да ѝ биде замрзната во сад со течен азот, во надеж дека така ќе ѝ се зачуваат мозочните клетки. И тука ќе чекаат педесет години, сто години, илјада години, додека некогаш во иднината, кога технологијата ќе биде доволно напредна, нејзиниот мозок, составен од невронски врски, ќе може да се вчита во компјутер. И така – Сенди би можела да „живее" и натаму, можеби дури и засекогаш.

Оваа седмица, продолжувајќи со проучувањето на 5. книга Мојсеева, ќе се осврнеме на животните избори и на можноста која ни се пружа да го избереме животот, но под услови кои Бог, Дародавецот и Одржувачот на животот, милостиво ни ги понудил.

# ДРВОТО НА ЖИВОТОТ

Никој од нас не барал да биде овде, зар не? Не сме избрале да дојдеме во постоење, ниту сме избрале каде и кога ќе се родиме и кои ќе ни бидат родители.

Така било и со Адам и Ева. Тие не избрале да ги создаде Бог, ниту тоа го направиле листот, карпата или планината. Но нам, како човечки суштества, дадено ни е не само да постоиме (и карпата постои), и не само да живееме (и амебата е жива), туку да живееме како слободни разумни суштества создадени според Божјиот образ.

Но ние ни тоа не сме го избрале – да постоиме како разумни, слободни суштества создадени според Божјиот образ. Меѓутоа, она што Бог ни го нуди е изборот да останеме во постоење. То ест, можеме да одлучиме да имаме живот во Него, вечен живот, и тоа благодарение на Исус и Неговата смрт на крстот.

**Прочитајте ги библиските текстови: 1. Мојсеева 2,8.9.15-17 и 1. Мојсеева 3,22.23. Кои две можности му ги понудил Бог на Адам во однос на неговото постоење?**

---

„Среде градината растело дрво на животот чијшто плод имал сила постојано да го обновува животот. Кога Адам би му останал послушен на Бога, тој и понатаму би имал слободен пристап кон тоа дрво и би живеел вечно. Но, кога згрешил, не смеел повеќе да јаде од дрвото на животот и така станал подложен на смртта. Божествената пресуда: 'Зашто си прав и во прав ќе се вратиш”, укажува на целосно гаснење на животот'“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 532, 533 оригинал).

Имено, Библијата од самиот почеток ни нуди само една од двете можности: вечен живот, како што првобитно требало да имаме, и вечна смрт, која во суштина е само враќање во ништожноста од која сме потекнале.

Исто така, интересно е што „дрвото на животот“, за кое Писмото вели дека дава бесмртност, и кое првпат се спомнува во првата книга на Библијата, повторно се појавува во нејзината последна книга. Прочитајте го Откровение 2,7 и Откровение 22,2.14. Веројатно пораката е дека, иако требало да имаме пристап до дрвото на животот, поради гревот тој пристап сме го изгубиле. Но на крајот, кога проблем со гревот ќе биде конечно и целосно решен, благодарение на Исуса и планот на спасението, откупените, оние кои го избрале животот, повторно ќе имаат пристап до дрвото на животот, како што требало да го имаме од почеток.

**Размислете за следново: Како со своите секојдневни одлуки се определуваме за живот или за смрт?**

## НЕМА СРЕДИНА

Значи, низ целата Библија ни се нуди една од двете можности кои ни се изложени.

**Прочитајте ги следните библиски текстови. Кои две опции, кои два избора во следните текстови или отворено наведуваат или се подразбираат, и како тие опции ни се претставени?**

**Јован 3,16** ______________________________

______________________________

______________________________

**1. Мојсеева 7,22.23** ______________________________

______________________________

______________________________

**Римјаните 6,23** ______________________________

______________________________

______________________________

**Римјаните 8,6** ______________________________

______________________________

______________________________

**1. Јованово 5,12** ______________________________

______________________________

______________________________

**Матеј 7,24-27** ______________________________

______________________________

______________________________

Во крајна линија, за нас луѓето нема средина. Пред целосно да заврши големата борба, ќе се искоренат гревот, сатаната, злото, непослушноста и бунтот. Откако сето тоа ќе се случи, секој од нас, поединечно, ќе има или живот, вечен живот, кој Бог првобитно, пред создавањето на светот, планирал сите да го имаме, или ќе се соочи со вечна смрт, односно „со вечна погибел ќе бидат казнети далеку од лицето на Господ и од славата на Неговата“ (2. Солуњаните 1,9). Се чини дека Библијата не ни нуди никакви други можности.

Каква ќе биде нашата судбина? Тој одговор, на крајот на краиштата, зависи само од нас. Пред нас е изборот – живот или смрт.

**Во контекст на вечниот живот или вечната смрт, зошто е толку утешителна библиската вистина дека сепак луѓето во пеколот не се мачат и не горат засекогаш? Што би зборувало тоа за Божјиот карактер кога вечните маки, во свесна состојба, навистина би биле судбината на изгубените?**

## ЖИВОТ И ДОБРО, СМРТ И ЗЛО, БЛАГОСЛОВ И ПРОКЛЕТСТВО

Пред крајот на 5. книга Мојсеева, по долгиот говор за тоа што ќе се случи со народот ако биде непослушен спрема Господа и ги прекрши заветните ветувања, 30. глава започнува со ветувањето дека Бог, дури и ако паднат во грев и ако бидат казнети со прогонство, сепак ќе ги врати во земјата.

Односно, ќе ги врати ако се покаат и ако се одвратат од своите зли патишта.

**Прочитајте 5. Мојсеева 30,15-20. Кои опции му се понудени на древниот Израел и како тие го одразуваат она што го гледаме низ сета Библија?**

---

Господ е многу јасен – Тој, Јахве, ставил пред нив една од две можности, во основа истото она што го сторил со Адам и Ева во Едем. Всушност, еврејските зборови за „добро“ (tov) и „зло“ (ra‘) во стихот на 5. Мојсеева 30,15 се истите оние зборови кои се користат во 1. Мојсеева за дрвото на спознавањето на „доброто“ (tov) и „злото“ (ra‘). Овде, како и во целата Библија, не постои средина, ниту некаков неутрален терен на кој може да се биде. Тие или ќе Му служат на Господа и ќе имаат живот, или ќе ја одберат смртта. А тоа важи и за нас.

Живот, добрина, благослов, наспроти што? Смрт, зло и проклетство. Иако, во извесна смисла, со право би можело да се тврди дека всушност Бог им нудел само добро, само живот и само благослови. Меѓутоа, ако се одвратат од Него, сето тоа зло природно би уследило, зашто веќе не би ја имале Неговата посебна заштита.

Како и да го разбираме ние тоа, на народот му биле понудени тие опции. Исто така, многу јасно им е претставена реалноста на нивната слободна волја, нивната слобода на избор. Тие стихови, заедно со многу други во Библијата, во Стариот и Новиот завет, не би имале никаква смисла ако се одвоени од светиот дар на слободната волја, на слободата на избор.

Во една многу реална смисла, Господ ним им вели: Затоа, служејќи се со слободната волја која ви ја дадов – изберете го животот, изберете го благословот, изберете ја добрината, а не смртта, злото и проклетството.

Толку е очигледно дека таквиот избор би бил исправен, зар не? Но сепак, знаеме што се случило. Големата борба и тогаш била исто толку стварна како и денес, а од примерот на Израел би требало да се поучиме што би можело да се случи ако не му се предадеме на Господа во целост, ако не го избереме животот и сѐ што подразбира таквиот избор.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 30,20. Воочете ја поврзаност меѓу љубовта и послушноста. Што било неопходно за Израел да му биде верен на Господа? Во која смисла истото начело важи и за нас денес?**

## НЕ Е ПРЕТЕШКО ЗА ВАС

Во воведот на 30. глава од 5. книга Мојсеева, Господ говори што ќе биде ако народот се покае и одврати од своите зли патишта. Какви прекрасни ветувања тука се понудени!

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 30,1-10. Кои ветувања им ги дава Бог, и покрај фактот дека тука се говори за последиците кои би ги имале поради нивната непослушност? Што ни говори тоа за Божјата благодат?**

---

Сигурно тоа би било утешително да се чуе. Меѓутоа, поентата не била во тоа дека е неважно дали ќе се одвратат од она што Бог им го заповедал или не. Господ никому не му нуди евтина милост. Ако тоа воопшто требало нешто да им покаже, тогаш тоа е Божјата љубов, па за возврат и тие Него да Го засакаат, покажувајќи ја љубовта така што ќе бидат послушни на она што им го рекол.

**Прочитајте 5. Мојсеева 30,11-14. Шта им кажува тука Господ? Кое е основното ветување во тие стихови и на кои текстови од Новиот завет можете да се сетите кои упатуваат на тоа исто ветување?**

---

Погледнете каков повик им е упатен тука, на преубав јазик и со непобитна логика. Господ не бара од нив ништо што би било премногу тешко да се стори. Божјата заповед не е премногу „тешка" и „загатлива" за да ја разберат. Ниту е надвор од нивниот домет. Тоа не е пат кон небото, толку далечен за да мора некој друг да им го обезбеди, ниту е нешто преку морето, па некој друг да мора да им го донесе. Напротив, Господ вели: „Зашто, заповедта е сосем близу до тебе, во твојата уста и во твоето срце, за да ја извршуваш" (5. Мојсеева 30,14). Односно, доволно ви е позната за да можете да ја говорите, и ви се наоѓа во срцето така што сте свесни дека морате да ја извршувате. Значи, нема оправдувања за непослушноста. „Сите негови заповеди едновремено и оспособуваат заповедта да се изврши" (*Христовите параболи,* стр. 333 ориг.).

Апостол Павле всушност цитира некои од тие стихови во контекст на спасението во Христа. Односно, Павле упатува на нив како пример за оправдување со вера. (Видете Римјаните 10,6-10.)

А тогаш, по зборовите во 5. Мојсеева, на децата Израелови им се вели – безусловно – да изберат живот или смрт, благослов или проклетство. И ако, со благодатта и верата, го изберат животот – навистина ќе го имаат.

**Ни денес не е ништо поинаку, зар не?**

## ПРАШАЊЕ ЗА БОГОСЛУЖЕНИЕТО

Најважното во заветниот однос меѓу Господа и Израел било богослужението. Она што ги правело поинакви од целиот свет околу нив било тоа што само тие како народ Го обожавале вистинскиот Бог, за разлика од лажните богови и божици на паганскиот свет, кои всушност и воопшто не се богови. „Сега гледате дека единствено Јас Сум, и дека нема друг Бог покрај Мене“ (5. Мојсеева 32,39).

**Прочитајте ги следниве библиски текстови: 5. Мојсеева 4,19; 5. Мојсеева 8,19; 5. Мојсеева 11,16 и 5. Мојсеева 30,17. Какво предупредување наоѓаме во сите нив? Зошто тоа предупредување било толку битно за израелскиот народ?**

---

Илјадници години порано, баш како и денес, Божјиот народ живеел во култура и опкружување чија атмосфера, обичаи и сфаќања, во поголем дел случаи, биле во судир со нивната вера. Затоа Божјиот народ секогаш морал да биде на стража, за патиштата на светот, неговите идоли и „богови“ да не станат предмет на нивното обожавање.

Нашиот Бог е „љубоморен Бог – Тој е Бог Ревнител“ (5. Мојсеева 4,24; 5. Мојсеева 5,9; 5. Мојсеева 6,15), и само Тој, како наш Создател и Откупител, е достоен да го обожаваме. Ни тука нема средина – или Му се клањаме на Господа кој донесува живот, добрина и благослов, или се клањаме на некој друг бог кој донесува зло, проклетство и смрт.

**Прочитајте го текстот Откровение 13,1-15 и сосредоточете се на прашањето како е прикажано тука богослужението. Потоа споредете ги тие стихови со текстот Откровение 14,6-12. Што се случува тука во Откровението што потсетува на предупредувањето дадено во 5. Мојсеева (всушност, во целото Писмо) во врска со лажното богослужение?**

---

Колку и да е различен контекстот, прашањето е исто: Дали луѓето ќе се поклонат на вистинскиот Бог и ќе имаат живот, или ќе им подлегнат на притисоците, било отворени, било прикриени, или и на едните и на другите, да се одвратат од Него и да се соочат со смртта? Во крајна линија, одговорот лежи во срцето на секој поединец. Бог не го принудувал древниот Израел да Го следи, а нема ни нас. Како што гледаме во текстот Откровение 13, ѕверот и неговата икона се тие кои ќе употребат сила. Бог, сосем спротивно, дејствува со посредство на љубовта.

**Како можеме да бидеме сигурни дека својата верност спрема Исус не ја отстапуваме полека, едвај забележливо, на некој друг бог?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

И тогаш, како и денес, на сите им е понуден избор. Клучниот збор овде е избор. За разлика од одредено сфаќање за христијанството, според кое Бог предодредил некои луѓе, дури и пред раѓањето, не само да бидат изгубени, туку и засекогаш да горат во пеколот, Библијата учи дека токму нашиот слободен избор меѓу животот и смртта, благословот и проклетството, доброто и злото одредува со која тријада (живот, добро, благослов или смрт, зло, проклетство) на крајот ќе се соочиме. Добро е да се знае дека дури и за оние кои прават погрешен избор, последица ќе биде смрт, вечна смрт, а не вечно мачење во бескрајното огнено езеро.

„’Зашто плата за гревот е смрт, а дарот Божји е живот вечен во нашиот Господ Исус Христос’ (Римјаните 6,23). Додека вечниот живот е наследство на праведниците, смртта е плата за грешниците. Мојсеј му рекол на Израел: ’Еве, денеска пред тебе ставам живот и благослов, смрт и проклетство’ (5. Мојсеева 30,15). Смртта, спомената во овој стих, не е онаа смрт што е изречена над Адама, што ја поднесуваат сите луѓе како казна изречена над неговиот престап, туку тоа е ’втора смрт’, која се истакнува како спротивност на вечниот живот“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 544, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за изнесената идеја во проучувањето предвидено за вторник, за тоа дали е Бог тој кој директно, овде и сега, ја спроведува казната за непослушност, или до тоа доаѓа како нормална последица од непослушноста. Или, можеби, и едното и другото е точно? Или има случаи кога е во прашање едното или другото? Како го разбираме тоа прашање?**
2. **На што нè учат горенаведените текстови на Елена Вајт за Божјата сила која ни стои на располагање заради совладување на гревот?**
3. **Прочитајте Римјаните 10,1-10, каде Павле го наведува текстот од 5. Мојсеева 30,11-14 додека го објаснува спасението со вера во Исуса, наспроти спасението во праведноста кои се остваруваат врз основа на законот. Што мислите, зошто тој ги употребил стиховите од 5. Мојсеева? Обрнете особено внимание на библискиот текст Римјаните 10,10: „Ако длабоко во себе имаш таква вера, Бог ќе те смета за праведен. Ако со својата уста ја исповедаш оваа вера, ќе бидеш спасен“. Што сака Павле со тоа да каже?**
4. **На кои начини нашата култура, нашето општество и нашето опкружување би можеле со своите ставови, ако не сме внимателни, да нè наведат на лажно богослужение?**

**Поука 9**
**Од 20 – 26 ноември 2021**

# ПРЕСВРТ ВО СРЦЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 5. Мојсеева 5,22-29; 5. Мојсеева 4,25-31; 5. Мојсеева 30,1-10; Матеј 3,1-8; Марко 1,15; Дела 2,37.38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Таму ќе Го бараш Господа, својот Бог. И ќе Го најдеш ако го бараш со сето свое срце и со сета своја душа" (5. Мојсеева 4,29).**

Еден едноставен животен факт нѐ следи сите – ние сме грешни. Одвреме-навреме слушаме како некој „стручњак" негодува поради таа христијанска идеја за основната човечка расипаност, но треба само да се гледаат вестите во текот на еден ден или да се направи брз преглед на човечката историја, за да стане очигледна вистинитоста на тоа христијанско учење.

Или, што е уште полесно, доволно е да се погледне во огледало – имено, не мораме воопшто да одиме подалеку. Секој кој имал храброст да се загледа долго и длабоко во сопственото срце (што може да биде навистина застрашувачко), свесен е за вистинитоста на она што го пишува во Римјаните 3,9-23, и што завршува со зборовите: „зашто сите згрешија и лишени се од славата Божја" (Римјаните 3,23).

Бездруго, добрата вест ја наоѓаме во следниот стих, „Но ќе бидат оправдани преку дар, со Божјата благодат, а преку откупот во Исус Христос" (Римјаните 3,24). Во врска со оваа прекрасна вест, од пресудна важност е покајанието: признавањето на сопствениот грев, жалоста поради него, барањето Божје простување и, на крајот, одвраќање од него. Со оглед дека сме грешни, покајанието би требало да биде средиштен дел од нашето христијанско живеење. Затоа, оваа седмица ќе ја разгледаме идејата за покајанието, онака како што е изразена во 5. Мојсеева.

## MI-YITTEN

Еврејскиот јазик на кој е напишана Библијата, како и голем дел од другите јазици, е преполн со идиоми, со изрази кои добиваат поинакво значење од буквалното значење на одделни зборови во него. Еден од идиомите во Стариот завет е „mi-yitten“. „Mi“ е прашање и значи „кој?“ а „yitten“ значи „даде“. Според тоа, буквално, „mi-yitten“ значи „кој ќе даде?“

Меѓутоа, во Стариот завет тој израз ги означува желбата и копнежот на некој кому очајнички му треба нешто.

На пример, по бегството од Египет, децата Израелови, соочени со предизвиците во пустината, се жалеле: „Ох, да изумревме од Господовата рака во Египетската Земја“ (2. Мојсеева 16,3). Тој израз потекнува од „mi-yitten.“

Во текстот Псалм 14,7 Давид се прашува: „О, нека дојде од Сион, спасението на Израел“. На еврејски, изразот „нека“, всушност е „mi-yitten“.

Во текстот За Јов 6,8, кога тој извикува: „Се надевам дека мојата молба ќе биде послушана“ – „Се надевам“ е, повторно, од „mi-yitten“.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 5,22-29, сосредоточувајќи се посебно на 29. стих. Што значи тоа што зборот преведен како „О“ потекнува од „mi-yitten“?**

___

___

Тука самиот Господ – Богот Создател, Оној кој ги создал просторот, времето и материјата, Оној кој го довел нашиот свет во постоење, Оној кој на Адама му вдахнал здив на животот – изговара збор кој главно се поврзува со слабостите и ограничувањата на човечкиот род. Каков пример е тоа за реалноста на слободната волја! Тука гледаме дека постојат граници за она што Бог може да го стори во рамките на големата борба. Употребата на „mi-yitten“ открива дека дури ни Бог не може да ја погази нашата слободна волја – зашто, во моментот кога тоа би го направил, таа веќе не би била слободна.

Но, исто како што сме слободни да грешиме, ние луѓето исто така сме слободни да Го избереме Господа, да одлучиме да бидеме отворени за Неговото водство, да се определиме, одговарајќи на Неговиот Дух, да се покаеме за своите гревови и да Го следиме Него. Во крајна линија, изборот е наш и само наш, а тоа е избор кој мораме да го правиме од ден во ден, од момент во момент.

**Со какви одлуки ќе се соочите во наредните неколку часови или денови? Како можете да научите да ја предадете својата волја на Бога како би можеле, во Неговата сила, да донесувате вистински одлуки?**

## БАРАЈТЕ МЕ И НАЈДЕТЕ МЕ

Низ целата Библија наоѓаме докази за Божјото предзнаење. Односно, на фактот дека Тој однапред знае што сè ќе се случува. Било да станува збор за подемот и падот на светските царства (Даниел 7), или за постапките на поединците само неколку часа пред да дојде до нив – „Те уверувам дека уште ноќва, пред да пропеат петлите, трипати ќе одречеш дека си Мој следбеник“ (Матеј 26,34) – Господ го знае крајот од почеток. Меѓутоа, Неговото предзнаење, дури и тоа што ние ќе одлучиме со својата слободна волја, нема никакво влијание на таа слобода на избор.

Така Господ, дури и пред да ги внесе синовите Израелови во земјата, знаел што ќе прават кога ќе бидат во земјата.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 4,25-28. Што рекол Господ дека ќе направат тие откако ќе влезат во земјата којашто им била ветена?**

---

Во претходните стихови Господ посебно им напоменува да не прават идоли и да не им се клањаат (5. Мојсеева 4,15-20). Сепак, следните стихови прилично јасно зборуваат дека правењето идоли и нивното обожавање ќе биде токму она што ќе го прават, и покрај сите предупредувања.

Воочете дека Мојсеј во текстот 5. Мојсеева 4,25 јасно вели дека тоа нема да се случи веднаш. По сè што доживеале, било малку веројатно дека веднаш ќе паднат во идолопоклонство. Меѓутоа, со текот на времето, по една или повеќе генерации, склоноста да „заборават“ (5. Мојсеева 4,9) што сторил Господ за нив и на што ги предупредил, ќе доведе до тоа да го прават токму она на што ги предупредувал.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 4,29-31. Што вели Господ дека ќе направи за нив во таа конкретна ситуација?**

---

Божјата благодат е неверојатна. Дури и кога ќе паднат во страшното зло на идолопоклонството, дури и кога ќе ги доживеат неминовните последици на своите гревови, ако Му се обратат на Господа, Тој ќе им прости и ќе ги обнови. Накусо, ако своеволно одлучат да се покаат, Бог ќе го прифати нивното покајание.

Зборот од текстот на 5. Мојсеева 4,30, која често се преведува со изразот „се обрати“, всушност значи „се врати“. Односно, тие треба да Му се вратат на Господа, таму каде што требало да бидат цело време. Еврејскиот збор teshuvah, од истиот коренски збор како и „се врати“, всушност значи „покајание“.

**Значи, во суштина, што сè и да опфаќа покајанието, дел од тоа и враќањето на Бога, откако нашите гревови ќе нè одвојат од Него.**

# TESHUVAH

Низ целата Петта книга Мојсеева, се провлекува една клучна тема – ако го послушате Господа ќе бидете благословени, ако бидете непослушни, ќе ги сносите последиците. Ни во Новиот завет не е ништо поинаку. „Не лажете се: Бог не е за подигрување. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее. Кој сее во телото свое, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во духот, од духот ќе пожнее вечен живот“ (Галатјаните 6,7.8).

За несреќа, барем по Падот, гревот ни делува исто толку едноставно и природно како и дишењето. И покрај сите предупредувања и ветувања – „Оваа заповед, што ти ја давам денес, не е длабока за тебе ниту е предалеку од тебе“ (5. Мојсеева 30,11) – многумина од народот го правеле токму тоа – паѓале во гревови на кои ги предупредил Бог.

Па сепак, дури и тогаш, Бог бил подготвен да ги прими назад, под услов, користејќи ја својата слободна волја – слободата на изборот, да се покаат и да Му се вратат Нему.

**Прочитајте го повторно текстот 5. Мојсеева 30,1-10. Што вели Господ дека ќе стори за својот народ, и покрај сите неправди што Му ги нанеле? На кој услов, меѓутоа, почивале тие прекрасни ветувања?**

---

Замислата е едноставна и јасна – ако закашкате, последиците за вас и вашето семејство ќе бидат страшни. Токму тоа го прави гревот. Меѓутоа, дури и тогаш можете да се покаете, и Господ ќе ве прими назад и ќе ве благослови.

Често пати во тие стихови се појавува ист еврејски коренски збор од кој се издвојува поимот teshuvah. Во текстот на 5. Мојсеева 30,2, читаме: „...и се обрнеш кон Господа, својот Бог“. Дел од стихот на 5. Мојсеева 30,8, иако често се преведува, и тоа исправно: „А ти наново ќе го слушаш Господовиот глас и ќе ги вршиш сите Негови заповеди“, би можел да се преведе буквално: „Кога ќе се вратиш и ќе го послушаш гласот Господов.“ Конечно, во текстот на 5. Мојсеева 30,10, каде стои: „Кога ќе му се обрнеш на Господа, својот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа“, повторно зборот „обрнеш“ всушност означува „враќање“.

Со други зборови, и покрај сѐ што има се случило, и покрај нивната крајна повреда и кршење на заветот, Господ сѐ уште не завршил со тој народ, и доколку тие не сакале Тој да заврши со нив, можеле таа желба да ја покажат преку покајание.

**Иако се занимаваат со народот во целина, како тие текстови, покрај инаквиот контекст од оној во кој ние се наоѓаме денес, сепак покажуваат колку вистинското покајание е суштински битно за нас како верници кои, одвреме-навреме, исто така го прекршуваме заветот што сме го склопиле со Бога?**

## ОД СЕТО СРЦЕ

Текстот од 5. Мојсеева 30,1-10 ги открива Божјата благодат и добрината спрема престапниците и грешниците, и покрај тоа што тие грешници и престапници Бог ги благословил на единствен начин: „Зашто, кој народ е толку голем за да му бидат боговите толку близу како што ни е Господ, нашиот Бог, нам, кога ќе го повикаме?“ (5. Мојсеева 4,7). И покрај сè што сторил Тој за нив, и покрај фактот дека немале никаков вистински изговор ниту оправдувања за својот грев, тие сеедно грешеле (дали некој се препознава во тоа?).

Па, сепак, што се случувало дури и тогаш?

**Во текстот 5. Мојсеева 30,1-10, сосредоточете се на тоа што подразбирале нивното покајание и нивното враќање (teshuvah) кај Бога. Што се барало и на што би требало да нè научи денес кога станува збор за тоа што вклучува вистинско покајание?**

---

На крајот, морале да одлучат да Му се вратат и да Му бидат послушни од сето срце. Во извесна смисла, вистинскиот проблем било нивното срце, бидејќи – ако нивните срца биле исправни пред Бога, и нивните постапки би биле во согласност со тоа. То ест, тие би Му биле послушни.

Затоа им е упатено прекрасно ветување дека Бог, ако Му се „вратат“, обраќајќи Му се искрено Нему, ќе дејствува во нив и ќе ги „обреже“ нивните срца. Сред своето заточеништво, морале да донесат одлука да Му се вратат на Бога, а Тој потоа би ги вратил Себеси и на земјата која им ја дал. Тогаш таму, во таа земја, би ги благословил. А дел од благословот се состоел во Неговото делување на нивните срца, за уште повеќе да Му се приближат Нему, па тие и нивните деца да го љубат Бога „со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила“ (5. Мојсеева 6,5).

На крајот, одговарајќи на Божјиот поттик (видете Дела 5,31), би морале вистински да се покаат за своите гревови. Иако се занимавала со поинаков историски контекст, Елена Г. Вајт пишувала: „Тие се јадосувале поради страдањата што им ги донел гревот, а не затоа што го навредувале Бога со престапувањето на неговиот свет закон. Вистинското каење е нешто повеќе отколку само жалење поради сторениот грев. Тоа претставува решително враќање од грешниот пат“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 557 оригинал). Тоа е вистината која ја гледаме во текстот 5. Мојсеева 30,1-10.

**Како можеме да ја воочиме разликата помеѓу жалењето поради последиците на своите гревови, што секој може да ги направи, и жалењето поради самите гревови? Зошто таа разлика е толку битна?**

## ПОКАЈТЕ СЕ И ОБРАТЕТЕ СЕ

Новиот завет, секако, во голема мера е проткаен со идејата за покајанието. Всушност, Јован Крстител ја започнал својата служба со повикот за покајание.

**Прочитајте го библискиот текст Матеј 3,1-8. Како идејата за „враќањето“ е изразена во овие стихови? Со други зборови, што, во она што им го кажува Јован да го прават, ја одразува истата мисла што ја наоѓаме во 5. Мојсеева? Зошто, покрај тоа, неговите зборови имале посебно значење за фарисеите и садукеите?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

И Исус исто така ја започнал својата служба со повик за покајание.

**Прочитајте го библискиот текст Марко 1,15. Што вели Исус тука и зошто Тој го поврзува покајанието со евангелието?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Било да станува збор за Јован кој разговара конкретно со верските водачи, било за Исус кој му се обраќа на народот во целина, идејата е иста. Ние сме грешници, и иако Христос дошол да ги спаси грешниците, ние мораме да се покаеме за своите гревови. А тоа покајание – било да станува збор за престапник, било за христијанин кој паднал во грев, било за новообратен верник – подразбира свртување од нашите стари грешни патишта. Мораме да ја признаеме својата грешност, а тогаш, каејќи се поради самите свои гревови (а не само поради нивните последици), мораме да донесеме свесна одлука да ги отстраниме тие гревови. Дури тогаш ќе можеме, потпирајќи се во целост на Исусовите заслуги, „само ако го слушаш добро гласот на Господа, својот Бог“ (5. Мојсеева 15,5).

Некои проучувачи на Библијата, во Новиот завет ги гледаат одеците на идејата за покајанието изразена во 5. Мојсеева. На пример, кога Петар го обвинил насобраниот народ дека го распнале Исуса, многумина кога „ова што го слушнаа до срце ги прободе, па им рекоа на Петар и на другите апостоли: ’Луѓе, браќа, што да правиме‘?“ (Дела 2,37). Значи, кога станале свесни за својот грев, зажалиле поради тоа („до срце ги прободе“), и посакале да дознаат што треба да направат сега за да бидат повторно прави пред Бога кого го навредиле.

Зар не е тоа приближно истата ситуација во која се наоѓаме сите ние – грешници кои го навредиле Бога?

**Прочитајте Дела 2,38. Како Петар одговорил на нивното прашање и како таа епизода го открива начелото на вистинското покајание?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„При секој нов чекор во нашето христијанско искуство, нашето покајание ќе се продлабува. Токму на оние на кои им простил, на оние што ги признал како свој народ, Господ им кажува: ’И тогаш ќе си спомнете за своите лоши патишта и неправди, и сами ќе се замразите себеси заради своите беззаконија и гадости’ (Езекил 36,31). И повторно нагласува: ’Ќе склучам со тебе свој сојуз и ќе знаеш дека јас сум Господ, за да си спомнеш и за да се засрамиш и од срам веќе да не ја отвориш устата кога ќе ти простам сѐ што си направила’ (Езекиел 16,62.63). Тогаш нашите усни нема веќе да се отвораат за да се издигнуваме себеси. Ќе знаеме дека нашиот успех единствено зависи од нашата заедница со Христа. Признавањето на апостол Павле ќе биде и наше признавање: ’Знам дека никакво добро не живее во мене, односно во моето тело’ (Римјаните 7,18). ’Никако да не се фалам со нешто друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку кого светот е распнат за мене и јас за светот’ (Галатјаните 6,14)“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 160, 161, ориг.).

„’Не знаеш ли дека Божјата добрина те води кон покајание?’ (Римјаните 2,4). Секоја загрозена душа е опкружена со златен синџир на Божјата милост и љубов која сожалува. Господ изјавува: ’Те љубам со вечна љубов, затоа постојано ти укажувам милост’ (Еремија 31,3)“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 202, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Иако мораме да се покаеме, како можеме да ја избегнеме стапицата покајанието да го сметаме за своја заслуга, како самиот чин на покајание да е она што нѐ прави исправни пред Бога? Единствено на кој начин можеме да бидеме прави пред Бога?**
2. **„Тогаш Јуда, што Го предаде, кога виде дека е Тој осуден, се покаја и им ги врати триесетте сребреници на првосвештениците и старешините, велејќи им: ’Згрешив, зашто предадов невина крв!‘ А тие му одговорија: ’Што ни е грижа нам за тоа? Мисли му ти!‘ Тој ги фрли сребрениците во храмот, излезе и отиде, та се обеси“ (Матеј 27,3-5). Нема сомнеж дека Јуда зажалил за она што му го направил на Исус (впрочем, се убил поради тоа). Меѓутоа, зошто неговите постапки не се сметаат за вистинско покајание?**
3. **Како реалноста за грешноста на човековата природа, а особено нашата сопствена грешност, би можела да нѐ направи понизни пред другите (така што нема да ги осудуваме) и пред Бога? Како фактот дека за нашето спасение бил неопходен крстот, односно смртта на Божјиот Син, ни покажува колку гревот е навистина лош?**

Поука 10
Од 27 ноември до 3 декември 2021

# СПОМНИ СИ И НЕ ЗАБОРАВАЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 9,8-17; 5. Мојсеева 4,32-39; Откровение 14,12; 5. Мојсеева 4,9.23; 5. Мојсеева 6,7; 5. Мојсеева 8,7-18; Ефесјаните 2,8-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Спомни си и не заборавај како Го лутеше Господа, својот Бог, во пустината. Од денот кога излеговте од Египетската Земја па до доаѓањето на ова место, Му бевте непокорни на Господа“ (5. Мојсеева 9,7).**

Во целата Библија се појавуваат тие два збора: памтење и заборавање. И двата збора се однесуваат на нешто човечко, нешто што се случува во нашиот ум. Тоа се глаголи и имаат спротивно значење: да се памти значи да не се заборави, а да се заборави значи да не се памти.

Бог често бара од својот народ да се сеќава на сето она што го сторил за нив – да се сеќаваат на Неговата благодат и добрината спрема нив. Голем дел од Стариот завет се состои од пророчките предупредувања дадени на народот, на еврејскиот народ, да не заборават што сè сторил Господ за нив. Исто така, и што е најважно, не смееле да заборават која е нивната должност во Него и каков вид луѓе требало да бидат во одговорот на тој повик. „Си спомнувам за Господовите дела, се сеќавам за Твоите древни чудеса“ (Псалми 77,11).

Дали за нас денес е нешто поинаку, како на заеднички така и на личен план? Колку е лесно да се заборави што сторил Бог за нас.

Оваа седмица ќе се осврнеме на тоа важно начело, онака како што е изразено во 5. Мојсеева – на помнењето и заборавањето на Божјите дела во нашиот живот.

## СЕЌАВАЊЕ НА ВИНОЖИТОТО

Зборот „сеќава/спомне“ за прв пат се појавува во Библијата во 9. глава на 1. книга Мојсеева, кога – по сеопштиот потоп – Господ му рекол на Ное дека ќе смести виножито на небото како знак на својот завет со целата земја, дека никогаш повеќе нема да ја уништи со потоп. **Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 9,8-17. Како тука се користи зборот „спомне“ и што може да се научи од неговата употреба за тоа како треба да се потсетуваме што сторил Бог за нас?**

---

Бездруго, на Бога не Му е потребен виножито за да си спомне за своето ветување и за својот завет. Тој само зборувал на јазик кој луѓето можеле да го разберат. Ако ништо друго, виножитото е тука за нас, луѓето, за да си спомнеме на Божјото ветување и заветот дека нема повторно да го уништи светот со вода. Со други зборови, виножитото требало да им помогне на луѓето да се сетат на тој посебен завет што го склопил Бог. Секогаш кога ќе се појавело виножито, Божјиот народ ќе се сетел не само на Божјиот суд над светот поради неговите гревови, туку и на Неговата љубов спрема светот и ветувањето дека никогаш повторно нема да има потоп.

Имено, тука ја гледаме важноста на идејата за сеќавањето/спомнувањето – сеќавање на Божјите ветувања, сеќавање на Божјите опомени, сеќавање на Божјото дејствување во светот.

Виножитото на небото станува уште поважно денес кога, врз основа на континуитетот на природните закони, многу научници ја отфрлаат идејата дека сеопштиот потоп воопшто некогаш се случил. Интересно е дека Елена Вајт пишува за тоа како пред Потопот многумина ја имале токму таа иста идеја дека континуитетот на природните закони ја исклучува можноста оти сеопштиот потоп воопшто можел да се случи. Таа пишува како некои умни луѓе тврделе дека „природата во своето дејствување ги следи утврдените закони во кои не се меша дури ни Бог ниту може да влијае врз нив“ (Создавање, *Патријарси и пророци*, стр. 97 оригинал). Значи, пред Потопот, луѓето, врз основа на природните закони, тврделе дека не може да се случи. Денес, по Потопот, луѓето, врз основа на природните закони, тврдат дека никогаш не се ни случил.

Меѓутоа, Бог во својата Реч ни говори за Потопот. Тој на светот му дал знак, кој потсетува не само на Потопот туку и на Неговото ветување дека никогаш повторно ќе нема потоп. Затоа, ако се сетиме што значи виножитото, можеме да имаме потврда, испишана на небото во тие прекрасни бои, дека Божјата реч е сигурна. А ако можеме да ѝ веруваме на Неговата реч во врска со тоа ветување, зошто не би верувале во врска со сè друго што Тој ни го говори?

**Следниот пат кога ќе видите виножито, сетете се на Божјите ветувања. Како можеме да научиме да им веруваме на сите тие ветувања?**

## ВО ВРСКА СО СТАРИТЕ ВРЕМИЊА

Во 4. глава од 5. книга Мојсеева читаме прекрасни совети кои Господ, преку Мојсеј, им ги упатил на Израелците во врска со нивните големи предности како Божји избран народ. Тој ги искупил од Египет „со искушенија, со знакови, со чудеса и со војна, со цврста рака и со испружена мишка, покрај силни стравотии, како што сè тоа го направи за вас, пред вашите очи, Господ, вашиот Бог, во Египет“ (5. Мојсеева 4,34). Со други зборови, Бог не само што направил нешто големо за вас, туку тоа го направил на начин кој би требало да ви помогне да се сетите, и никогаш да не заборавите кои големи работи ги сторил за вас.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 4,32-39. Господ барал од нив да се сеќаваат на нешто и зошто тоа било толку важно?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Мојсеј го упатува народот наназад низ целата историја, дури до самото создавање, и им поставува реторичко питање дали во целата историја некогаш е направено нешто слично на она што е направено за нив. Тој всушност им вели да се распрашаат, то ест да проучат и да видат дали некогаш порано се случило нешто како она што сами го искусиле. Поставувајќи им ги тие неколку прашања, Мојсеј настојувал да ги наведе сами да се уверат што сторил Господ за нив, и, на тој начин, конечно да сфатат колку треба да Му бидат благодарни за сите тие силни дела во нивниот живот.

Најважното меѓу тие дела било нивното избавување од Египет, а потоа, нешто можеби уште поневеројатно – кога Бог им се обратил од Синај, овозможувајќи им да ги чујат Неговите зборови „сред огнот“.

**Прочитајте 5. Мојсеева 4,40. Каков заклучок сакал Мојсеј да извлече народот од тие зборови за сето она што Бог го сторил за нив?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

А Господ не го сторил тоа без некаква цел. Тој го искупил својот народ, почитувајќи го својот дел од заветот што го склопил со нив. Биле ослободени од Египет, и се подготвувале да влезат во Ветената земја. Бог го исполнил својот дел, а тогаш тие биле повикани да го исполнат својот, а тоа всушност значело, едноставно, да бидат послушни.

**На кој начин тој модел претставува план за спасение како што е изразен во Новиот завет? Што направил Исус за нас и како ние треба да одговориме на тоа? (Видете Откровение 14,12.)**

## ВНИМАВАЈ... ДА НЕ ЗАБОРАВИШ

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 4,9.23. Што им заповеда Господ и зошто таа опомена била толку важна за народот?**

________________________________________________________

Два глагола доминираат во воведниот дел на двата стиха: „внимавај“ и „заборави“. Господ всушност им вели: внимавај да не заборавите. Односно, не заборавајте го она што го сторил Господ за вас, ниту заветот што го склопил со вас.

Глаголот „внимавај“, смр (што се користи во уште еден облик во стихот на 5. Мојсеева 4,9, во превод „чувај“) се јавува во целиот Стар завет, а значи „чува“, „пази“, „одржува“ или „стражари“. Интересно е што тој глагол во Писмото се јавува за прв пат уште пред паѓањето во грев, кога Господ му рекол на Адам да ја „чува“ градината која му ја дал (1. Мојсеева 2,15).

Сега, меѓутоа, Господ му вели на народот, секому одделно (глаголот е во еднина), да внимаваат да не заборават. Тука не станува збор толку во смисла на губење на памтењето (иако современе и тоа се случува, особено кај новите генерации кои доаѓаат), туку повеќе во смисла на немарност спрема заветните обврски. Односно, требало да водат сметка за тоа кои се и што подразбира тоа, во смисла како треба да живеат пред Бога, пред другите Евреи, пред придојденците меѓу нив и пред народите од своето опкружување.

**Прочитајте го повторно стихот 5. Мојсеева 4,9 (исто така, видете и 5. Мојсеева 6,7 и 5. Мојсеева 11,19), но обрнете посебно внимание на последниот дел, каде што се зборува за тоа како треба да ги поучуваат своите деца и внуци. Како тоа можело да им помогне да не заборават?**

________________________________________________________

Не е случајно што Мојсеј, веднаш по налогот да не заборават, да не дозволат тие работи да „излезат од срцето твое“, им порачал да ги подучуваат следната генерација и генерацијата по неа. Не само што требало нивните деца да слушнат што се случувало, туку, што е можеби уште поважно, раскажувањето и прераскажувањето за сето тоа што Бог го сторил за нив, го спречувало народот да ги заборави тие случувања. А кој би бил, воопшто, подобар начин да се зачува знаењето за тоа што сторил Господ за својот избран народ?

**Во која смисла раскажувањето на другите за вашето лично искуство со Господ не им користело само на другите, туку и вам? Како раскажувањето за Божјото водство помогнало да не заборавите како ве водел Тој?**

## СИТИ И ЗАДОВОЛНИ

Некогашниот водач на црквата, кој 34 години работел при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден, ја изнел приказната за тоа како, пред многу време, тој и неговата сопруга, слетувајќи на аеродром, изгубиле дел од багажот. „Точно таму“, рекол, „покрај подвижната лента за пренесување багаж, јавно и пред сите, клекнавме и се помоливме на Господа за враќање на изгубените работи.“ А потоа, многу години подоцна, им се случило сосем исто – стигнале на аеродромот, но дел од нивниот багаж не стигнал. Потоа раскажал што се случило понатаму. „Не грижи се“, ѝ рекол на својата жена, „осигурувањето ќе го покрие тоа.“

**Имајќи ја оваа приказна на ум, прочитајте го текстот 5. Мојсеева 8,7-18. Какво предупредување Господ му дава на својот народ, и што би требало тоа да значи за нас денес?**

---

Погледнете што сè би им донела верноста спрема Господа. Не само што ќе поседувале прекрасна и богата земја, „земја во која нема да јадеш сиромашки леб, и каде ништо не ќе ти недостасува“ (5. Мојсеева 8,9), туку тука би биле посебно благословени – би имале земја, и стада, и сребро, и злато и преубави куќи. Односно, би им била пружена сета материјална удобност која може да се понуди во овој живот.

Но што би случило тогаш? Ќе се соочеле со опасноста која секогаш ги следи богатството и физичкиот просперитет, а тоа е заборавањето на фактот дека само Господ е Тој кој „ти даде сила да го спечалиш богатството“ (5. Мојсеева 8,18).

Можеби не на почетокот, но како би минувале годините, и со материјалната удобност која им е пружена, би заборавиле на своето минато, би заборавиле како Господ ги водел низ „сета онаа голема и страшна пустина“ (5. Мојсеева 1,19), и навистина би можеле да помислат дека со нивниот ум и со нивните таленти обезбедиле толкав успех.

Токму на тоа ги предупредил Господ (но, за жал, особено кога ги читаме подоцна пророците, гледаме дека сепак токму тоа се случило).

Затоа Мојсеј им вели, сред својата благосостојба, да се сетат дека сето тоа го сторил Господ за нив,  и да не дозволат да ги прелажат материјалните благослови што им ги дал. Векови подоцна, и самиот Исус, преку параболата за сејачот, ги предупредил на „измамливоста на богатството“ (Марко 4,19).

**Па колку пари и материјални богатства и да имаме овде, сите ние сме тело и крв што ги чека само дупка во земја. Што треба тоа да ни каже за опасностите кои произлегуваат од богатството, зашто тоа богатство може да нè наведе да заборавиме на потребата од Единствениот кој нас може да нè избави од таа дупка во земјата?**

## СПОМНИ СИ ДЕКА БЕШЕ РОБ

**Прочитајте ги следниве библиски текстови: 5. Мојсеева 5,15; 5. Мојсеева 6,12; 5. Мојсеева 15,15; 5. Мојсеева 16,3.12 и 24,18.22. Што конкретно Господ сакал тие никогаш да не го заборават и зошто?**

---

Како што гледаме, низ целиот Стар завет, Господ постојано ги враќал нивните мисли на Излегувањето, на нивното чудесно избавување, со Божја сила, од Египет. И до ден-денес, илјадници години подоцна, Евреите го слават празникот Пасха,во спомен на она што Господ го сторил за нив. „И кога ќе дојдете во земјата, што Господ ќе ви ја даде како што вети, вршете ја оваа служба. Кога вашите деца ќе ве прашаат: ’Што ви значи таа служба?‘одговорете им: ’Ова е пасхална жртва во чест на Господа, Кој поминуваше покрај куќите на Израелците, кога ги усмртуваше Египетците, а ги поштедуваше нашите куќи‘“ (2. Мојсеева 12,25-27).

За денешната црква Пасха е симбол за избавувањето кое ни е понудено во Христа: „Зашто Христос, Пасхата наша, беше жртвувана за нас“ (1. Коринќаните 5,7).

**Прочитајте го текстот Ефесјаните 2,8-13. Што им е речено на тие преобратеници од незнабоштвото дека треба да запомнат? Каква паралела постои во тоа со она што им е речено на Евреите дека треба да го памтат во 5. книга Мојсеева?**

---

Павле сакал тие луѓе да се сетат што направил Бог за нив во Христа, од што ги спасил и што поседуваат моментално благодарение на Божјата благодат спрема нив. Како и во случајот на децата Израелови, ништо во нив самите, ниту од нив самите не ги препорачало на Бога. Само Божјата благодат, која им е дадена, иако биле „без дела во заветните ветувања“, ги правела она што биле во Исуса Христа.

Било да станува збор за Евреите во пустината, било за христијаните во Ефес, било да станува збор за адвентистите на седмиот дена каде било во светот, отсекогаш од пресудна важност било да си споменуваме и да не забораваме што сторил Бог во Христа за нас. Затоа не е ни чудно што ни се упатени следниве зборови: „За нас би било добро секој ден да поминеме еден час во размислување за Христовиот живот. Треба да го проучуваме во секоја подробност, дозволувајќи ѝ на нашата мечта да ги опфати сите сцени, особено оние што се поврзани со крајот на неговиот живот. Ако така се занимаваме со неговата голема жртва за нас, нашата доверба во него ќе стане многу посигурна, нашата љубов ќе оживее и подлабоко ќе нè проникнува неговиот Дух“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 83, ориг.).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Колкава Божја проникливост и колкаво сочувство кон заблудените созданија на неговите раце може да се види во поставувањето на сјајното и прекрасно виножито во облаците како знак на неговиот завет со нив! Господ кажува дека, кога ќе го погледне виножитото во облаците, ќе си спомне за својот завет. Тоа не значи дека Тој својот завет може да го заборави, туку ни зборува со наш јазик за полесно да можеме да го разбереме. Божја намера била на децата на идните поколенија, кога ќе запрашаат за значењето на величествениот лак кој се појавува на небото по дождот, нивните родители да им ја повторуваат историјата за потопот, нагласувајќи дека Севишниот го поставил виножитото во облаците како гаранција дека светот никогаш веќе нема да го потопи вода. На тој начин тоа, од поколение до поколение ќе биде постојан знак и сведок за божествената љубов кон луѓето и ќе ја засилува нивната доверба во Бога“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 106, 107 оригинал).

Уште од основањето на христијанството, никогаш не постоела црква која уживала во богатство и погодности во какви што уживаат денес црквите во одделни земји во светот. Прашањето е: По која цена? Такво богатство секако влијае на нашата духовност – и тоа не е на добро. А како би можело? Од кога богатството и материјалното изобилие ги поттикнуваат христијанските доблести за самооткажување и саможртвување? Во поголем дел од случаите се случува токму спротивното – колку повеќе имаат луѓето, толку стануваат посамозадоволни и помалку склони да се потпираат на Бога. Богатството и просперитетот, колку и да се пријатни, со себе носат многу опасни духовни замки.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за тоа како богатството (што може да биде многу релативен поим, зашто некој кого во неговата земја не го сметаат за богат, во некоја друга земја може да го сметаат за исклучително богат) влијае врз нашата духовност. На кои начини оние кои поседуваат „пари“ можат да се заштитат од некои духовни опасности што може да ги предизвика богатството?**
2. **Разговарајте за завршните сцени од Христовиот живот и за тоа што ни говорат тие за Божјата љубов кон нас, и за причините од кои никогаш не смееме да ја заборавиме реалноста на таа љубов. На што уште можете да се сетите а ја открива Божјата добрина и причините од кои би требало секогаш да ја имаме на ум таа стварност?**
3. **Како што некои научници велат дека не се случил сеопштиот Потоп, и покрај библиското тврдење дека се случил (и виножитото), така некои велат дека го немало ни шестдневното Создавање, и покрај библиското тврдење дека се случило (и седмиот ден, саботата, како спомен на него). Како ни покажува тоа колку може да биде силно и негативно влијанието на културата врз верата?**

**Поука 11**
**Од 4 – 10 декември 2021**

# ПЕТТАТА КНИГА МОЈСЕЕВА ВО ПОДОЦНЕЖНИТЕ СПИСИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Царевите 22; Немија 9,6; Еремија 7,1-7; Псалм 148,4; Еремија 29,13; Михеј 6,1-8; Даниел 9,1-19.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Таму ќе Го бараш Господа, својот Бог. И ќе Го најдеш ако го бараш со сето свое срце и со сета своја душа“ (5. Мојсеева 4,29).**

Една од фасцинантните работи во врска со Библијата, особено со Стариот завет, е тоа што многу често се повикува со самата себе или алудира на самата себе. Односно, подоцнежните пишувачи во Стариот завет се повикуваат на претходниците, користејќи ги нив и нивните списи за да ги изнесат своите ставови.

На пример, 81. псалм се враќа на 2. книга Мојсеева и речиси буквално ја цитира преамбулата на законот, Десетте заповеди, кога псалмистот пишува: „Јас Сум Господ, твој Бог, Кој те изведе од Египетската Земја“ (Псалм 81,10).

Низ сиот Стар завет се наведува 1. книга Мојсеева, а особено извештајот за Создавањето, како, на пример, во текстот: „Ја гледам земјата: пуста е, еве, и празна, небесата: светлината им исчезна“ (Еремија 4,23; видете 1. Мојсеева 1,2).

Навистина, многупати подоцнежните пишувачи на Стариот завет, како пророците, се повикувале на 5. книга Мојсеева, која имала толку решавачка улога во заветниот живот на раниот Израел. Оваа седмица ќе обрнеме особено внимание на тоа како ја користеле таа книга подоцнежните пишувачи. Кои делови од 5. книга Мојсеева ги користеле и какви заклучоци изведувале, а тие се релевантни и за нас денес?

## ЗАКОНИК

Јудејскиот цар Јосиј, кој имал осум години кога зацарувал, владеел 31 година (640 – 609 г. пр.н.е.) пред да загине на бојно поле. Во осумнаесеттата година од неговото владеење се случило нешто што, барем на некое време, ја променило историјата на Божјиот народ.

**Прочитајте го библискиот текст 2. Царевите 22. Какви поуки можеме да извлечеме од тој инцидент?**

Научниците одамна заклучиле дека „Законикот“ (2. Царевите 22,8), всушност, е 5. книга Мојсеева, која очигледно била изгубена за народот низа години.

„Јосија бил длабоко трогнат кога за прв пат ги слушнал советите и предупредувањата запишани во древниот ракопис. Тој никогаш порано не ја сфаќал толку добро јаснотијата со која Бог поставил пред Израелците ’живот и смрт... благослов и проклетство’ (5. Мојсеева 30,19);... Книгата изобилувала со ветувања дека Бог е подготвен да ги спаси оние што ќе имаат целосна доверба во Него. Како што ги ослободил од египетското ропство, така моќно ќе работи за да ги зацврсти во Ветената Земја и да ги постави на чело на земските народи“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 393 оригинал).

Во целата следна глава, можеме да видиме колку сериозно царот Јосиј настојувал „дека ќе Го следи Господа и дека ќе ги чува заветите Негови, откровенијата Негови и наредбите Негови, од сè срце и душа и ќе ги исполнува зборовите на тој завет, напишани во таа книга“ (2. Царевите 23,3; исто така, да се види 5. Мојсеева 4,29; 5. Мојсеева 6,5; 5. Мојсеева 10,12; 5. Мојсеева 11,13). А таа реформа опфаќала и очистување на земјата, така што „Јошија исто така ги истреби и повикувачите на мртви, и маѓепсниците, и вражалците, и идолите, и сите пагански богови што се сретнуваа во јудејската земја и во Ерусалим за да ги исполни зборовите на законот, напишан во книгата што свештеникот Хелкија ја најде во домот Господов“ (2. Царевите 23,24).

Петтата книга Мојсеева била преполна со опомени и предупредувања Израелците да не ги следат обичаите на околните народи. Сè презел и што сторил Јосиј, вклучувајќи го и погубувањето на идолопоклоничките свештеници во Самарија (2. Царевите 23,20), открило колку тие се оддалечиле од вистината која им била доверена. Наместо да останат свет народ како што требало да бидат, правеле компромиси со светот, иако, главно, биле уверени дека нивниот однос со Господа е сосема во ред.

Колку опасна заблуда.

**Какво темелно чистење би требало ние да спроведеме во своите домови, па дури и во црковните институции, за навистина да Му служиме на Господа со сето срце и со сета душа?**

# НЕБОТО НАД НЕБЕСАТА

Петтата книга Мојсеева многу јасно покажува дека законот и заветот биле од пресудно значење не само кога станува збор во однос на Израел спрема Бога, туку и за целта што ја имале како „избран“ народ (5. Мојсеева 7,6; 5. Мојсеева 14,2; 5. Мојсеева 18,5).

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 10,12-15, во кој во голем дел е нагласена идејата за законот и статусот на Израел како избран народ. Меѓутоа, што се подразбира во Библијата во изразот „небото над небесата“? Што сака Мојсеј да нагласи со тој израз?**

________________________________________________

Значењето на изразот „небото над небесата“ не сосем јасно, барем не во овој непосреден контекст, но Мојсеј несомнено сака да укаже на Божјата слава, моќта и величеството. Односно, тој сака да каже дека Нему не Му припаѓа само небото, туку и „небото над небесата“, што е најверојатно идиоматски израз кој укажува на целосната Божја сувереност над целиот создаден свет.

**Прочитајте ги следниве стихови, од кои сите се засноваат на изразот кој најнапред се појавува во 5. книга Мојсеева. Каков заклучок е изведен во секој од тие случаи, и како во тоа го гледаме влијанието на 5. книга Мојсеева?**

**1. Царевите 8,27** ________________________________________

________________________________________________

**Немија 9,6** __________________________________________

________________________________________________

**Псалм 148,4**__________________________________________

________________________________________________

Во 9. глава од Книгата на Немија особено јасно е изложена темата за Господ како Создател, кого единствено треба да го обожаваме. Тој создал сè, дури и „небото, небесата на небесата и сета нивна војска, земјата и сè што е по неа, морињата и сè што е во нив“ (Немија 9,6). Всушност, во текстот Немија 9,3 гледаме дека пред народот „читаа од книгата на законот Господов“, што е најверојатно, како и во времето на царот Јосиј, била 5. книга Мојсеева. Тоа објаснува зошто, неколку стихови подоцна, Левитите во своите пофалби кон Бога го користеле изразот „небото над небесата“, кој потекнува директно од 5. Мојсеева.

**Бог е Создател не само на земјата туку и на „небото над небесата“. А потоа, помислете само дека тој ист Бог отишол на крстот! Зошто обожавањето е единствен соодветен одговор на она што Бог го сторил за нас?**

## 5. КНИГА МОЈСЕЕВА ВО КНИГАТА НА ПРОРОКОТ ЕРЕМИЈА

Пред многу години, еден младич, агностик, страсно трагал по вистината – каква и да била и каде и да го однела. На крајот, не само што поверувал во Бог Таткото и во Исуса, туку ја прифатил и пораката на адвентистите на седмиот ден. Омилен библиски стих му бил Еремија 29,13, кој гласи: „Ќе Ме побарате, и ќе Ме најдете, ако Ме побарате од сè срце". Години подоцна, проучувајќи ја својата Библија, повторно наишол на тој стих, но овојпат во 5. Мојсеева. Имено, Еремија го презел од Мојсеј.

**Прочитајте 5. Мојсеева 4,23-29. Каков е контекстот на тоа ветување дадено на Израелците и како би можело да се однесува и на нас денес?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Како што веќе видовме, 5. книга Мојсеева повторно е откриена во текот на владеењето на царот Јосиј, а Еремија ја започнал својата служба под негова власт. Оттаму, не е чудно што може да се види влијанието на 5. книга Мојсеева во Еремиините списи.

**Прочитајте Еремија 7,1-7. Што му кажува тука Еремија на народот, и како тоа е поврзано со она што го пишува во 5. Мојсеева?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Мојсеј, во 5. книга Мојсеева, повеќепати нагласува дека нивниот престој во хананската земја е условен, и дека ако бидат непослушни, нема да останат на местото кое Бог го избрал за нив. Обрнете посебно внимание на предупредувањето во текстот Еремија 7,4, кој всушност порачува: да, ова е Божји храм, и да, вие сте избран народ, но ништо од тоа нема да биде важно ако не бидете послушни.

А таа послушност го опфаќала и начинот на кој постапувале спрема придојденците, сирачињата, вдовиците – идеја која се протега директно до 5. Мојсеева и некои одредби од заветот кој морале да го следат: „Не ја извртувај правдата на придојденикот ни на сирачето, и не земај ја во залог облеката на вдовицата" (5. Мојсеева 24,17; исто така, видете 5. Мојсеева 24,21; 5. Мојсеева 10,18.19; 5. Мојсеева 27,19).

**Прочитајте го стихот Еремија 4,4 и споредете го со стихот 5. Мојсеева 30,6. Која порака му е упатена на народот, и како тоа начело може подеднакво да се примени на Божјиот народ денес?**

## ШТО БАРА ГОСПОД?

Голем дел од пророчките списи се состоел од повик на верност. И тоа не само на верноста воопшто, туку посебно на верност во исполнувањето на својот дел од заветот, кој повторно е потврден непосредно пред нивното влегување во Ветената земја. Тоа е она за што говори 5. Мојсеева – за реафирмирање на Божјиот завет со Израел. Господ сега, по нивното четириесетгодишно талкање, се подготвувал во голема мера да ги исполни (или почне да ги исполнува) своите заветни ветувања – својот дел од спогодбата. Затоа Мојсеј ги опоменува и тие да го исполнат својот дел. Впрочем, многу од пророчките списи во основа се сведувале на истото – повикување на народот да ја одржи својата страна од заветот.

**Прочитајте Михеј 6,1-8. Што му кажува тука Господ на народот и во каква врска е тоа со 5. Мојсеева? (видете и Амос 5,24 и Осија 6,6.)**

Библиските научници во тие стихови од Книгата на пророкот Михеј гледаат нешто што е познато како „заветна тужба“ во која Господ „тужи“ или поведува парница против својот народ поради кршење на заветот. Во овој случај, Михеј вели дека Господ „му суди на Својот народ, се тужи со Израел“ (Михеј 6,2), при што реч „суди“ (riv) може да се однесува на правен спор. Односно, Господ повел правна постапка против нив – што е слика која подразбира правни (освен релациони) аспекти на заветот. Тоа не би требало да нѐ изненади, бидејќи законот, на крајот на краиштата, се наоѓал во основата на тој завет.

Исто така, забележете како Михеј позајмува одредени изрази директно од 5. Мојсеева: „И така, Израеле, што бара Господ, твојот Бог, од тебе? Само тоа да се боиш од Господа, својот Бог, да одиш по сите Негови патишта; да Го љубиш и да Му служиш на Господа, својот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа; да ги пазиш Господовите заповеди и Неговите закони што ти ги давам денес за твое добро“ (5. Мојсеева 10,12.13). Но, наместо директно да ги цитира, Михеј ги приспособува тие зборови менувајќи го „словото на законот“ од 5. Мојсеева во „духот на законот“, кој упатува на тоа дека треба да се биде праведен и милостив.

Она за што всушност тука се зборува е дека, без оглед на надворешните манифестации на религијата и побожноста (многубројните животински жртви – „илјадници овнови“), тоа не била суштината на заветниот однос на Израел со Бога. Каква е ползата од сите тие надворешни побожности ако, на пример, тие „посакаат линиви – ги заземаат насила, куќи - и ги одземаат; и човекот го угнетуваат, и куќата негова, стопанот и наследството негово“ (Михеј 2,2)? Израел требало да биде светлината на светот, за другите народи со восхит да забележат: „Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ“ (5. Мојсеева 4,6). Според тоа, требало да постапуваат мудро и разумно, а тоа подразбирало праведно и милосрдно однесување спрема другите луѓе.

# ДАНИЕЛОВАТА МОЛИТВА

Една од најпознатите молитви во целиот Стар завет е забележена во 9. глава од Книгата на пророкот Даниел.Бидејќи, читајќи го пророкот Еремија, осознал дека наскоро ќе се наврши времето „седумдесет години ќе се навршат над опустошениот Ерусалим“ (Даниел 9,2), Даниел започнал сесрдно да се моли.

А каква молитва била тоа – потресно преколнување во солзи, во пригода кога тој ги признава своите гревови и гревовите на својот народ, повикувајќи се истовремено на Божјата правда сред несреќата која ги погодила.

**Прочитајте го библискиот текст Даниел 9,1-19. Кои теми се наоѓаат тука, а можат директно да се поврзат со 5. книга Мојсеева?**

---

Даниеловата молитва е резиме токму на она на што е предупреден народот во 5. Мојсеева, како на последиците од непочитувањето на заветот. Даниел двапати се осврнал на „Мојсеевиот закон“ (Даниел 9,11.13), кој неоспорно ја вклучувал и 5. Мојсеева, а во овој случај можеби дури и конкретно се повикувал на неа.

Како што е речено во 5. Мојсеева, тие биле протерани од земјата (да се видат текстовите 5. Мојсеева 4,27-31 и 28. глава) зашто не го послушале токму она што Мојсеј (5. Мојсеева 31,29) рекол дека ќе се случи.

Колку е трагично и тоа што Израел, наместо околните народи да кажат за него: „Само еден народ е мудар и умен“ (5. Мојсеева 4,6), всушност станал „за потсмев“ (Даниел 9,16) пред тие исти народи.

И покрај сите солзи и молења, Даниел во ниеден момент не го поставува она вообичаено прашање кое го поставуваат многумина кога ќе им се случи катастрофа: „Зошто?“ Тој воопшто тоа не го прашува зашто, благодарение на 5. книга Мојсеева, точно знае зошто се случило сето тоа. Со други зборови, 5. Мојсеева на Даниел (и на другите прогонети) им пружила контекст врз чија основа сфатиле дека злото кое ги снашло не е некаква зла коб или слепа случајност, туку последица на нивната непослушност – токму она на што биле предупредени.

Но, што е можеби уште поважно, Даниеловата молитва укажува на фактот дека, и покрај сите тие случувања, за нив сè уште имало надеж. Бог не ги напуштил, колку и да изгледало така. Петтата книга Мојсеева не им го понудила само контекстот за разбирање на ситуацијата во која се нашле, туку ги упатила и на ветувањето за обновување.

**Прочитајте Даниел 9,24-27 – пророштвото за Исус и Неговата смрт на крстот. Зошто тоа пророштво му е дадено на Даниел (а и нам) во контекст на прогонството на Израел и ветувањата за нивното враќање?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Овој текст (Михеј 6,1-8) е еден од прочуените извадоци од Стариот завет. Слично на стиховите Амос 5,24 и Осија 6,6, тој ја пренесува пораката на пророкот од осмиот век. Извадокот започнува со еден прекрасен пример на заветна парница, во која пророкот ги повикува луѓето да го слушнат обвинението што го има Јахве против нив. Горите и ридовите ја претставуваат поротата, зашто се доволно долго присутни на тоа место и се сведоци на Божјото постапување спрема Израел. Но, наместо директно да го обвини Израел за кршењето на заветот, Бог го прашува народот дали има какво било обвинение против Него. 'Народе Мој, што ти направив и со што ти дотегнав?' Соочени со неправдата, на некои од сиромашните луѓе од народот можеби им досадило 'добро да чинат'. Во светлината на можноста брзо да се збогатат, некои од сопствениците на земјата изгледа се умориле од пазењето на заветните закони" (Ralph L. Smith, Word Biblical Commentary, Micah-Malachi; Grand Rapids, MI: Word Books, 1984, vol. 32, p. 50).

„Во реформата што следела, своето внимание царот го посветил на уривање на секој преостанат знак на идолопоклонство. Жителите на земјата толку долго ги следеле обичаите на околните народи поклонувајќи се на дрвени и камени идоли, што секој напор да се отстранат трагите од ова зло изгледало како да ја надминува човечката моќ. Меѓутоа, Јосија истрајал во своите напори да ја очисти земјата" (Е. Г. Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 401 ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Се разбира, како адвентисти на седмиот ден, запознаени со пораката за ова време, ние себеси се гледаме (и тоа со право) во истата положба во која се наоѓал древен Израел – тие поседувале вистини кои морал да ги чуе светот околу нив. За нас тоа е голема привилегија. Меѓутоа, колку добро, според вашето мислење, ние ги исполнуваме должностите кои ја следат таквата привилегија?**
2. **Замислете дека сте Даниел, дека сте виделе како е нападнат и поразен вашиот народ, и дека знаете како храмот, средиштето на вашиот целокупен религиски живот, го уништиле пагани кои се клањаат на идоли. На кој начин познавањето на 5. книга Мојсеева во тој момент пружало силна поддршка на Даниеловата вера (или на верата на кој било друг Евреин)? Односно, како таа книга му помогнала да разбере што сѐ се случува и зошто дошло до тоа? Како што и нам, на сличен начин, разбирањето на Светото писмо како целина ни помага да се носиме со искушенијата и случувањата кои инаку, кога не би го познавале Писмото, би можеле да ни влијаат многу обесхрабрувачки. Врз основа на својот одговор, што би требало да заклучиме за тоа колку Библијата е навистина важна за нашата вера?**
3. **Потсетете се на пророштвото за 70. седмици од текстот Даниел 9,24-27. Каква е улогата на заветот во врска со тоа пророштво, и зошто идејата за заветот е толку важна за пророштвото, но и за нас?**

**Поука 12**
**Од 11 – 17 декември 2021**

# ПЕТТАТА КНИГА МОЈСЕЕВА ВО НОВИОТ ЗАВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 4,1-11; 5. Мојсеева 8,3; Дела 10,34; Галатјаните 3,1-14; Дела 7,37; Евреите 10,28-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Напишано е – ’Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога‘“ (Матеј 4,4).**

Сиот Нов завет е проткаен со Стариот завет. Односно, вдахновените пишувачи на Новиот завет ги цитирале вдахновените пишувачи на Стариот завет како авторитативен извор. Самиот Исус говорел: „Напишано е“ (Матеј 4,4), што значело: „Напишано е во Стариот завет“, а исто така тврдел и дека Писмото мора „да се исполни“ (Марко 14,49) – то ест, писмото на Стариот завет. Кога сретнал двајца ученици на патот за Емаус, наместо да направи некое чудо за да им се открие себеси, Исус „почна од Мојсеја и од сите пророци, им протолкува што е пишано за Него во целото Писмо“ (Лука 24,27).

Било да користеле директни цитати од Стариот завет, или алузии, или се повикувале на стории и пророштва, писателите на Новиот завет постојано го користеле Стариот завет да ги поткрепат, па дури и да ги оправдаат своите тврдења.

А меѓу книгите кои често се цитираат и на кои новозаветните писатели најчесто се повикуваат се наоѓа и 5. Мојсеева (напоредно со Псалмите и Книгата на пророкот Исаија). Матеј, Марко, Лука, Јован, Делата апостолски, Посланијата на Римјаните, Галатјаните, 1. и 2. Коринќаните, Евреите, пасторалните посланија и Откровението – сите се осврнуваат на 5. книга Мојсеева.

Оваа седмица ќе разгледаме неколку такви примери и ќе видиме каква вистина, сегашна вистина, можеме да извлечеме од нив.

## „НАПИШАНО Е“

**Прочитајте го текстот Матеј 4,1-11. Како одговорил Исус на искушението на сатаната во пустината и каква важна поука можеме да извлечеме за себе од Неговиот одговор?**

Исус не се препирал со сатаната нити влегувал во разговор со него. Едноставно го цитирал Светото писмо, бидејќи „словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12). И во сите три наврати Речта што ја цитирал била од 5. Мојсеева. Интересно е дека Исус во пустината решава да ги цитира токму оние текстови кои се дадени на Израел во пустината.

Во текот на првото искушение, Исус се осврнал на текстот 5. Мојсеева 8,3. Тука Мојсеј ги потсетува Израелците како Господ се грижел за нив сите тие години во пустината, што вклучувало и давање мана – и сето тоа како дел од процесот на прочистување, зашто настојувал да им пружи духовни поуки. А меѓу тие поуки била и таа дека „Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога“. Со други зборови, Бог ве храни физички, но ви дава и духовна храна. Не можете да земете едно без друго. Исус ја употребил сликата на лебот како потсетување на 5. Мојсеева, и како укор упатен кон сатана поради тоа што се обидувал да Му внесе сомнеж.

Во текот на второто искушение, Исус се повикува на текстот 5. Мојсеева 6,16, каде Мојсеј го потсетува народот на нивната побуна во Маса (видете 2. Мојсеева 17,1-7), говорејќи: „Немојте да Го искушувате Господа како што Го искушувавте во Маса.“ Зборот „искушува“ може да значи „испроба“ или „испита“. Господ веќе многупати им ги покажал својата моќ и подготвеност да се грижи за нив. Меѓутоа, во истиот момент кога ќе настапела криза, тие ќе повикале: „Дали е Господ меѓу нас или не е?“ (2. Мојсеева 17,7). И токму од тој настан Исус ја цитира Речта за да го укори сатаната.

Во текот на третото искушение, сатаната го наговара Христа да падне и да му се поклони. Каков отворен и дрзок настап, кој открива кој е тој и што навистина сака! Но, наместо да се расправа со него, Исус го прекорува и повторно го упатува на Божјата реч, на 5. книга Мојсеева, во која Господ го предупредува народот за тоа што ќе се случи ако паѓаат и ако се клањаат на други богови. „Бој се од Господа, од твојот Бог; искажувај Му Нему почитување; заколнувај се во Неговото име“ (5. Мојсеева 6,13), што вели – Нему и единствено Нему.

**Како можеме да научиме да црпиме поголема животна сила од проучувањето на Божјата Реч за да можеме целосно да го одразуваме Исусовиот карактер и, како Него, успешно да одолеваме на искушенијата на сатаната?**

## ПОДИГАЊЕ НА ЛИЦЕТО

Во 10. глава на 5. Мојсеева, Мојсеј (повторно) ја прераскажува историјата на Израел и (повторно) ги користи тие извештаи за да го опомене својот народ на верност. Но, сред сите тие опомени, тој говори и нешто друго.

**Прочитајте го библискиот текст 5. Мојсеева 10,17-19. Која е суштинската порака што му е упатена на народот, и зошто таа е релевантна и за Божјата црква на денешното време?**

---

Изразот „не гледа кој е кој“ претставува превод на една еврејска јазична фигура, и буквално значи дека Тој не „издигнува лица“ (или не е пристрасен; заб. на прев). Се смета дека тоа потекнува од судската практика, и се однесува на обичајот кога судијата или владетелот го набљудува лицето на личноста на која ѝ се суди и, врз основа на нејзиниот статус (важна личност или некој небитен), ја донесува пресудата. Впрочем, овде во 5. Мојсеева гледаме дека Господ не се однесува на таков начин спрема луѓето, и покрај Неговата голема сила и моќ. Тој постапува чесно спрема сите, без оглед на нивниот статус. Таа вистина, бездруго, се покажала и во Исусовиот живот, во начинот на кој Тој се однесувал дури и спрема најомразениот во општеството.

**Прочитајте ги следниве библиски текстови: Дела 10,34; Римјаните 2,11; Галатјаните 2,6; Ефесјаните 6,9; Колошаните 3,25 и 1. Петрова 1,17. Како во тие текстови е применет стихот 5. Мојсеева 10,17?**

---

Колку и да биле различни околностите во секој од тие примери (во Ефесјаните Павле им вели на господарите да внимаваат како се однесуваат спрема своите робови; во Римјаните говори за фактот дека, во поглед на спасението и осудата, нема разлика меѓу Евреите и незнабошците), сите тие се повикуваат на 5. Мојсеева и на мислата дека Бог не „издигнува лица“. А ако „Господ Бог ваш, Богот над боговите и Господарот над господарите, големиот Бог, силен и страшен“ тоа не го прави, тогаш е сосем сигурно дека ни ние тоа не смееме да го правиме.

Особено по начинот на кој Павле ја применува мислата во Посланието на Римјаните, можеме во неа да ја препознаеме пораката на евангелието – сите ние сме на исто ниво, без оглед на тоа кои сме во поглед на статусот. Сите сме паднати суштества на кои им е потребна Божјата спасоносна благодат. А добрата вест е дека на сите нам, без оглед на статусот, ни се нуди спасение во Исуса Христа.

**Колку често, дури и незначително, „издигнуваме лица“, и како крстот ни покажува колку таквиот став е суштински грешен?**

# ПРОКЛЕТ НА ДРВО

**Прочитајте Галатјаните 3,1-14. Што кажува Павле тука што е значајно за нас денес и како тој ги користи текстовите 5. Мојсеева 27,26 и 5. Мојсеева 21,22.23 за да ја истакне својата поента?**

За жал, во христијанството е вообичаено тоа послание да се користи како некој вид оправдување за непочитување на законот, на Десетте заповеди. Секако, тој аргумент всушност се користи како причина да не се почитува четвртата заповед, како да е единствено држењето на таа заповед, за разлика од останатите девет, некако претставува израз на легализмот со кој тука се занимава Павле.

Сепак, Павле не говорел против законот и сигурно ништо во тој извадок не може да го оправда кршењето на заповедта за саботата. Клучот може да се најде во стихот Галатјаните 3,10, каде пишува дека „сите оние, што се од делата на Законот, под клетва се", а потоа го цитира текстот 5. Мојсеева 27,26. Проблемот не е почитувањето на законот, туку „кој не пази зборовите на законот да ги врши" – што е тешка, ако не и невозможна задача за паднатите суштества како нас.

Павле сакал да каже дека нас не нѐ спасуваат делата на законот, туку Христовата смрт во наша полза која ни се припишува врз основа на верата. Тој тука го нагласува она што го сторил Христос за нас на крстот. А за да го поткрепи своето тврдење, тој повторно се повикува на 5. Мојсеева, овој пат на стихот 5. Мојсеева 21,23. Како Исус, и Павле вели „напишано е", укажувајќи на авторитетот на Стариот завет, а потоа го цитира текстот кој говори за некој кој, поради тешкото злосторство што го извршил, бил погубен, а потоа и обесен на дрво, веројатно како предупредување за другите.

Меѓутоа, Павле го користи тоа како симбол за Христовата заменувачка смрт во наша полза – Христос стана „клетва за нас" со тоа што се соочил со клетвата на законот, односно со смртта, со која се соочуваат сите луѓе кога ќе го прекршат законот. Добрата вест на евангелието се состои токму во тоа што клетвата која требало да нѐ погоди нас, всушност го погодила Него на крстот, „за да Го добиеме ветениот Дух преку верата" (Галатјаните 3,14).

Или, како што рекла Елена Вајт: „Никој, освен Христос, не можел да ги искупи луѓето од 'законската клетва' и повторно да ги доведе во хармонија со небото. Христос бил готов да ја прими на себе кривицата и срамот на гревот – гревот кој на Божјата светост ѝ е толку одвратен, што морал да го одвои Синот од неговиот Отец" (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 63 оригинал).

**Размислете со што би морале да се соочите ако би добиле праведна казна за престапите што сте ги направиле, какви и да биле. Меѓутоа, бидејќи Христос ја поднел казната за вашите престапи, така што вие не морате, каков би требало да биде вашиот одговор на Неговата жртва?**

## ПРОРОК КАКО ТЕБЕ

Господ секогаш одново го предупредувал Израел да не ги следи обичаите на народите од своето опкружување. Напротив, тие требало да бидат сведоци на тие народи (5. Мојсеева 4,6-8). Во текстот 5. Мојсеева 18,9-14, Мојсеј повторно ги предупредува на нивните конкретни постапки, од кои „му се гади на Господа“ (5. Мојсеева 18,12). Во тој контекст, тој им говори дека мораат „да Му бидат сосем верни на Господа, својот Бог“ (5. Мојсеева 18,13).

**Прочитајте 5. Мојсеева 18,15-19. Што им говори тука Мојсеј? Потоа, споредете го тоа со текстовите Дела 3,22 и Дела 7,37. На кој начин Петар и Стефан го применуваат текстот 5. Мојсеева 18,18?**

---

Повикувајќи се на заветот од Синај, Мојсеј зборува за тоа како децата Израелови, додека траело давањето на Божјиот закон (2. Мојсеева 20,18-21), сакале Мојсеј да дејствува како нивен застапник и посредник пред Бога. Тогаш Мојсеј, во два наврата (5. Мојсеева 18,15.18) им ветува дека Господ ќе им подигне пророк како него, што значело дека тој пророк, под соодветни околности, меѓу останатото, ќе биде сличен на Мојсеј, нивен посредник пред Господа.

Многу векови подоцна, и Петар и Стефан го поврзале тој текст со Исус. За Петар, Исус бил исполнување на она што Бог го говорел „преку устата на сите Свои пророци од создавањето на светот“ (Дела 3,21), па затоа водачите требало да Му бидат послушни Нему и на сѐ што Тој кажува. Значи, Петар го користи тој текст, а на Евреите им е многу добро познат, и го применува директно на Исуса, со идејата дека тие треба да се покаат за она што Му го сториле (Дела 3,19).

Понатаму, во текстот Дела 7,37, кога Стефан, иако во поинакви околности во однос на Петар, Го величал Исуса, и тој се повикал на тоа славно ветување, и исто така тврдел дека тоа укажува на Исуса. Според неговите зборови, Мојсеј, во својата историска улога како водач на Евреите, бил претслика на Исус. Односно, и Стефан, како и Петар, настојувал да им докаже на луѓето дека Исус е исполнување на пророштвата и дека треба да Го слушаат. Наспроти обвинувањата кои му се упатени, дека „хули на Мојсеј и на Бога“ (Дела 6,11), Стефан Го објавувал Исуса како Месија и директно исполнување на она што го ветил Бог преку Мојсеј.

**Како тие стихови ни покажуваат во колкава мера Исусовата улога во целата Библија е од пресудна важност, и зошто нашето целокупно разбирање на Библијата мора да биде христоцентрично?**

# НЕШТО ЗАСТРАШУВАЧКО

Посланието до Евреите, во сета своја длабочина и возвишеност, на многу начини било само една долга опомена на Евреите кои поверувале во Исуса. А она на што биле опоменати е: Останете верни на Господа!

Таа верност, секако, треба да потекнува од нашата љубов кон Бога, кон тоа кој е Тој, кон Неговиот карактер и добрина, најсилно изразена на крстот. Меѓутоа, понекогаш луѓето треба да се потсетат за тоа колку се страшни последиците на отпадништвото. Значи, мораме да имаме на ум дека на крајот, ако не го прифатиме она што Исус го сторил за нас плаќајќи ја казната за нашите гревови, таа казна ќе мораме да ја платиме сами, а тогаш „плачот и крцкањето со заби“ (Матеј 22,13) ќе бидат проследени со вечно уништување.

**Прочитајте го текстот Евреите 10,28-31. Што вели Павле тука и како тоа може да се примени и на нас?**

---

Колку е интересно тоа што Павле, опоменувајќи ги еврејските верници да му останат верни на Бога, цитира од 5. Мојсеева, претходната опомена на еврејските верници да му останат верни на Бога! Павле го цитира стихот 5. Мојсеева 17,6 во врска со фактот дека некој за кого се сметало дека заслужува смрт, можел да се соочи со смртна пресуда откако најмалку две лица би сведочеле против него.

Павле со тоа сакал да ја нагласи следната мисла: ако неверството можело да предизвика смрт под Стариот завет, „колку ли потешка казна, мислите, ќе заслужи оној што Го погазил Синот Божји и ја осквернил крвта на заветот преку која е осветен и Го похулил Духот на благодатта?“ (Евреите 10,29). Со други зборови, имате повеќе светлина и поголема вистина отколку што имале тие, и знаете за жртвата на Синот Божји поради вашите гревови – според тоа, ако отпаднете од верата, вашата осуда ќе биде потешка од нивната.

А потоа Павле веднаш се враќа во 5. Мојсеева, овојпат на стихот 5. Мојсеева 32,35, само за да го поткрепи своето тврдење. Земајќи го предвид сето што им е дадено во Христа и нивното знаење за големата жртва што е принесена за нив, Господ, кој рекол: „Моја е одмаздата и наградата“, „ќе му суди... на Својот народ“ поради нивното отпадништво и неверство. Тој, впрочем, ги осудил нивните предци, кои ја немале предноста што ја имале новозаветните Евреи – целосното откровение на Божјата љубови дадено на крстот. Така Павле, во основа, им порачува: Предупредени сте.

**„Господ ќе му суди на Својот народ“ (5. Мојсеева 32,36). Во што се состои нашата единствена надеж на тоа судење (види Римјаните 8,1)?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Како што Стариот завет самиот себеси се цитира (то ест, некои од пророците цитирале или се повикувале, на пример, на текстовите од петте Мојсееви книги), така и Новиот завет е полн со директни цитати, референци и алузии на Стариот. Псалмите, Книгата на пророкот Исаија и 5. книга Мојсеева се меѓу оние кои најмногу се цитираат. Писателите на Новиот завет често го цитирале и преводот познат како Септуагинта (LXX), или „грчкиот Стар завет“, што бил најраниот познат грчки превод на еврејската Библија. Првите пет книги на Библијата, познати како Тора или Петокнижје, се преведени во третиот век од н.е., а остатокот на Стариот завет околу вториот век од н.е.

Врз основа на тоа како вдахновените пишувачи на Новиот завет го користеле Стариот завет, може многу да се научи и за тоа како треба да се толкува Библијата. Една од првите лекции што можеме да ја научиме е што, за разлика на голем дел од денешната библиска наука, пишувачите на Новиот завет никогаш не ги доведувале во прашање автентичноста и авторитетот на старозаветните книги. Во нивните списи ништо не упатувало, на пример, на сомнеж во историчноста на старозаветните извештаи, од буквалното постоење на Адам и Ева, Падот во грев, Потопот, до повикувањето на Аврам, и така натаму. „Науката“ која сето тоа го доведува во прашање е обичниот човечки скептицизам за кој не би требало да има место во срцата и умот на адвентистите на седмиот ден.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Ако ја земеме предвид сета светлина која сме ја добиле како адвентисти на седмиот ден, што ни говори тоа за големата одговорност да бидеме верни на вистините кои сме ги примиле?**
2. **Повторно прочитајте го текстот 5. Мојсеева 18,9-14. Кои модерни видови на тие „гнасотии пред Господа“ постојат денес, и како можеме да се потрудиме да ги избегнеме?**
3. **Зошто, од сите луѓе, токму христијаните, кои ја разбираат универзалната примена на Христовата смрт на крстот, никогаш не би требало да „издигнуваат лица“ (видете го проучувањето предвидено за понеделник)? Како можеме сами во себе да ја препознаеме склоноста тоа да го правиме (и да не се лажеме себеси ако негираме дека во нас постои барем извесна склоност за тоа?). Како крстот и постојаното потсетување на него можат да нè излечат од тој погрешен став?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 13**
**Од 18 – 24 декември 2021**

# ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА МОЈСЕЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: : 4. Мојсеева 20,1-13; 5. Мојсеева 31,2; 5. Мојсеева 34,4; 5. Мојсеева 34,1-12; Јуда 1,9; 1. Коринќаните 15,13-22.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Архангелот Михаил, кога се расправаше и препираше со ѓаволот за Мојсеевото тело, не се осмели да изрече хулна пресуда, туку рече: ’Господ да те искара!‘“ (Јуда 1,9)**

Како што видовме во текот на цело ова тримесечје, Мојсеј е главниот човечки, смртен лик во 5. книга Мојсеева. Неговиот живот, неговиот карактер, неговите пораки ја проникнуваат целата книга. Иако 5. Мојсеева всушност говори за Бога и за Неговата љубов спрема ’am yisra’el, „израелскиот народ“, Бог често го користел Мојсеј за да ја открие таа љубов и разговарал со својот народ, со Израел.

Сега, кога доаѓаме до крајот на тримесечјето, и до крајот на нашето проучување на 5. книга Мојсеева, доаѓаме и до крајот на Мојсеевиот живот, барем на овој свет.

Како што тоа го изразила Елена Вајт: „Мојсеј знаел дека ќе умре сам и дека на ниеден земен пријател нема да му биде дозволено да му се најде при рака во неговите последни мигови. Настанот што претстоел бил обвиен со таинственост и го исполнувал со страв, така што срцето му се стегало. Најтешко искушение било да се одвои од народот за кој се грижел и кој толку многу го сакал – од народот со кој неговиот живот и неговите интереси толку долго биле поврзани. Но тој навикнал да има доверба во Бога и со непоколеблива вера ѝ се препорачал и себеси и својот народ на неговата милост и љубов“ (*Патријарси и пророци,* стр. 470, 471 ориг.).

Како што Мојсеевиот живот и неговата служба откриле многу за Божјиот карактер, така тоа го откриле и неговата смрт и воскресение.

## МОЈСЕЕВИОТ ГРЕВ – 1. ДЕЛ

За сето време, дури и сред нивното отпадништво и талкањата низ пустината, Бог на чудесен начин се грижел за децата Израелови. Колку и да не го заслужувале тоа (и често до крај истрајувале во непокајание), Божјата благодат се излевала врз нив. И ние денес сме уживатели на Неговата благодат, колку сами и да не ја заслужуваме. Всушност, тоа не би ни била благодат кога би ја заслужувале, зар не?

Освен изобилието храна која Господ на чудесен начин им ја обезбедувал во пустината, уште еден израз на Неговата благодат била и водата, без која сите брзо би умреле, особено во сувата, жешка, ненаселена пустина. Во врска со тоа искуство, Павле пишувал: „И сите пиеја исто духовно пиење; зашто пиеја од духовната карпа, што ги придружуваше; а таа карпа беше Христос“ (1. Коринќаните 10,4). Елена Вајт уште додала: „Секогаш кога им било потребно, за сето време на талкањето низ пустината, постојано биле снабдувани со вода на чудесен начин со Божјата милост“ (*Патријарси и пророци,* стр. 411 оригинал).

**Прочитајте 4. Мојсеева 20,1-13. Што се случило тука и како ја разбираме казната што Господ му ја изрекол на Мојсеј поради она што го направил?**

_______________________________________________

Во некоја рака, не е тешко да се воочи и разбере причината за Мојсеевата фрустрација. По сѐ што сторил Господ за нив, по сите знаци, чудеса и неверојатни избавувања, еве ги, конечно, на границите на Ветената земја. И, што се случува потоа? Одеднаш им снемува вода и тие почнуваат да коваат заговор против Мојсеј и Арон. Дали Господ во тој момент бил спречен со нешто за да им обезбеди вода, како што порано често го правел тоа за нив? Секако дека не. Тој тоа можел и сакал повторно да го направи за нив.

Меѓутоа, погледнете ги зборовите што ги изговара Мојсеј додека удира во карпата, дури двапати. „Чујте, бунтовници! Дали ќе ви извадиме вода од карпава?“ (4. Мојсеева 20,10). Просто може да се слушне бес во неговиот глас, зашто веднаш на почетокот ги нарекува „бунтовници“.

Проблемот не бил толку во неговиот бес, кој веќе, иако разбирлив, бил доволно лош, колку во тоа што го рекол: „Дали ќе ви извадиме вода од карпава?“ – небаре тој или кое било друго човечко суштество би можело да извади вода од карпата. Изгледа Мојсеј, во својот бес, на момент заборавил дека само Божјата сила, која делувала меѓу нив, можела да изведе такво чудо. Тој, од сите луѓе, требало тоа најдобро да го знае.

**Колку често кажуваме или дури правиме нешто во налет на бес, дури и ако веруваме дека тој бес е оправдан? Како можеме да научиме да запреме, да се молиме и да ја бараме Божјата сила за да можеме да кажеме и да направиме нешто добро, пред да кажеме и да направиме со наша сила нешто погрешно?**

# МОЈСЕЕВИОТ ГРЕВ – 2. ДЕЛ

**Прочитајте го повторно текстот 4. Мојсеева 20,12.13. Која конкретна причина Господ му ја наведува на Мојсеј, што направил тој конкретно поради што не можел да ја премине границата? Исто така, видете ги стиховите 5. Мојсеева 31,2 и 5. Мојсеева 34,4.**

---

Според тој текст, Мојсеевиот грев бил нешто повеќе од самиот обид да го заземе Божјото место, што веќе само по себе било доволно лошо. Тој со тоа покажал и недостаток на вера, што за некој како Мојсеј било непростливо. На крајот на краиштата, тој бил човекот кој, од грмушката што горела (2. Мојсеева 3,2-16) па натаму, имал такви искуства со Бога какви што повеќето луѓе никогаш немале. Па сепак, како што вели текстот, Мојсеј „не поверува“. Меѓутоа, тој покажал недостаток на вера во Господовите зборови, и затоа не успеал да Го „прослави“, пред децата Израелови. Со други зборови, да останел Мојсеј, сред нивното бунтовништво, смирен и да го направел она што е исправно, покажувајќи ги со тоа сопствената вера и довербата во Бога, тој би го прославил Господа пред народот и би им бил, повторно, пример за вистинска вера и послушност.

Исто така, воочете како Мојсеј го прекршил она што Господ конкретно му рекол да го направи.

**Прочитајте 4. Мојсеева 20,8. Што му рекол Господ на Мојсеј да направи, а што направил тој наместо тоа (4. Мојсеева 20,9-11)?**

---

Во деветтиот стих Мојсеј го зема стапот, токму онака како што му „рече Господ“. До тој момент сѐ било добро. Меѓутоа, според 10. стих, наместо да ѝ проговори на карпата, од која тогаш би протекла вода како восхитувачки израз на Божјата сила – Мојсеј удира по неа, и тоа не еднаш, туку двапати. Секако, и тоа што, по неговите удари, водата протекла од карпата било чудесно, но сигурно не баш толку чудесно како кога би се случило истото и само да ѝ проговорел на карпата.

Бездруго, површно гледано, би можело да се заклучи дека Божјиот суд над Мојсеј е прилично екстремен – по сѐ низ што минал, на Мојсеј на крајот сепак не му било дозволено да влезе во Ветената земја. Сѐ додека се прераскажува тој настан, луѓето ќе се прашуваат зошто, поради една непромислена постапка, му било ускратено она што толку долго го исчекувал.

**Што мислите, каква поука требало да извлечат децата Израелови од тоа што му се случило на Мојсеј?**

## МОЈСЕЕВАТА СМРТ

Кутриот Мојсеј! Стигнал толку далеку, поминал толку многу, за на крајот да пропушти да го доживее исполнувањето на ветувањето што му било дадено на Аврам многу векови порано: „Ќе му ја дадам оваа земја на твоето потомство“ (1. Мојсеева 12,7).

**Прочитајте 5. Мојсеева 34,1-12. Што му се случило на Мојсеј, и што рекол Господ за него што покажува колку посебен човек бил тој?**

„Во таа самотија Мојсеј се осврнал на својот живот во кој имало толку многу маки и неволји од оној ден кога им го свртел грбот на дворските почести и на предимството да седне на египетскиот престол со цел својата судбина да ја поврзе со судбината на избраниот народ. Си спомнал за оние долги години што ги поминал пасејќи ги стадата на Јотора во пустината, за појавата на ангелот ’во пламенот од капината’ и како бил повикан да го ослободи Израел. Повторно ја согледал чудесната Божја моќ што се покажувала во полза на избраниот народ и неговото трпение и милост за сето време на долгите години на талкањето и бунитe. И покрај сè што сторил Бог за нив, и покрај неговите лични напори и молитви, само два човека од толкаво мноштво Израелци кои излегле од Египет се нашле доволно верни да можат да влезат во ветената земја. Додека ги прегледувал резултатите на својот труд, на Мојсеја му се чинело дека животот, иако полн со искушенија и самопрегор, му поминал речиси напразно“ (Е. Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 471, 472 ориг.).

Во стихот 5. Мојсеева 34,4 читаме нешто многу интересно: „Ова е земјата за која им се заколнав на Авраам, Исак и Јаков дека ќе му ја дадам на твоето потомство“. Господ се послужил речиси со истите зборови кои секогаш одново им ги повторувал на патријарсите и на нивните деца, за тоа дека ќе им ја даде таа земја. А сега истото тоа му го говорел на Мојсеј.

Господ, исто така, рекол: „Дозволив да ја видиш со своите очи, но ти нема да поминеш онаму“ (5. Мојсеева 34,4, додаден курзив). Немало начин Мојсеј, стоејќи таму каде што бил, под нормални околности и со сопствени очи да види сè што му покажувал Господ – од Моав преку Дан до Нефтали и понатаму. Елена Вајт е јасна во тој поглед – тоа било натприродно откровение, не само на моменталниот изглед на таа земја, туку и на тоа како ќе изгледа откако ќе ја заземат.

**Во извесна смисла, речиси изгледа како Господ да си подигрува со Мојсеј, велејќи му: Можеше да бидеш овде ако едноставно ме послушаше како што треба – или слично. Меѓутоа, Господ всушност му покажал на Мојсеј дека и покрај сè, дури и покрај неговата грешка, Бог ќе остане верен на заветните ветувања што им ги дал на нивните татковци и на самиот Израел. Како што ќе видиме исто така, Господ имал нешто уште подобро во план за својот верен, но несовршен слуга.**

## ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА МОЈСЕЈ

„И Мојсеј, Господовиот слуга, почина таму во Моавската Земја по Господовата заповед. И Тој го погреба во долината во земјата спроти Вет-Фегор. До денешен ден никој не научи за неговиот гроб“ (5. Мојсеева 34,5.6). Така, во тие стихови е опишана смртта на Мојсеј – на човекот кој е толку важен за постоењето на Израел, чии списи и понатаму живеат не само во Израел, туку и во денешните цркви и синагоги.

Мојсеј умрел, погребан е, народот го оплакувал, и тоа било сè. Секако, овде важи принципот од книгата Откровение: „Блажени се мртвите кои отсега умираат во Господ! Да – вели Духот – нека се одморат од трудот свој, зашто делата нивни ги следат“ (Откровение 14,13).

Меѓутоа, описот на неговата смрт не бил последното поглавје од приказната за Мојсеевиот живот.

**Прочитајте Јуда 1,9. За што станува збор тука, и како тој текст помага да се објасни појавата на Мојсеј подоцна во Новиот завет?**

---

Иако ни е даден само делумен увид, колку неверојатен приказ е прикажан тука. Михаил, Христос лично, се препирал со ѓаволот за Мојсеевото тело. Како е можно да се препирал за него? Нема сомнеж дека Мојсеј бил грешник. Неговиот последен познат грев – присвојување на славата што Му припаѓала само на Бога – всушност бил истиот вид грев како оној: „Ќе се искачам до висините на облаците, ќе бидам рамен на Севишниот“ (Исаија 14,14) – поради кој, пред сè, и самиот Луцифер е исфрлен од небото. Спорењето околу неговото тело несомнено било можно само затоа што Христос сега го барал ветеното воскреснување за Мојсеј.

Но како можел да го направи тоа Христос за еден грешник, Мојсеј, за некој кој го прекршил Неговиот закон? Одговорот, бездруго, би можел да биде само крстот. Како што сите животински жртви однапред укажувале на Христовата смрт, така очигледно и Господ, гледајќи однапред кон крстот, го барал правото да го воскресне Мојсеовото тело. „Мојсеј поради гревот потпаднал под власт на сатаната. Според своите сопствени заслуги бил законит заробеник на смртта, но повикан е во бесмртен живот благодарение на правото што му го обезбедиле заслугите на Спасителот. Мојсеј станал прославен од гробот и се вознел во Божјиот град заедно со својот Ослободител“ (Е. Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 479 ориг.).

**Како тој извештај за Мојсеј ни помага да ја разбереме длабочината на планот на спасението – дека дури и пред крстот Мојсеј можел да биде кренат во бесмртност?**

## ВОСКРЕСЕНИЕ НА СИТЕ НАС

Со дополнителната светлина што ја имаме во Новиот завет, ускратувањето на можноста Мојсеј да влезе во Ветената земја, во крајна линија, и не ни изгледа баш како некаква казна. Наместо земскиот Ханан, а подоцна и земскиот Ерусалим (кој во текот на целата своја позната историја бил мегдан за војни, освојувања и страдања), „небесниот Ерусалим“ (Евреите 12,22) и денес е негов дом. Секако многу подобро престојувалиште!

Мојсеј е прв пример за воскреснување од мртви кој ни е познат од Библијата. Енох е земен на небото, без да види смрт (1. Мојсеева 5,24), а исто така и Илија (2. Царевите 2,11), но, барем според пишаните извештаи, Мојсеј е прв кој воскреснал во вечен живот.

Колку долго Мојсеј спиел во земјата, не знаеме, но што се однесува до него, тоа не е ни важно. Ги склопил очите во моментот на смртта, и без оглед дали поминале три часа или 300 години, за него тоа било исто. Тоа е исто за сите мртви низ целата историја. Нивното искуство, барем што се однесува на смртта, нема да се разликува од Мојсеевото. Ги затвораме очите пред смртта, а веќе следното на што сме свесни е или Исусовото доаѓање или, за жал, конечниот суд (да се види Откровение 20,7-15).

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 15,13-22. Кое големо ветување го наоѓаме тука и зошто Павловите зборови имаат смисла само ако сфатиме дека мртвите спијат во Христа до воскресението?**

---

Без надеж во воскресение, ние воопшто немаме никаква надеж. Христовото воскресение е гаранција за нашето. „Откако преку Себе ги очисти нашите гревови“ (Евреите 1,3) на крстот како наше жртвено Јагне, Христос умрел и воскреснал од мртвите, а благодарение на Неговото воскресение ние имаме гаранција за сопственото, при што Мојсеј е првиот пример на паднат човек кој воскреснал од мртвите. Благодарение на она што допрва ќе го стори Христос, Мојсеј воскреснал, а благодарение на она што Христос веќе го сторил, и ние исто така ќе бидеме воскреснати.

Така во Мојсеј наоѓаме пример за спасение со вера, вера која се покажала преку живот на верност и надеж во Бога, иако тој на крајот малку отстапил. Низ целата 5. книга Мојсеева, можеме да го видиме како настојува да го поттикне Божјиот народ на слична верност, на сличен одговор на благодатта која им била дадена – како што ни е дадена и нам, кои исто така се наоѓаме на границите на Ветената земја.

**Зар Бог, истиот Бог, не нѐ повикува и нас на верност? Што можеме да преземеме за да не ги правиме истите грешки на кои Мојсеј однапред нѐ предупредил во 5. Мојсеева?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Извикнувајќи во гнев: ’Можеме ли од оваа карпа да ви извадиме вода?’, се ставиле на местото на Бога, како тие сами да располагале со таа сила, иако имале свои слабости и страсти како и другите луѓе. Уморен од постојаното негодување и буни на народот, Мојсеј го загубил од вид својот семожен Помошник; лишен од божествената сила, ја извалкал историјата на својот живот покажувајќи човечка слабост. Човекот кој до крај на својот живот можел да остане чист, силен и несебичен, најпосле подлегнал. Бог бил обесчестен пред собирот на синовите Израелови, а требало да биде прославен и возвишен“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 418 оригинал).

„На Горaта на преобразувањето Мојсеј се појавил заедно со Илија кој бил вознесен без да вкуси смрт. Ги пратил Отецот на неговиот Син да му однесат светлина и слава. Така најпосле била примена молитвата на Мојсеја што ја упатил пред многу векови. Стапнал со своја нога на ’прекрасната гора’ (5. Мојсеева 3,25) која станала составен дел на наследството на неговиот народ и разговарал со Оној кон кого се сосредоточени сите ветувања дадени на Израел. Тоа била последна сцена откриена на човечкото око, односно на историјата на овој човек кого небото високо го ценело“ (Исто, стр. 479 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Да, во извесна смисла, Мојсеј воскреснал и е земен на небото набрзо по смртта. Но во исто време, кутриот Мојсеј (претпоставуваме) станува сведок на страшно безредие кое се одвива овде долу. Каква среќа е тоа што повеќето од нас ќе воскреснат дури откако ќе заврши целата борба на земјата, во најмала рака пред Второто доаѓање. Во која смисла тоа е сепак поголем благослов од она што го искусил Мојсеј?**
2. **На кој начин извештајот за Мојсеевата смрт и подоцна со воскресението ни покажува дека Новиот завет, иако во многу нешто заснован на Стариот, сепак нè води понатаму од Стариот завет и навистина фрла многу нова светлина на него?**
3. **Во која смисла извештајот за Мојсеевиот живот, вклучувајќи го и неговото удирање на карпата во настап на гнев, претставува пример за живеење со вера и спасение со вера, независно од делата на законот?**
4. **Разговарајте за ветеното воскресение на крајот на времето. Зошто тоа е од толку пресудна важност за сите наши надежи? Исто така, ако можеме да Му веруваме на Бога во врска со тоа – дека ќе нè подигне од мртвите, зар не би можеле да Му веруваме и во однос на сè друго? На крајот на краиштата, ако Тој е во состојба тоа да го стори за нас, тогаш што е тоа што Тој не би можел да го стори?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ОКТОМВРИ
## ОЧИСТЕНА ЦРКВА

### МОЛЧИ ПРЕД НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | ***Исаија 49,15.16.*** | *Мили на Божјето срце* |
| *2. Сабота* | ***Псалм 132,13.14.*** | *Градови засолништа* |

### ХРАМ ИЗГРАДЕН СО ЖРТВА

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | ***Исаија 43,2.*** | *Бог ќе се погрижи за својата црква* |
| *4. Понеделник* | ***Откровение 14,6.7.*** | *Порака на судниот ден* |
| *5. Вторник* | ***Евреите 10,35.36.*** | *Светлина низ темнина* |
| *6. Среда* | ***Откровение 14,8.*** | *Вавилон падна* |
| *7. Четврток* | ***Откровение 14,9.10.*** | *Последното свечено предупредување* |
| *8. Петок* | ***Откровение 7,2.3.*** | *Кој ќе го прими Божјиот печат* |
| *9. Сабота* | ***Ефесјаните 5,27.*** | *Божји идеал за неговата црква* |

### ИСУСОВАТА ДОБРОВОЛНА ЖРТВА

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | ***Откровение 12,12.*** | *Проверка на црквите* |
| *11. Понеделник* | ***Малахија 4,5.6.*** | *Илија и современата црква* |
| *12. Вторник* | ***Откровение 12,17.*** | *Црква што ја држи саботата* |
| *13. Среда* | ***1. Коринќаните 12,1.7.*** | *Дарови на Духот* |
| *14. Четврток* | ***Јоил 2,28.*** | *Зборовите на пророците во наше време* |
| *15. Петок* | ***Исаија 41,10.*** | *Не бој се, зашто Јас сум со тебе* |
| *16. Сабота* | ***Откровение 19,10.*** | *Исусовото сведоштво* |

### НЕБЕСНАТА СВЕТИЊА Е ОЧИСТЕНА

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | ***1. Солуњаните 5,19-21.*** | *Проверете сè* |
| *18. Понеделник* | ***Јован 13,16.*** | *Слуга Човечки* |
| *19. Вторник* | ***Јован 13,14.15.*** | *Исусовиот пример на понизност* |
| *20. Среда* | ***Јован 13,17.*** | *Доказ за преданоста* |
| *21. Четврток* | ***Лука 22,19.*** | *За Мој спомен* |
| *22. Петок* | ***Лука 22,20.*** | *Новиот завет во мојата крв* |
| *23. Сабота* | ***1. Коринќаните 11,26.*** | *„Секогаш, кога ќе го јадете овој леб...* |

### ВРЕМЕТО ИСТЕКУВА!

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | ***Колошаните 2,12.*** | *Христовото крштавање и страдање* |
| *25. Понеделник* | ***5. Мојсеева 28,9.10.*** | *Име што ни го дал Господ* |
| *26. Вторник* | ***Исаија 58,12.*** | *Градители, не уништувачи* |
| *27. Среда* | ***Откровение 3,18.*** | *Богатството на Лаодикеја* |
| *28. Четврток* | ***Откровение 14,12.*** | *Народ кој го држи Божјиот закон* |
| *29. Петок* | ***Матеј 24,14.*** | *Евангелието по целиот свет* |
| *30. Сабота* | ***Римјаните 8,32.*** | *Љубовта раѓа љубов* |

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | ***Матеј 16,18.*** | *Изградена на карпа* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – НОЕМВРИ
# СООЧУВАЊЕ СО КОНЕЧНАТА ПРОВЕРКА

## МОЛИТВА ЗА БОЛНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | ***Естира 4,14.*** | *За време како што е ова!* |
| *2. Вторник* | ***Јаков 4,7.8.*** | *Суровата сила на непријателот* |
| *3. Среда* | ***2. Коринќаните 2,11.*** | *Сигурноста е во исправното размислување* |
| *4. Четврток* | ***Јован 10,14.*** | *Проверка на гласовите на пастирот* |
| *5. Петок* | ***Јаков 5,16.*** | *Молитва за болните* |
| *6. Сабота* | ***Исаија 50,7.*** | *Духот на вистинско јунаштво* |

## СИГУРНОСТ ВО ИДНИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | ***1. Петрово 4,12.13.*** | *Проверка на нашата издржливост* |
| *8. Понеделник* | ***1. Солуњаните 5,6.*** | *Сигурност во будноста* |
| *9. Вторник* | ***3. Мојсеева 20,6.*** | *Мистичните гласови денес* |
| *10. Среда* | ***Колошаните 2,8.*** | *Опасен облик на лекување на умот* |
| *11. Четврток* | ***1. Тимотеј 6,20.*** | *Лажно наречен разум* |
| *12. Петок* | ***2. Тимотеј 4,3.*** | *Волци во јагнешка кожа* |
| *13. Сабота* | ***Исаија 50,10.*** | *Дали си во опасност?* |

## ДРЖИ СЕ ЗА БОЖЈАТА СИЛА

| | | |
|---|---|---|
| *14.Недела* | ***Исаија 27,5.*** | *Држи се за Божјата сила* |
| *15. Понеделник* | ***Даниел 12,10.*** | *Видливи и невидливи непријатели* |
| *16. Вторник* | ***Матеј 7,16.17.*** | *Вистински и лажни будења* |
| *17. Среда* | ***Дела 20,19.*** | *Солзи и судир* |
| *18. Четврток* | ***Јов 1,7.*** | *Физички напади на сатаната* |
| *19. Петок* | ***Јоил 3,14.*** | *Час на одлука* |
| *20. Сабота* | ***2. Тимотеј 3,12.*** | *Тешките денови на прогонство* |

## МЕЛОДИЈА ВО СРЦЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | ***1. Петрово 3,12.*** | *Сигурноста е само во послушноста* |
| *22. Понеделник* | ***Езекиел 34,26.*** | *Доаѓа уште една Педесетница!* |
| *23. Вторник* | ***Јоил 2,23.*** | *Раниот дожд на Божјиот дух* |
| *24. Среда* | ***Захарија 10,1.*** | *Излевање на позниот дожд* |
| *25. Четврток* | ***Откровение 18,1.*** | *Гласниот вик на третиот ангел* |
| *26. Петок* | ***Евреите 12,28.*** | *Непоколебливи во време на решетање* |
| *27. Сабота* | ***Амос 4,12.*** | *Подгответе се да се сретнете со Бога* |

## НЕПРЕСТАЈНО ГЛЕДАЈТЕ ГОРЕ!

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | ***Исаија 28,21.*** | *Необично Божје дело* |
| *29. Понеделник* | ***Даниел 12,1.*** | *Времето на неволја* |
| *30. Вторник* | ***Исаија 41,17.*** | *Седумте последни зла* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ

# ПОБЕДА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

### ЗНАЦИ НА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Лука 17,26.** | *Како што беше во времето на Ное* |
| *2. Четврток* | **1. Солуњаните 5,3.** | *„Кога ќе речат: мир...“* |
| *3. Петок* | **Софонија 1,14.** | *Знаци на копното и морето* |
| *4. Сабота* | **Матеј 24,32.33.** | *Знаци на небото* |

### ГОСПОД ИСУС ДОАЃА

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Откровение 1,3.** | *Проучувајте ги пророштвата* |
| *6. Понеделник* | **Матеј 24,4.5.** | *Врвен чин на измама* |
| *7. Вторник* | **Исаија 30,29.** | *Спасени од насилство* |
| *8. Среда* | **Тит 2,13.** | *Господ Исус доаѓа* |
| *9. Четврток* | **Псалм 50,3.4.** | *Царот лично се појавува* |
| *10. Петок* | **Евреите 11,5.** | *Подготовка за преобразување* |
| *11. Сабота* | **Дела 1,11.** | *„Овој Исус... ќе дојде пак“* |

### БОЖЈАТА ПРАВДА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Јаков 1,12.** | *Круна за секој свет* |
| *13. Понеделник* | **Откровение 10,1.2.** | *Сатаната е заробен* |
| *14. Вторник* | **1. Коринќаните 6,3.** | *Ние ќе им судиме на ангелите* |
| *15. Среда* | **Откровение 21,10.** | *Новиот Ерусалим се симнува од небото* |
| *16. Четврток* | **Филипјаните 2,10.11.** | *Исусовата надмоќ* |
| *17. Петок* | **Псалм 9,5.** | *Сатаната и злите се уништени* |
| *18. Сабота* | **Јован 12,48.** | *Божјата правда* |

### СМРТ НЕМА ДА ИМА ВЕЌЕ!

| | | |
|---|---|---|
| *19 . Недела* | **2. Коринќаните 4,17.** | *Слава преобилна од сè* |
| *20. Понеделник* | **Откровение 21,1.** | *Едемскиот живот* |
| *21. Вторник* | **Авакум 3,4.** | *Блескави зраци на славата* |
| *22. Среда* | **Откровение 21,4.** | *Смрт нема да има веќе!* |
| *23. Четврток* | **Откровение 21,23.** | *Метропола на целиот свет* |
| *24. Петок* | **1. Коринќаните 2,9.** | *Кога ќе се споредат двата света* |
| *25. Сабота* | **Откровение 21,7.** | *Блаженство на небото* |

### ТРКА ЗА ВЕЧНИОТ ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Марко 12,25.** | *Размислувања за идниот живот* |
| *27. Понеделник* | **Матеј 11,28.** | *Небото почнува на земјата* |
| *28. Вторник* | **Исаија 32,18.** | *Небото е реално место* |
| *29. Среда* | **Евреите 12,1.** | *Трка за вечниот живот* |
| *30. Четврток* | **Даниел 12,3.** | *Награда за оние што здобиваат души за Христа* |
| *31. Петок* | **Исаија 11,9.** | *Божјето познавање ја прекрива Земјата* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Октомври*

| | |
|---|---|
| 1. | Амос 1-3 |
| **2.** | 4-6 |
| | |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| 8. | Авакум 1-3 |
| **9.** | Софонија 1-3 |
| | |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| 15. | Малахија 1-4 |
| **16.** | Матеј 1-5 |
| | |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| 22. | 18-20 |
| **23.** | 21-25 |
| | |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| **30.** | Лука 1-3 |
| | |
| 31. | 4-6 |

## *Ноември*

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| 5. | 18-20 |
| **6.** | 21-22 |
| | |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| 12. | 13-15 |
| **13.** | 16-18 |
| | |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| **20.** | 16-18 |
| | |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-9 |
| **27.** | 10-12 |
| | |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## *Декември*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| 3. | 2. Кор. 1-5 |
| **4.** | 6-9 |
| | |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| 10. | Колошаните 1-4 |
| **11.** | 1. Солуњаните 2-5 |
| | |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 1. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| 17. | 6-9 |
| **18.** | 10-13 |
| | |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| 24. | 2. и 3. Јованово |
| **25.** | Јудино послание |
| | |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| 31. | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Октомври

1. Псалм 79.
**2**. Псалм 80.
3. Псалм 81.
4. Псалм 82.
5. Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
8. Псалм 86.
**9.** Псалм 87.
10. Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
12. Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
15. Псалм 90.
**16.** Псалм 91.
17. Псалм 92.
18. Псалм 93.
19. Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
22. Псалм 97.
**23.** Псалм 98.
24. Псалм 99.
25. Псалм 100.
26. Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
29. Псалм 103.
**30.** Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## Ноември

1. Псалм 105,1-15.
2. Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
5. Псалм 106,17-32.
**6.** Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
9. Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
12. Псалм 110.
**13.** Псалм 111.
14. Псалм 112.
15. Псалм 113.
16. Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
19. Псалм 117.
**20.** Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
23. Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
26. Псалм 119,57-90.
**27.** Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## Декември

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
3. Псалм 123.
**4.** Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
10. Псалм 130.
**11.** Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-14.
17. Псалм 136,15-26.
**18.** Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
24. Псалм 143.
**25.** Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
31. Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2021 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 18:12 | 18:00 | 17:48 | 17:38 | 17:28 |
| Колешино | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:37 | 17:28 |
| Стар Дојран | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:38 | 17:28 |
| Куманово | 18:15 | 18:03 | 17:51 | 17:41 | 17:31 |
| Неготино | 18:13 | 18:02 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Струмица | 18:11 | 18:00 | 17:48 | 17:38 | 17:28 |
| Кочани | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 17:28 |
| Велес | 18:15 | 18:03 | 17:51 | 17:41 | 17:31 |
| Кавадарци | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:31 |
| Дебар | 18:20 | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Скопје | 18:16 | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Битола | 18:17 | 18:05 | 17:54 | 17:44 | 17:34 |
| Кичево | 18:18 | 18:06 | 17:55 | 17:44 | 17:35 |
| Лаки | 18:11 | 17:59 | 17:48 | 17:37 | 17:27 |
| Чифлик | 18:13 | 18:01 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Штип | 18:13 | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 17:29 |
| Тетово | 18:18 | 18:06 | 17:54 | 17:44 | 17:34 |
| Јегуновце | 18:17 | 18:05 | 17:54 | 17:43 | 17:33 |
| Росоман | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:31 |
| Гевгелија | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:39 | 17:29 |
| Свети Николе | 18:14 | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Делчево | 18:10 | 17:59 | 17:47 | 17:37 | 17:27 |
| Валандово | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 17:29 |
| Охрид | 18:19 | 18:07 | 17:56 | 17:46 | 17:36 |
| Радовиш | 18:12 | 18:00 | 17:49 | 17:38 | 17:28 |
| Прилеп | 18:16 | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:33 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:01 |
| Колешино | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:02 |
| Стар Дојран | 16:20 | 16:12 | 16:07 | 16:03 |
| Куманово | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Неготино | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Струмица | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:02 |
| Кочани | 16:19 | 16:12 | 16:06 | 16:02 |
| Велес | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Кавадарци | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Дебар | 16:28 | 16:20 | 16:15 | 16:10 |
| Скопје | 16:23 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Битола | 16:26 | 16:18 | 16:13 | 16:08 |
| Кичево | 16:26 | 16:19 | 16:13 | 16:09 |
| Лаки | 16:19 | 16:11 | 16:05 | 16:01 |
| Чифлик | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Штип | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:03 |
| Тетово | 16:25 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |
| Јегуновце | 16:24 | 16:17 | 16:11 | 16:06 |
| Росоман | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Гевгелија | 16:21 | 16:13 | 16:08 | 16:04 |
| Свети Николе | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Делчево | 16:18 | 16:10 | 16:04 | 16:00 |
| Валандово | 16:20 | 16:13 | 16:07 | 16:03 |
| Охрид | 16:27 | 16:20 | 16:14 | 16:10 |
| Радовиш | 16:20 | 16:12 | 16:07 | 16:02 |
| Прилеп | 16:24 | 16:17 | 16:11 | 16:07 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ДЕКЕМВРИ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 15:59 | 15:58 | 16:00 | 16:03 |
| Колешино | 15:59 | 15:59 | 16:00 | 16:04 |
| Стар Дојран | 16:00 | 16:00 | 16:01 | 16:05 |
| Куманово | 16:01 | 16:01 | 16:02 | 16:06 |
| Неготино | 16:02 | 16:01 | 16:03 | 16:06 |
| Струмица | 16:00 | 15:59 | 16:01 | 16:04 |
| Кочани | 15:59 | 15:59 | 16:00 | 16:03 |
| Велес | 16:02 | 16:02 | 16:03 | 16:07 |
| Кавадарци | 16:02 | 16:02 | 16:03 | 16:07 |
| Дебар | 16:08 | 16:07 | 16:09 | 16:12 |
| Скопје | 16:03 | 16:02 | 16:04 | 16:07 |
| Битола | 16:06 | 16:06 | 16:07 | 16:11 |
| Кичево | 16:06 | 16:06 | 16:07 | 16:11 |
| Лаки | 15:59 | 15:58 | 16:00 | 16:03 |
| Чифлик | 16:02 | 16:01 | 16:03 | 16:06 |
| Штип | 16:01 | 16:00 | 16:02 | 16:05 |
| Тетово | 16:05 | 16:04 | 16:06 | 16:09 |
| Јегуновце | 16:04 | 16:03 | 16:05 | 16:08 |
| Росоман | 16:02 | 16:02 | 16:03 | 16:07 |
| Гевгелија | 16:01 | 16:01 | 16:02 | 16:06 |
| Свети Николе | 16:01 | 16:01 | 16:02 | 16:05 |
| Делчево | 15:58 | 15:57 | 15:59 | 16:02 |
| Валандово | 16:00 | 16:00 | 16:01 | 16:05 |
| Охрид | 16:08 | 16:08 | 16:09 | 16:12 |
| Радовиш | 16:00 | 15:59 | 16:01 | 16:04 |
| Прилеп | 16:04 | 16:04 | 16:05 | 16:09 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# СЕВЕРНОАЗИСКА ПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ПОПУЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Атлантска унија | 600 | 76 | 125.629 | 35.186.917 |
| Канада | 391 | 80 | 72.289 | 37.419.000 |
| Колумбиска унија | 740 | 101 | 145.394 | 52.190.829 |
| Унија Лејк | 504 | 56 | 88.475 | 35.797.364 |
| Средноамериканска унија | 458 | 64 | 64.589 | 27.954.972 |
| Северна пацифичка унија | 446 | 61 | 102.354 | 15.125.897 |
| Пацифичка унија | 713 | 91 | 222.741 | 54.601.558 |
| Јужна унија | 1.149 | 211 | 301.359 | 66.182.135 |
| Југозападна унија | 585 | 110 | 122.159 | 42.174.329 |
| Мисија Гвам-Микронезија | 22 | 15 | 5.805 | 414.000 |
| **ВКУПНО** | **5.608** | **865** | **1.250.794** | **367.050.001** |

## ПРОЕКТИ:

1. Сместување за вработените во школата Палау, Палау
2. Втора фаза од повеќенаменската сала во школата Холбрук, САД
3. Цркви и стипендии за бегалци, Канада и САД
4. Црква и социјален центар, Иглолик, Канада.